**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**

**од Шеесет и деветтата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 10 септември 2007 година**

Седницата се одржа во Собранието на Република Македонија, сала 1, со почеток во 11,14 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше господинот Бесим Догани, потпретседател на Собранието на Република Македонија.

**Бесим Догани:** Ги молам пратениците да влезат во салата и да ги завземат своите места.

Господа пратеници, ја отворам 69-тата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците: Весна Јаневска, Данаил Дончев, Љубчо Георгиевски, Али Ахмети, Фазли Велију, Арбен Џафери и Абдулади Вејсели, ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

Ве молам да притиснеме едно од копчињата на системот за гласање за да го утврдиме бројот на присутните пратеници во салата.

Бидејќи само 54 пратеници го искористија системот на гласање, ги молам службите да ни достават точен број на присутни пратеници во салата.

На седницата присуствуваат 80 пратеници.

Констатирам дека на седницата присуствува мнозинството пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува.

На седницата се поканети претседателот на Република Македонија, претседателот и членовите на Владата на Република Македонија, претседателот на Комисијата за хартии од вредност.

Владата на Република Македонија согласно член 183 став 4 од Законот за хартии од вредност ја достави писмената изјава за оставката на претседателот на Комисијата за хартии од вредност доктор Весна Пендовска.

Писмената изјава за оставката на претседателот на Комисијата за хартии од вредност госпоѓа Весна Пендовска ви е доставена. Согласно член 111 став 1 од Деловникот на Собранието на Република Македонија доктор Весна Пендовска може да ја образложи оставката во траење од 15 минути.

До моментот не сум известен дека доктор Весна Пендовска има намера да ја образложи оставката на седницата на Собранието.

Констатирам дека на претседателот на Комисијата за хартии од вредност доктор Весна Пендовска и престанува мандатот.

За денешната седница го предлагам следниот дневен ред:

1.Предлог за избор на претседател на Комисијата за хартии од вредност;

2. Предлог за донесување на закон за ратификација на Договорот помеѓу Владата на Република Македонија и Владата на Италијанската Република за консолидација и отплата на одредени долгови, со Предлог на закон;

3..0 Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот на изборниот законик, со Предлог на закон.

4. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за заштита на културното наследство, со Предлог на закон;

5. Предлог за донесување на закон за постапување по преставки и предлози;

6. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за данокот на додадена вредност, со Предлог на закон;

7. Предлог за донесување на закон за дополнување на Законот за управната инспекција, со Предлог на закон;

8. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за судовите, со Предлог на закон;

9. Предлог за донесување на закон за дополнување на Законот за внатрешни работи, со Предлог на закон;

10. Предлог за донесување на закон за изменување на Законот за данокот на додадена вредност, со Предлог на закон;

11. Предлог за донесување на закон за изменување на закон за архивската граѓа, со Предлог на закон;

12. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за тутун и тутунски производи, со Предлог на закон;

13. Предлог за донесување на закон за шумарската и ловна инспекција, со Предлог на закон;

14. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за спорт, со Предлог на закон;

15. Предлог за донесување на закон за изменување на Законот за просветна инспекција, со Предлог на закон;

16. Предлог за донесување на закон за изменување на Законот за правата на претседателот на Република Македонија и неговото семејство по престанување на функцијата, со Предлог на закон;

17. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за акцизите, со Предлог на закон;

18. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за девизно работење, со Предлог на закон;

19. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за задолжетелно осигурување во сообраќајот, со Предлог на закон;

20. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за лизинг, со Предлог на закон;

21. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за семејство, со Предлог на закон;

22. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за Владата на Република Македонија , со Предлог на закон;

23. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за вработување и осигурување во случај на невработеност, со Предлог на закон;

24. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за пензиско и инвалидско осигурување, со Предлог на закон и

25. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за регистрирање на готовински плаќања, со Предлог на закон.

Дали има некој предлог за изменување на предложениот дневен ред.

Има збор господинот Павле Трајанов.

**Павле Трајанов:** Јас се јавив за збор процедурално.

Почитуван потпретседателе, почитувани пратеници,

Со оглед на тоа што има многу информации околу случувањето во текот на ноќта, при што дошло до судир помеѓу единиците на полицијата и една група, предлагам Парламентот да побара од Владата на Република Македонија информација за овие случувања, бидејќи повеќе од јасно е дека во овој настан има и настрадани лица, загинале, меѓу нив и припадник на полицијата или командир на една полициска станица. Мислам дека тоа е командирот на полициската станица Матејче, па поради тоа предлагам Парламентот да побара од Владата на Република Македонија информација која ќе даде целосни податоци што се случило и што превзема Владата на Република Македонија во оваа насока. Благодарам.

**Бесим Догани:** Благодарам господине Трајанов, има два начина, или ова ваше барање да го изгласаме да оди како барање од Парламентот, или преку претседателот на Парламентот може писмено да побараме ...

**Павле Трајанов:** Предлагам Парламентот да донесе заклучок Владата на Република Македонија најитно да достави информација за случувањата во близина на Ваксинце, Слупчане, односно во околината на Куманово, бидејќи мислам дека на овој начин ќе ја обврзаме Владата побрзо да реагира.

Претседателот на Собранието и другите функционери добиваат информации секој ден, веројатно претседателот на Собранието веќе има таква информација, но за да добие Владата обврска треба Парламентот да донесе ваков заклучок.

**Бесим Догани:** Благодарам господине Трајанов.

Јас може вашиот предлог да го ставам на гласање.

(Некои пратеници бараат збор процедурално)

Може службите да ни подготват заклучок за кој после ќе разговараме заеднички.

(И понатаму некои пратеници бараат збор процедурално)

Сите сте за процедурално?

Предлогот на Трајанов го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

(Некои пратеници реагираат од место)

За предлогот на господинот Трајанов гласале 56 пратеници, од нив 54 гласасле за, воздржано 1 и 1 против.

Констатирам дека предлогот на господинот Трајанов е прифатен.

Во меѓувреме службите ќе подготват Предлог на заклучок во име на Парламентот за кој можеме после да дискутираме и да го изгласаме.

Има збор госпоѓа Радмила Шекеринска, повелете.

**Радмила Шекеринска:** Почитуван потпретседателе, мислам дека е срамота денеска Собранието да глуми нормалност и да бараме денеска информација која што ќе ја добиеме по две недели и ќе ја дискутираме по два месеци.

Ова Собрание имаше шанса пред повеќе недели да реагира и да каже дека во Македонија работите не одат на добро, ама парламентарното мнозинство тогаш одлучи да молчи. Кога се случија настаните во Танушевци, кога излегоа информации дека одредени групи се присутни и во просторот на Тетово и во просторот околу границата и во определени делови на македонската територија полицијата или не може да влезе или има проблеми кога влегува, вие велевте дека тоа се само измислици на опозицијата. Јас се сеќавам во неколку наврати како апелиравме и апелирам до пратениците на парламентарното мнозинство да не си играат со вакви работи. Македонија веќе се опече еднаш од лошото искуство со една ваква многу слична неодговорна власт. тогаш беше време да се бара информација, ама тогаш само опозицијата бараше информација. Тогаш баравме и Владата и Министерството да реагира и да не информира какви се тие проблеми и како планира да одговори.

Единственото нешто тогаш што го добивме е молк. Денеска е срамота господине Павле Трајанов да барате информација бидејќи времето на информации истече, за жал. Заради тоа господине потпретседател мислам дека пратениците треба малку да имаат осет за моментот во кој што се наоѓаме. Полицијата во Ваксинце во рафална стрелба е нападната. Еден командант е загинат.

Господа пратеници имајте малку осет за тоа во каква ситуација ова Собрание работи. Двајца припадници на полицијата се тешко повредени. Не знаеме веќе што се случува таму. Не знаеме што се случува таму и не знаеме какви се последици може да има тоа за Македонија. И вие се однесувате на ист неодговорен начин, на ист неодговорен начин како пред два месеци како кога се потсмевавте со барањето на опозицијата.

Затоа господине потпретседателе мојот предлог е поинаков.

Мислам дека овде Собранието треба да стави точка, итно да го повика и премиерот и министерот за внатрешни работи, оние кои што имаат време да даваат интервју и да тврдат дека безбедносната ситуација и без никакви проблеми, денеска да ни кажат како во Македонија повторно ни се случуваат вакви лоши работи. Затоа повикувам малку парламентарното мнозинство да се освести. Ако пред неколку недели бевте несериозни и велевте дека опозицијата или некој во јавноста измислува...

**Бесим Догани:** Благодарам госпоѓо Шекеринска.

**Радмила Шекеринска:** Денеска се покажа дека сте биле неодговорни.

Време е неодговорноста да запре.

**Бесим Догани:** Ако добро ве сфатив вашето барање е да се прекине денешната седница.

**Радмила Шекеринска:** Да ги повикаме премиерот и министерот за внатрешни работи итно на посебна седница за ова да дискутираме.

**Бесим Догани:** Бидејќи имате барање легитимно, јас барањето на госпоѓа Шекеринска - денешната седница да се прекине, на место неа да се одржи итна седница во присуство на премиерот и на други членови на Владата го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 89 пратеници. Од нив 37 гласале за, 5 воздржано и против 47.

Констатирам дека предлогот на госпоѓа Шекеринска не е прифатен.

Одиме понатаму, пратеникот Лазар Китановски се јави за збор процедурално.

**Лазар Китановски:** Господине потпретседателе на Собранието, господа од Владата, почитувани колеги,

Последен пат, ми се чини пред десетина дена укажав на можниот негативен развој на безбедноста во Република Македонија. Овде се смешкаа од првиот ред, дури мислам дека господинот Трајанов реагираше после мене дека не е точно, некои од ВМРО-ДПМНЕ исто така реагираше, што да ви правам кога не ве бива за голема политика. И тогаш така реагиравте, смирете се малку, слушајте ме.

(Реакција на пратениците од место)

Слушајте ме. Со деца држава не се прави. Тоа е проблемот со оваа Влада.

(И понатаму реакција од пратениците од место)

Не е вреѓање, затоа што загина човек ноќеска, загина затоа што вие не сте спремни да превземете мерки. И двајца ранети. Што треба, треба ли да ви нацртам? Има 4 групи во Република Македонија кои делуваат. Минатиот пат зборував општо, ќе ви кажам сега конкретно. Неколку групи се Танушевци, Лојане, Ваксинце. Четвртата група е према шарскиот предел.

Мојот предлог е веднаш да се прекине оваа седница, да дојде веднаш министерот за внатрешни работи и премиерот да дадат објаснвуање да кажат што превземале. Јас колку што се сеќавам последен пат зборував пред десетина дена. Имаше време да се превземат многу мерки. Се плашам да не ни се повтори некоја ситуација од минатите години. Ве молам бидете сериозни. Зад секое притискање на копчето стои политички став, меѓутоа стои став во интерес на државата. Гинат полицајци без разлика македонци или албанци. Зошто? Затоа што Владата не реагира на време. Дали со политички средства, може и со политички средства. Не велам јас дека секогаш треба со вооружени средства. Има политички, па може и со дејствување на разни начини. Вие се смеевет овде. Јас не можев да го сфатам ова навистина. Дајте малку освестете се додека не биде доцна. Колку полицајци треба да загинат, па да дојде министерката само не да каже дека полицијата делува во согласно со законот. Ве молам секое Министерство мора да делува согласно со законот. Друго ништо не знае да каже. Премиерот избегнува да зборува за оваа тема. Не сакам да кобам, меѓутоа ситуацијата е таква што мислам дека треба да се прекине оваа седница, да дојде премиерот и министерот за внатрешни работ.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Китановски.

**Лазар Китановски:** Јас ви кажав каква е состојбата, што превземале, дали имаат планови...

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Китановски.

**Лазар Китановски:** Дали ги превземале сите законски мерки и по Устав, и по закон мора да превземат мерки. Да кажат превземале или ќе превземат. Не можеме да процениме ние.

**Бесим Догани:** Ве молам не се грижите, нема ништо да се повтори господине Китановки, седете уживајте.

**Лазар Китановски:** Ова не неверојатно. Тоа значи ли дека вие сте нарачале?

Од каде вие знаете дека нема да се случи?

**Бесим Догани:** Ве молам, напуштете ја говорницата, вашето време измина.

**Лазар Китановски:** Господин потпретседател ве молам, ваква изјава е срамна.

**Бесим Догани:** Ве молам прекинете го господинот Китановски.

(И покрај тоа што е исклучен микрофонот на господинот Китановски тој и понатаму зборува на говорница)

Господине Китановски, ве молам ова е Парламент има Деловник, има време траење на дискусија, не можете самоволно вие да говорите колку ви е желба. Ве молам.

Освен тоа господине Китановски мислам дека им должите извинување на пратениците кои за вас изгледаат деца и затоа избортете се да го промените изборниот законик и да не пуштате млади луѓе да се кандидираат за пратеници, ако мислите дека..

Што се однесува до вашиот предлог мислам дека е ист со предлогот на госпоѓа Шекеринска, така да мислам дека не би требало да го ставам на гласање.

Три минути процедурално за господинот Игор Ивановски.

**Игор Ивановски:** Благодарам потпретседателе.

Ситуацијата е многу сериозна. Не од денеска, таа е многу сериозна и загрижувачка од поодамна. Ако во најмала рака пратениците од ВМРО-ДПМНЕ гласаа против тоа за таа ситуација да се расприва денеска барем да имаат минимум чувство и со загриженост барем да глумат дека навистина се загрижени за цалата ситуација.

Во изминатите неколку дена, повеќе од десетина дена во континуитет поставуваме отворени прашања до министерката за внатрешни работи и премиерот. Последната епизода на седницата за пратенички прашања каде што многу загрижено, со аргументи и факти говоревме за тоа како Министерството за внатрешни работи дозволи еден тежок криминалец да избега од затворот Идризово и да биде токму во овој регион. Разговаравме за тао дали во Република Македонија имаше или немаше терористички чин, разговаравме за можносите и предупредувавме дека вакви немили настани можат да се случат. Тие се гледат од сателити.

Во таквата ситуација министерката за внатрешни работи возврати со цинични насмевки велејќи дека некој и врши политички пиртисок, бара оставка однесуваајќи се несериозно и не на висината на проблемот на Република Македонија.

Денеска ние мораме заради јавноста и заради државата да дадеме конкретни одговори. Ситуацијата во пресрет на финалната фаза за решавање на статусот на Косово врие. Имаме сериозни проблеми со меѓуетничките односи внаре во Република Македонија. Да не дозволиме огинот кој што веќе постои да се разпламти до ситуација каде што нема враќање назад.

Да ве потсетам дека истиот оној нарачател на една фарса, господинот Павле Трајанов му побегнаа едни трактори во 2001 година, или 2000-тата па се случи тоа што се случи.

Значи, господине потпретседателе Република Македонија има кршлив мир и стабилност и безбедност во изминатиот период. Тоа треба да се констатира. Не во Утрински весник, не во изјави од страна на министерката, ноншалантни, каде што ќе демантира работи кои што се видливи и јасни за сите, туку тука на многу сериозен начин да разговараме. Можеме тоа да го направиме и на затворена седница, ако сакате, бидејќи очигледно е дека не сакате некои работи да бидат слушати од јавноста и од медиумите, но за тие работи мораме да разговараме бидејќи вчера вечер еден припадник на Министерството за внатрешни работи го загуби својот живот.

Токму затоа, јас предлагам прва точка на оваа седница да биде расправата за последните случувања во Ваксинце и репрекусиите по безбедносната ситуција во Република Македонија. Очекувам дека владеачкото мнозинство ќе сфати дека има многу побитни работи од расправа за некој изборен законик, бидејќи ситуцаијата е многу лоша.

**Бесим Догани:** Ви благодарам.

Јас ќе го ставам вашиот предлог на гласање, иако предлогот на господинот Трајанов веќе се изгласа.

Предлогот на господинот Игор Ивановски, прва точка на дневен ред да се постави информацијата околку случувањата, безбедносните случувања, или како...

Ако сакате може да го дефинирате како барање, ако не може и вака да стои.

Повелете.

**Игор Ивановски:** Расправа за последните случувања во Ваксинце и влијанието на безбедносната ситуцаија во Република Македонија.

**Бесим Догани:** Во ред.

Барањето на господинот Ивановски го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

За предогот на господинот Игор Ивановски гласале 83 пратецици, од нив 36 гласале за, 2 воздржано и против 45.

Констатирам дека предлогот на господинот Ивановаски не е прифатен.

Пред да продолжиме со процедурално, јас најпрвин би ве замолил...

Господинот Макрадули бара збор процедурално.

Ве молам, господине Макрадули.

(Јани Макрадули од место објаснува дека бара збор процедурално во врска со гласањето)

Повелете.

**Јани Макрадули:** Се надевам нема да го изгубам редот.

Почитуван потпретседателе, бидејќи разликата од потребните гласови е плус, минус пет, барам поименично гласање за последниот чин на гласање.

(Реакција на некои пратеници од место)

**Бесим Догани:** Има право господинот Макрадули.

(И понатаму реакција на пратениците)

Ги молам службите да подготват поединечно гласање.

За збор се јави пратеникот Илија Китаноски.

**Илија Китаноски:** Почитуван потпретседателе.

Апсолутно, согласно Деловникот нема можност за поединачно гласање, инаку не е проблем и тоа, заради овие причини. бидејќи вкупно гласале 84 пратеници. За да помине предлогот треба да има 40 и кусур гласови. Значи, разликата е повеќе од 5%. Значи, разликата од оние што гласале до потребниот број е повеќе од 5 пратеници. Тоа е проста математика. Во овој случај разликата е повеќе од 5 пратеници.

(Јани Макрадули од место префрлува - "или помалку од 5")

Не е "или" туку е помалку од пет.

Го прочитав Деловникот и во Деловникот јасно стои. Ако имате 41 глас тогаш...

**Бесим Догани:** Еве, јас ќе го прочитам.

"Поименично изјаснување може да се врши заради точното утврдување на резултатот од гласањето по барање на претседателот на Собранието или на еден пратеник чие барање го подржуваат најмалку 10 пратеници, само ако по предлогот за кој се гласало добил до пет гласови повеќе или помалку од потребниот број гласови за негово донесување"

Во овој случај имаме 36 гласови против.

**Илија Китановски:** Од 84 потпретседателе, половина колку е?

(Реакција на пратениците од салата).

84 гласаа, вратете го листингот да видите колку гласале.

**Бесим Догани:** Гласањето е 36, 2, 45.

Ве молам, Деловникот не е концизен во многу членови, така да во овој случај ќе мора да извршиме поединечно гласање.

Ги молам службите да извршат поединечно гласање.

**Жарко Денковски:**

| | |
|---|---|
| Авировиќ Владанка | против |
| Адеми Џеват | за |
| Ајдини Насер | против |
| Алити Рафис | за |
| Анастасовски Иван | за |
| Андов Стојан | за |
| Андоновска Марија | против |
| Арифи Теута | за |
| Ахмети Али | отсутен |
| Бендевска Весна | за |
| Беџети Блерим | за |
| Бонева Силвана | против |
| Божиновска Валентина | воздржана |
| Бучковски Владо | за |
| Буџаку Агрон | за |
| Вејсели Абдулади | отсутен |
| Велиу Фазли | отсутен |
| Вељаноски Трајко | отсутен |
| Витанов Зоран | за |
| Георгиевски Љубиша | отсутен |
| Георгиевски Љубчо | отсутен |
| Кире Гештаковски | за |
| Ѓелова Стојанова Соња | против |
| Герамитчиоски Тале | за |
| Гинев Јован | против |
| Грковска Славица | за |
| Грозданов Цветко | против |
| Дамески Панче | против |
| Даневски Томе | против |
| Деркоски Оливер | против |
| Димеска Катерина | против |
| Димитриевски Дарко | против |
| Димитровски Ратко | против |
| Димовски Илија | против |
| Догани Бесим | против |
| Додовски Марјан | отсутен |
| Дончев Данаил | отсутен |
| Дулиќ Благородна | против |
| Дураки Садула | отсутен |
| Ѓорѓеска Ружа | против |
| Ѓорѓиевски Веле | против |
| Ѓорчев Владимир | против |
| Жерновски Андреј | за |
| Зашов Благој | за |
| Ибиши Хазбије | против |
| Иванов Љубисав-Ѕинго | против |
| Иванова Цветанка | за |
| Ивановска Јаготка | против |
| Ивановски Игор | за |
| Јакимовска Светлана | против |
| Јакупи Зумрете | за |
| Јаневска Весна | отсутна |
| Јашари Аднан | за |
| Каба Гарип | против |
| Кадри Фљора | против |
| Киров Ацо | за |
| Кипаризовска Крстеска Анита | против |
| Китаноски Илија | против |
| Китаноски Лазар | за |
| Кондарко Борис | за |
| Коцев Ванчо | против |
| Крстевски Стојче | против |
| Куновска Јагнула | против |
| Лалчевска Ристана | за |
| Макрадули Јани | за |
| Манасијевски Јован | за |
| Маркоски Гоце | против |

| | |
|---|---|
| Матоши Ружди | против |
| Мисовски Горан | за |
| Митаноски Веле | за |
| Митрева Илинка | за |
| Мери Младеновска Георгиевска | за |
| Мустафа Нeждет | за |
| Најдовски Слободан | за |
| Незири Хади | воздржан |
| Незири Сафет | за |
| Николов Марјанчо | за |
| Николоски Александар | против |
| Оровчанец Ѓорѓи | отсутен |
| Пачемски Миле | против |
| Пенов Ристо | за |
| Петковски Тито | за |
| Петрески Зоран | против |
| Петров Горан | против |
| Положани Азиз | за |
| Поп Арсов Петар | против |
| Поповска Лилјана | воздржана, поради немање на материјал |
| Поповски Никола | за |
| Рамадани Агим | против |
| Рахиќ Есад | за |
| Реџепи Даут | отсутен |
| Рилкоски Никола | за |
| Салију Селвије | за |
| Салиу Шабан | за |
| Секуловска Мирјана | отсутна |
| Селмани Ајше | за |
| Селмани Елмазе | против |
| Серафимов Влатко | за |
| Спасеновски Александар | против |
| Спасовски Оливер | за |
| Станчевска Нада | против |
| Стефановска Анета | против |
| Стоилковиќ Иван | за |
| Стојанов Ристо | против |
| Сулејмани Фадил | отсутен |
| Танчева Тулиева Надица | против |
| Тачи Мендух | за |
| Ташева Виолета | против |
| Топузова-Каревска Роза | за |
| Трајанов Павле | против |
| Ќуркчиев Никола | за |
| Филипова Верица | за |
| Хасипи Кенан | воздржан |
| Хани Тахир | за |
| Цаноски Фијат | отсутен |
| Цветковска Благородна | за |
| Џафери Арбен | отсутен |
| Шамбевски Оливер | против |
| Шекеринска Радмила | за |
| Шутаров Васко | против |

**Бесим Догани:** За предлогот гласале вкупно 93 пратеници. Од нив 51 гласале за, 48 против и 4 воздржни.

Констатирам дека предлогот е прифатен според поединечното гласање.

Објавувам пауза 15 минути за да го подготват службите текстот.

Пауза од 12,01 часот.

(По паузата седницата продолжи со работа во 13,52 часот)

**Љубиша Георгиевски:** Почитувани пратеници објавувам пауза до 15,00 часот.

(Пауза од 13,52 часот)

(По паузата седницата продолжи со работа во 15,18 часот).

**Љубиша Георгиевски:** Ги молам пратениците да влезат во салата и да си ги заземат своите места.

Ги молам службите да достават точен број на присутни пратеници во салата.

Продолжуваме со седницата.

За денешната седница го предлагам следниот дневен ред:

1.Информација за последните случувања во Ваксинце и рефлексии по безбедносната ситуација во Република Македонија;

2.Предлог за избор на претседател на Комисијата за хартии од вредност;

3.Предлог за донесување на закон за ратификација на Договорот помеѓу Владата на Република Македонија и Владата на Италијанската Република за консолидација и отплата на одредени долгови, со Предлог на закон;

4.Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот на изборниот законик, со Предлог на закон.

5.Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за заштита на културното наследство, со Предлог на закон;

6.Предлог за донесување на закон за постапување по преставки и предлози;

7.Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за данокот на додадена вредност, со Предлог на закон;

8.Предлог за донесување на закон за дополнување на Законот за управната инспекција, со Предлог на закон;

9.Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за судовите, со Предлог на закон;

10.Предлог за донесување на закон за дополнување на Законот за внатрешни работи, со Предлог на закон;

11.Предлог за донесување на закон за изменување на Законот за данокот на додадена вредност, со Предлог на закон;

12.Предлог за донесување на закон за изменување на закон за архивската граѓа, со Предлог на закон;

13.Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за тутун и тутунски производи, со Предлог на закон;

14.Предлог за донесување на закон за шумарската и ловна инспекција, со Предлог на закон;

15.Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за спорт, со Предлог на закон;

16.Предлог за донесување на закон за изменување на Законот за просветна инспекција, со Предлог на закон;

17.Предлог за донесување на закон за изменување на Законот за правата на претседателот на Република Македонија и неговото семејство по престанување на функцијата, со Предлог на закон;

18.Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за акцизите, со Предлог на закон;

19.Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за девизно работење, со Предлог на закон;

20.Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за задолжетелно осигурување во сообраќајот, со Предлог на закон;

21.Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за лизинг, со Предлог на закон;

22.Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за семејство, со Предлог на закон;

23.Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за Владата на Република Македонија , со Предлог на закон;

24.Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за вработување и осигурување во случај на невработеност, со Предлог на закон;

25.Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за пензиско и инвалидско осигурување, со Предлог на закон и

26.Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за регистрирање на готовински плаќања, со Предлог на закон.

Дали има некој предлог за изменување на предложениот дневен ред.

Повелете господине Макрадули.

**Јани Макрадули:** Благодарам почитуван претседателе.

Во име на пратеничката група на СДСМ би сакал да дадам предлог, согласно член 73 од Деловникот за работа на Собранието, за симнување на точката 4 од дневниот ред и затоа би го дал следното образложение:

Овие денови македонската јавност е сведок дека за прв пат во овие 16 години во Република Македонија Владата и премиерот Груевски одлучи да достави изборен законик без пошироки консултации со политичките партии. Од друга страна, вчера од средствата за јавно информирање добивме информација дека и ОДХР, институцијата која се грижи за мониторинг на изборите и од чиј извештај зависи нашата подготвеност за приближување кон Европската унија, воопшто не била консултирана и не знае што се случува. Покрај тоа, сметаме дека наводните најави или апели од страна на премиерот Никола Груевски се всушност фарса и сакаат да се заматат некои работи. Имено, до колку навистина премиерот Груевски е искрен и навистина сака да се грижи за етничките заедници, јавно прашуваме зошто истото не го направи кога веднаш, откако дојде како премиер на оваа Влада и го поднесе првиот предлог на изборен законик, етничките заедници немаа свои загарантирани места во првичниот предлог на Владата. Очигледно е и на сите им станува јасно дека премиерот ги користи помалите етнички заедници како маша со која единствено сака да избере членови на Судскиот совет, по мерка на власта. Затоа сметаме дека, како што било ред и порано, како што секој премиер во изминатите 16 години, без разлика од која политичка партија бил, направил така, да ги повика не само политичките партии од Парламентот, туку како што се правело и секогаш и со политичките партии кои во овој момент не се во Парламентот и да се добие еден општ консензус, да се преточат препораките на ОДХР за трансфер на избирачкиот список кон Изборната комисија, а не во рацете на Министерството за правда и во еден таков заеднички консензус обезбедиме демократски избори во Република Македонија.

Да повторам, во име на пратеничката група на СДСМ барам точката 4 да се симне од дневниот ред. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Предлогот на господинот Јани Макрадули го ставам на гласање.

Кој е за точката 4 да се симне од дневниот ред?

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 86 пратеници, за предлогот на господинот Макрадули гласале 29, воздржани нема, против 57.

Констатирам дека предлогот не е усвоен.

Дали има некој друг предлог за изменување на дневниот ред?

Повелете господине Николов.

**Марјанчо Николов:** Благодарам.

Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници, врз основа на член 73 од Деловникот на Собранието на Република Македонија, предлагам гочката 25 - Предлог за донесување на закон за изменување на Законот за пензиско и инвалидско осигурување, со Предлог на закон, да биде точка 4 од денешниот дневен ред, бидејќи се работи за Законот за пензиско и инвалидско осигурување, со кој се предлага да продолжат да важат условите за пензионирање, кои важеа до 31 август о.г. односно во пензија да може да се заминува после 1 септември и врз основа на стаж односно 35 години за жени и 40 години за мажи.

Цениме дека со усвојувањето на овој Предлог-закон во значителна мера ќе им се помогне на голем број граѓани на Република Македонија кои не можат сега по овој основ односно по основот на стаж да го остварат своето право на пензија и тоа за многу малку денови, во некои случаи се работи дури и за три, за пет или за 10 дена.

Сметаме дека досегашната реформа на пензискиот систем даде добри резултати и дека во финансиското работење на Фондот за ПИОМ има можности оваа промена да важи до 2010 година односно граѓаните да можат да заминуваат во пензија по основ на стаж до 2010 година.

За ова прашање се отвори дебата во јавноста. Има доста иницијативи. До нас како пратеници, исто така голем број на граѓани побараа оваа иницијатива да продолжи. Исто така собрани се над 10 илјади потписи од граѓани кои даваат поддршка на овој предлог за измена и дополнување на Законот за ПИОМ.

Апелирам и барам од колегите пратеници да го прифатат ова барање и на тој начин да им овозможат на голем број граѓани на Република Македонија да го остварат своето право на пензија и по основ на работен стаж, не само врз основа на годините на старост.

Сметаме дека на тој начин ќе се докаже дека Република Македонија е навистина држава која се грижи за социјална правда и сигурност на своите граѓани.

Апелирам за поддршка на предлогот.

**Љубиша Георгиевски:** Господине Николов, ценејќи ја вашата експликација за оваа рокада која ја предлагате, мислам дека таква деловничка можност доаѓа откако ќе се усвои дневниот ред. Значи откако ќе се усвои дневниот ред после доаѓаат деловничките можности за рокади и таа тогаш ќе дојде на ред.

Предложениот дневен ред го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 65 пратеника, за галсале 58, воздржани 1, против 6.

Констатирам дека е усвоен предложениот дневен ред.

Сега одиме на рокадите во дневниот ред.

Господине Николов формулирајте го уште еднаш вашиот предлог за да можат пратениците коректно да гласаат.

**Марјанчо Николов:** Благодарам.

Предлагам точката 25, мислам дека е во новиот дневен ред, Предлог за донесување на закон за изменување на Законот за пензиско и инвалидско осигурување, со Предлог на закон, со кој ќе се овозможи заминувањето во пензија да продолжи и после 1 септември, по основ и на работен стаж а не само врз основа на старост, да биде точка 4 од оваа седница или од овој дневен ред што се усвои, бидејќи времето веќе одмина, 1 септември е веќе далеку зад нас, а граѓаните не можат да го остварат своето право за пензија токму затоа што престана да важи овој закон.

**Љубиша Георгиевски:** Ќе ми дозволите, за да биде поконцизен предлогот за гласање да кажам сумарно дека предлогот на господинот Николов е точката 25 да стане точла 4.

Кој е за предлогот на господин Марјанчо Николов?

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 85 пратеници, за гласале 33, воздржан нема, против 52.

Констатирам дека предлогот на господинот Николов не е усвоен.

Дали има други предлози?

Повелете господине Вељаноски, вашиот предлог.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам претседателе.

Мојот предлог е, точката 7, Предлог за донесување закон за изменување и дополнување на Законот за додадена вредност, со Предлог на закон да биде точка 4, а истовремено и точка 23 - Предлог за донесување на закон за дополнување на Законот за Влада на Република Македонија, со Предлог на закон, да биде точа 5. После тоа редоследот на точките да биде така како што се наведени, односно точка 6 да биде изборниот законит и другите натаму.

Тоа го предлагам со една единствена цел, со оглед на тоа што се очекува дебата по однос на изборниот законик, а битно е побрзо да се изгласаат измените и дополнувањата на Законот за додадена вредност со кој е утврдена повластена даночна стапка во Предлогот на законот и со оглед на тоа што е потребно побрзо да се изгласаат овие измени, затоа сметам дека треба да се направи оваа измена во редоследот на точките на дневниот ред.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Предлогот на господинот Вељаноски гласи, точката 7 да стане точка 4, точката 23 да стане точка 6, а останатите точки да си останат по редоследот како што се дадени.

Предлогот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 82 пратеника, за гласале 74, воздржан 1, против 7.

Констатирам дека е усвоен предлогот на господинот Вељаноски.

Дали има предлози за рокада на дневниот ред?

Повелете госпоѓа Топузова, имате збор.

**Роза Топузова Каревска:** Почитуван претседателе,

Мојот предлог нема да го образложувам. Се однесува на точката 24 - Предлог за донесување на закн за изменување и дополнување на Законот за бработување и осигурување во случај на невработеност, со Предлог на закон.

Знаете дека оваа точка се однесува за решавање на статусот на стечајците. За нив не треба долго елаборирање и објаснување. Имено на целокупната македонска јавност и е познато дека повеќе од шест месеци тие се наоѓаат пред Парламентот и мислам дека е логично оваа точка да добие приоритет, да не чекаме да биде точка 24 на дневен ред, имајќи предвид дека парламентарното мнозинство не изгласа изборниот законик да се симне од дневен ред, а имајќи го предвид големиот број на амандмани, сметам дека овие стечајни работници ќе треба уште многу долго да останат пред Парламентот, знаеме дека се наближува зимата и не би било добро тие сеуште да бидат таму. Токму поради тоа се надевам дека ќе наидам на разбирање кај колегите од парламентарното мнозинство, особено од колегите од НСДП кои беа дел и од нивната изборна програма, а и ВМРО-ДПМНЕ им ветуваше на стечајците дека нивниот проблем ќе биде решен кога ќе дојдат на власт. Токму поради тоа ги молам колегите да го имаат ова во предвид и точката 24 да биде веднаш после точките кои сега ги исгласавме да бидат приоритетни. Во овој случај би била точка 7. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Предлогот за рокада од госпоѓа Роза Топузова Каревска, точката 24 да стане точка 27, го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 90 пратеници, за гласале 39, воздржани 3, против 48.

Констатирам дека предлогот не е прифатен.

Повелете господине Најдовски.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине претседателе.

Јас имам еден предлог. Јас очекував кога господинот Вељаноски предложи точката за Законот за додадена вредност да се помести, очекував дека ќе ги предложи и останатите три закони кои се на овој дневен ред означени со звездички. Јас гласав за предлогот на господинот Вељаноски, знаете моето залагање на секоја седница е законите со звездички и економија да бидат со приоритет. Изненаден сум зошто господинот Вељаноски овие три точки со звездички ги одложи.

Мојот предлог е следен:

Точката 4 што е во стариот дневен ред кој го имам односно Предлогот на законот за изменување и дополнување на Законот за заштита на културното наследство, со Предлог на закон; Предлог за донесување на закон за постапување по претставки и предлози и Предлогот за донесување на закон за дополнување на Законот за управна инспекција, со Предлог на закон кои предложени од Владата носат звездички како приоритетни закони за усогласување со европското законодавство да бидат пред Изборниот законик што значи да бидат 6, 7 и 9 или 7, 8 и 9 односно да им дадеме приоритет на тие точки. Се надевам дека парламентарното мнозинство ќе го поддржи предлогот на Владата дека тие закони се приоритетни и после тие закони се помери Изборниот законик. Ви благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Да сумираме вие предлагате 5, 6 и 7, така за да е прецизно гласањето.

**Слободан Најдовски:** Претседателе јас по овој стар дневен ред, со оглед на тоа што точката 6 веќе ја померивте напред - Законот за додадена вредност, сега предлагам 4, 5 и 7 кои во материјалот ви се означени со звездички да бидат веднаш после Законот за додадена вредност, бидејќи се приоритетни закони, адекватно на тоа останатите да се поместат.

Очекувам позитивно гласање за овие закони, ако навистина ја поддржуваме Владата во законите кои се приоритет, а сега се прави Извештајот во Европската унија. Ви благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Предлогот на господинот Најдовски точките 4, 5 и 7 да се најдат веднаш по Законот за додадена вредност, го ставам на гласање.

Кој е за?

Гласале 81 пратеник, за гласале 32, воздржано 2, против 47.

Констатирам дека и оваа рокада не е прифатена.

Службите можат да го доставаат со прифатените рокади, дефинитивниот дневен ред.

(Пратеникот Бучковски бара процедурално)

Рековме односно се договоривме да нема процедурални интервенции, но секој има право, во крајна линија.

Повелете господине Бучковски, процедурално три минути.

**Владо Бучковски:** Благодарам претседателе.

Согласно членот 218 од Деловникот каде пишува дека Собранието врши политичка контрола и надзор на Владата, за да можеме до крај да ја изведеме расправата како што треба, затоа што е евидентно дека постои одговорност за најмалку двајца функционери на Владата заради немилиот настан во Ваксинце. Предлагам да присуствуваат, покрај министерот за внатрешни работи, директорот на Јавната безбедност, на јавната полиција и директорот на тајната полиција затоа што веќе воспоставивме правило

ако за бегство на затвореник по автоматизам се повикува на одговорност директорот на затворот, во овој момент јас сакам да телефонирам на министерката што ќе бидат нашите дискусии. Ќе повикаме на политичка одговорност на оној кој прати полициска патрола без да биде извршена безбедносна проценка и биде, условно речено, одговорен за смртта и ранувањето на двајца полицајци.

Второ, слушајте колеги и пред една недела кога барав јас на крајот по барањата на Китановски и на Ивановски да расправаме превентивно за безбедносната состојба во Република Македонија дофрлавте од место. Најмалку што треба во овој момент да направите е да се засрамите затоа што ако дејствувавме превентивно до ова немаше да дојдеме некој треба да сноси одговорност. Ние не бараме информација заради информација. Бараме овде да дојдат директорите кои се најодговорни и кои ја доведуваат во заблуда вашата министерка во саботата да дава вакви небулозни изјави дека треба да ги следиме нивните информации. Ги следевме нивните информации дојдовме довде. Затоа двајцата директори и Тодоровски и Мијалков треба да дојдат овде. Едниот да каже како може да прати патрола без да има безбедносна проценка и вториот, како може да не биде координиран и еден од учесниците на нападот да побегне на Косово. Тоа е нашата процедурална забелешка, драга колешке Бонева. Не ви се допаѓаат работите, но ние не ја бараме информацијата заради информација, бараме да се утврди одговорност. За да се утврди одговорност, не можеме да говориме ако двајцата најодговорни, не се овде. Затоа, мојот предлог е, согласно членот 218, покрај министерката овде да бидат присутни двајцата директори. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Бидејќи не беше изнесена ниедна процедурална забелешка во смисла на прекршок на процедурата, на ова навистина не можам да одговорам.

Апелирам, во корист на предлагачот на оваа точка, да не губиме време во процедурални дискусии затоа што тоа е во корист на предлагачот, а да не спомнувам и тоа дека се зема обврска на координацијата, консенсуално, да избегнуваме процедурални дискусии. Јас не можам да не ги дадам ако се бараат, меѓутоа уште еднаш апелирам до сите координатори на рпатеничките групи да воспостават извесна дисциплина во таа смисла.

Повелете господине Трајанов.

Еве пак процедурално и сега процедурално на процедурално, ќе го загубиме времето во полемика низ процедури, наместо да говориме за материјалната тема на седницата што ја закажавме. Ве молам, повелете, не сакам да ве дезавуирам вас, но просто сакам ....

**Павле Трајанов:** Почитуван претседателе, почитувани пратеници, мислам дека на почетокот Парламентот донесе одлука да добиеме информација, меѓутоа, ќе се случи, ќе расправаме за состојбите поврзани со настанот што се случи.

Меѓутоа, јас сакам јавно да упатам прашање до господинот Бучковски, дали тој чувствува, сакаме да расправаме и за таа работа, дали чувствува одговорност за тоа што се случи во Карпалак, поради лошата проценка да испрати припадници на АРМ. Дали чувствува одговорност за тоа што се случи кај Љуботен поради тоа што направил лоша проценка, испратил исто така припадници на Армијата на Република Македонија. Значи треба да бидеме принципиелни кога поставуваме прашање за одговорност. Така што мислам дека господинот Бучковски има најмалку право да бара одговорност, ако тој самиот не си понесе одговорност за случувањата во нашата држава. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Мислам дека двете процедурални забелешки спаѓаат во дискусијата на оваа седница.

Повелете госпоѓо Ѓорѓиевска (пратеничката се откажува)

(Пратеникот Бучковски бара реплика)

На процедурално нема реплика.

Ве молам, ако одиме на вакава процедурална дискусија да закажеме нова координација ако не си стоиме на зборот. Ве молам.

Повелете господине Бучковски процедурално.

Го трошите времето на опозицијата.

**Владо Бучковски:** Ќе го потрошам и треба за ова да се потроши.

Почитуваниот пратеник Трајанов, за жал, покажа дека не го познава Уставот и законите на Република Македонија. Ако се навраќаме на 2001 година може да се навратиме, но Врховен командант на Армијата е Претседателот на државата. Одговорен за праќањето на полициски патроли во интервенција на територијата на Република Македонија ако се специјални единици е министерот за внатрешни работи. Ако се единиците за кои говориме, не се смејте господине Трајанов, за жал, не ги познавате работите, е директорот за јавна безбедност. Она што се случува во овој момент со преминувањето на еден од напаѓачите е одговорност на директорот на Управата за безбедност и контраразузнавање. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Повелете господине Тачи процедурално, имате право.

**Мендух Тачи:** Ви благодарам господине претседателе,

Ќе се потрудам да дадам придонес за сериозноста на работата на овој Парламент. Но и покрај тоа во Македонија денес е убиен еден полициски офицер кој случајно е Албанец и е командир на Полициска станица во Липково.

Јас, во името на мојата партија и парламентарната група изразувам сочувство на неговото семејство со големо жалење. Не сакам

моите колеги пратеници како претходниот говорник да го доведеме Парламентот во смешна положба само за политички поени. Мислам дека е значајно да ја сослушаме официјалната информација од Министерството за внатрешни работи, реално да видиме што се случило според таа информација и после да расправаме по истата.

Начинот на интервенциите дека една патрола отишла некаде или на друго место само ја дезориентираат јавноста и само придонесуваат за несериозност. Не се говори за интервенција на специјални полициски сили или на посебните единици. Се говори за нормална полиција која извршила нормална активност. Една криминална група ја напаѓа таа контрола и во тие моменти полицијата одговара, според законот, нема никакви други манипулации. Доколку за цело време се спомнува на небулозен начин оваа состојба, ќе предизвика многу забуни.

Причината за која гласав да се расправа на оваа седница е да го дадеме нашиот придонес да се објасни оваа состојба за што станува збор. Има документи, има криминални досиеја на минатата Влада и на актуелната. Едноставно верувам дека сите ќе придонесеме доколку сочекаме Министерството за внатрешни работи конкретно госпоѓицата министер за внатрешни работи да ја даде официјалната верзија на тоа што се случило.

Доколку влеземе во дискусии дали некој дал придонес да ја нападне таа криминална група, ве молам да ја сослушаме официјалната информација кој е тој човек, дали е од УНМНИК, дали има документација за Македонија и Косово. Тогаш верувам дека дискусијата ќе биде поплодна, поправилна и информацијата ќе биде правилна во однос на сите граѓани на Република Македонија. Ви благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

**Минуваме на точка 1 - Информација за последните случувања во Ваксинце и рефлексии по безбедносната ситуација во Република Македонија.**

Имам чест да и дадам збор на госпоѓицата Јанкулоска, министер за внатрешни работи, повелете.

**Гордана Јанкулоска:** Благодарам претседателе најпрвин за можноста отворено да зборуваме за еден немил настан кој, за жал, предизвика големо внимание и благодарам за можноста отворено и транспарентно да ги презентираме фактите пред пратениците на Собранието на Република Македонија, но и пред целата македонска јавност.

За жал, поводот за денешното обраќање е еден немил настан во кој животот го загуби командирот на Полициската станица Матејче Фатмир Алили, а повредени се уште две службени лица.

Пред да започнам со презентирање на официјалната информација од страна на Министерството за внатрешни работи, сакам да го изразам моето најдлабоко сочувство на семејството на погинатиот и да им оддадам признание на припадниците на Министерството за внатрешни работи кои одговорија на задачите кои се испречени пред секој припадника на МВР кој ги извршува своите задачи.

Зборувајќи за настанот, би сакала да го информирам Собранието и целата македонска јавност дека денес 30-тина минути по полноќ на локалниот пат од селото Слупчане кон селото Ваксинце во месноста викана “Колева Чешма”, при напад на полициска патрола животот го загуби командирот на Полициската станица “Матејче” Фатмир Алили, а повредени се уште две службени лица кои се надвор од животна опасност.

Според првичните сознанија напаѓачите отвориле оган во моментот кога со патничко моторно возило Форд се разминале со патничко моторно возило Лада нива со која патролирале службените лица.

Од страна на припадниците на Министерството за внатрешни работи е возвратено на огнот така што во оваа престрелка дојде до последиците кои веќе ги презентирав.

Од престрелката со прострелна рана во пределот на вратот се здобил командирот на на Полициската станица “Матејче” кој им подлегнал на повредите на патот кон Медицинскиот центар Куманово додека другите две службени лица се префрлени со прострелна рана во грбот и десната потколеница. Поради сериозноста на повредите еден од полицајците е префрлен во Ургентниот центар во Скопје, но во моментот и двајцата се наоѓаат надвор од животна опасност.

Од страна на вештите лица на на Министерството за внатрешни работи направен е увид на местото на настанот при што на лице место во врска со пријавениот настан кој, како што реков, се случил помеѓу селата Слупчане и Ваксинце - Кумановско. На местото се пронајдени различни калибри на чаури, фрагменти од проектили, локва крв, делови од човечко тело, полициска капа, мобилен телефон, парчиња од шофер шајбна при што од страна на Секторот за крим техника на Министерството за внатрешни работи се уште се врши вештачење на пронајдените предмети.

Врз основа на информациите со кои располагаме утврдено е дека нападот е извршен од страна на лицата Аљиљи Заим од село Ваксинце, Хисени Џељадин од село Лојане и Алили Скендер исто така од село Ваксинце.

Лицата кои ги споменав и се познати на полицијата. Еден од нив од 28 мај 2001 година се бара за кривично дело тероризам. Вториот од нив се бара со меѓународна потерница за обид за убиство, а според првичните сознанија сега веќе и за убиство на службено лице.

Уште еднаш претседателе ја поздравувам иницијативата да разговараме отворено на оваа тема затоа што Министерството за внатрешни

работи цени дека јавноста треба да биде навремено и коректно информирана за се што се случува за да се излезе во пресрет на барањата на пратениците од една страна за објективно информирање, но и во пресрет на потребите на јавноста да ги знаат сите информации со кои ние располагаме.

Ние како Министерство за внатрешни работи сме подготвени сите расположиви информации да ги ставиме на располагање на јавноста и уште повеќе да ги ставиме на располагање на сите безбедносни служби кои имаат надлежности во постапување и проектирање на мерки и предлагање на одлуки кои во голема мера имаат влијание на целокупната безбедност во Република Македонија.

Цениме дека борбата против криминалот, борбата против криминалните структури, како што тоа е во овој случај, не може и не смее да има политичка боја и не може и не смее да биде безбедносно прашање.

Со конкретната ситуација полицијата само покажа дека институциите во државата имаат капацитет и дека одговараат на предизвиците. Секоја држава се соочува со предизвици, меѓутоа, во рамките на расположивите средства ние сме должни да се испречиме на борбата против криминалот и да ги спречиме овие криминални групи да дејствуваат на територијата на Република Македонија.

Во меѓувреме, со оглед на тоа што се работи за настан кој се случи рано утринава, постојано добиваме информации и последните информации говорат дека едно од лицата со тешки телесни повреди е хоспитализирано на територијата на Косово. Таму му е укажана лекарска помош и во полициска придружба е пренесено во болница во Приштина.

Лицето илегално ја преминало границата, но сега е под постојан надзор, ние сме во постојан контакт со косовската страна за негово предавање.

Како што реков, со оглед на тоа што се работи за настан кој се случи неодамна, пред само неколку часа, информациите и понатаму пристигнуваат и ова се првични информации.

За сите нови информации во врска со овој настан, но и во врска генерално со случувањето на територијата на овој регион, но и пошироко во контекст на регионалните прашања, онака како што на последната седница заклучи Националниот совет за безбедност, ние благовремено ќе ги информираме надлежните институции и доколку врз основа на сите овие нови информации, нови факти, нови податоци се утврди потреба, несомнено може да биде свикана нова седница на Советот за Национална безбедност и да се излезе со евентуално нови заклучоци.

Значи, во овој момент, тоа се информациите со кои ние располагаме. На крајот ќе завршам со тоа дека сторителите, односно лицата учесници во овој настан се целосно идентификувани. Според непотврдени информации две лица од напаѓачите го загубиле животот, а третото лице за кое веќе зборував е со тешки повреди.

Тоа би биле првичните информации. Доколку пратениците имаат дополнителни прашања, јас сум тука да одговорам на сите нивни прашања, да ги споделиме сите информации, затоа што клучно во овој момент е криминалот да не се доведува во прашање со политички натпревар и клучно е во овој момент криминалот, дејствувањето на криминалните групи да не се става во контекст на безбедноста на државата.

Република Македонија се наоѓа во непосредно опкружување, каде што се случуваат сериозни политички процеси и во таа насока ние внимателно ги следиме сите случувања, а службите кои имаат надлежност во овој домен соодветно ќе реагираат.

Засега јас ви благодарам за просторот, а доколку понатаму е потребно дополнително ќе дадам дополнителни информации.

**Љубиша Георгиевски:** Ви благодарам госпоѓице министер.

Кој ќеземе збор од страна на опозицијата?

Госпоѓа Шекеринска, повелете имате збор.

**Радмила Шекеринска:** Почитуван претседателе, почитувани дами и господа, госпоѓо министер,

Јас сум најблагоречено затечена од едно вакво техничко соопштение од страна на првиот човек на безбедноста во Македонија. Мислам дека ова не ни се случило, а сме имале тешки седници кои се однесувале на безбедносни прашања. Не ни се случило министер за внатрешни работи да се однесува како да е спикер на црна хроника и да не оди ни чекор повеќе од тоа. Прво, ја носи одговорноста заради тоа што имаме таква ситуација, а потоа ја носи одговорноста пред македонската јавност да излезе со реална слика. Таа реална слика не е читање на соопштенијата за МИА, таа реална слика не е биланс, катастрофален биланс на жртви во Македонија кои повторно не вознемируваат. Таа слика е нешто повеќе, да се каже онака како што неколку пати бараше пратеничката група на СДСМ на кој начин Македонија е подготвена да се соочи, прво со регионалните предизвици, кои ни се проценките во поглед на внатрешните безбедносни состојби, од каде тие состојби можат да се нарушат и на кој начин државните институции ќе направат се да не се дозволи она што се случи денеска.

Мислам дека не непримерно министерот за внатрешни работи да излезе со теза дека е благодарна на Собранието на Република Македонија што била повикана да говори на оваа тема. Госпоѓо министер и господо пратеници такви барања да говориме на овие теми пред да ни се случат вакви настани до сега имаше десетина на број. И вие наместо тогаш да кажете благодарам на можноста да дискутираме и можеби да создадеме поголем компромис како сите институции ќе се справуваат со ваква

опасност, вие покажувавте со прст кон опозицијата. Секој сигнал што се испрати во Македонија дека работите не одат во вистинскиот правец, вие немавте друг одговор освен СДСМ. Немавте друг одговор отколку наводни политички и незнам какви структури кои што се противеле на вашата борба против криминал. Па, госпоѓо министер ова што денеска се случи е државен криминал со безбедноста на граѓаните, со безбедноста на полицајците, со безбедноста на оние чии живот зависи од вашата работа. Денеска немаше да има прилика да говорите, да се прашуваа вашите колеги од ВМРО-ДПМНЕ, сите до еден гласаа против ваква точка на дневен ред. Сите до еден сакаа да ја испратат следнава порака, нека ни се случуваат такви проблеми, ние во Собранието ќе бидеме како ној, ќе си ја ставиме главата во песок, ќе се правиме како да сите неубави работи не ни се случуваат. А ќе се фалиме со добрите. Господа пратеници...

(Реакција од пратеници)

**Љубиша Георгиевски:** Ве молам да не упаѓате.

**Радмила Шекеринска:** Знам дека некој од вас, кои што малку од малку чувствуваат одговорност кон своите гласачи, знам дека тие имаат грижа на совест што дозволија до ова да дојде.

**Љубиша Георгиевски:** Господине Грозданов, ве молам, седете ве молам.

(Реакција од место на пратеникот Грозданов)

Седете, ве молам, ние имаме седница и затоа сите седиме.

**Радмила Шекеринска:** Господине претседателе и господа пратеници,

Не е храброст овде да скокате и да се удирате во гради и да се заканувате едни на други. Не е храброст кога некој ќе говори да пуштате телефони божем сте недораснати деца. Храброст овде е да се говори за темата која што е на дневен ред. Храброст беше пред месец дена да се говори на таа тема. Храброст беше да им кажете на вашите партиски шефови дека нема да бидете само гласачка машина која што ќе биде слепа на се она што се случува околу вас. Вие таа шанса за храброст ја испуштивте. Јас знам дека на некои од вас им е незгодно и велам се чувствуваат одговорни пред своите граѓани што два пати иста партија на ист начин, на ист начин реагира.

(Реакција од пратеници)

**Љубиша Георгиевски:** Ве молам вратете се сепак на темата и на речениците, ве разбирам терајте си.

**Радмила Шекеринска:** Јас, за жал, господине претседател сум многу на темата. Јас сум господине претседател многу на темата која што ја отваравме сите овие недели. Вие не бевте на темата, вие ја утнавте темата. Само знаете како нема да добите вие лоша оценка. Македонија добива катастрофална ситуација. Тоа е проблемот. Инаку, вие терајте работа.

Да се вратам малку на тоа што ни се случуваше во изминатите неколку недели. Сакам да кажам дека министерот за внатрешни работи, нејзините служби и Владата не смееле и не смеат денеска да глумат дека се изненадени од ова што се случува. Заради тоа што на број само вака бегло ако се вратиме назад, ќе видите дека имаше десетина знаци дека има проблем, кој што власта не сака да го гледа. Зарем беше случајност или знак кој не треба да го препознаеме, кога ни се случи на пример бегства од затворите од соседно Косово. И во исто време ни се случи бегството од затвор на Џеми Шеј, за кој што сакам понатаму да говорам. Зарем сметавте дека е случајност и дека тоа не треба да влезе во пресметките за безбедносните ризици за Република Македонија кога во Косово најдоа 90 килограми експлозив. Кога на Косово беа најдени сериозни количества на оружје за кои што косовските власти и меѓународниот фактор лоцираа дека можеби се пристигнати од Република Македонија. Внимавајте, од таа страна имаме протекторат кој што е сериозна закана за регионалната стабилност, а ние од Македонија можеби увезуваме или извезуваме оружје и за тоа никој во државата не дискутира. Или никој во Министерството за внатрешни работи не се возбуди. Па да излезе пред јавноста и да каже, не тоа не е точно, или да каже да, меѓутоа, имаме веќе сознание и страдаме. Зарем сметате дека е случајност и дека е неповрзано со сите други настани, кога имавме напад на една куќа во селото Брњарци, кога имавме престрелка во Чаир, кога имавме претепување на полицаец, кога имавме во скопско Кондово, кога ги гледавме оние натписи на Република Илирида во неколку општини во Република Македонија. зарем сметавте дека е случајност кога почнаа најавите, колку и да се несериозни за референдум во Танушевци и сите овие настани ни се менуваа како на филмска слика, а ние избравме во Собранието, особено дел од пратениците да спиеме и да кажеме буквално како мали деца, некој друг ќе се грижи за ризиците по Македонија. Ние овде ќе си играме дека сме зрела, демократска држава способна да ја одбрани и да ја заштити, да ја превенира опасноста, да ја заштити безбедноста, а некој друг нека се грижи за овие лоши момци. Тие лоши момци се кај нас, без ралика која им е позадината. Ваша одговорност госпоѓо миистер беше да не дозволите тие да имаат директен ефект по безбедноста на Македонија и животот на вашите и наши полицајци.

Еве само како потсетување кога УМНИК на Косово заплени одредено количество оружје за кое што кажаа дека доаѓа од македонска страна, според портпаролот на косовската полиција оружјето било наменето за Косово и за друга соседна држава. И портпаролот многу директно спомна дека веруваат дека повеќето од ова оружје дошло од македонска страна. Во истиот момент, во истиот период од повеќе западни адреси, западни медиуми и аналитичари подолго

време предупредуваа дека прашањето на Косово може да има сериозни последици по безбдноста на Македонија, тие упатија на претпазливост од македонска страна. Што направи македонската Влада, освен што Министерството за внатрешни работи велеше ништо не се случува, единствените мерки за претпазливост, барем според медиумите во тој момент беа да се засили обезбедувањето околу државните институции. Што се случуваше и зошто таквото обезбедување не беше зајакнато, а мерките за претпазливост подигнати за сите полициски станици. Особено оние кои што се наоѓаат на прва линија на фронтот, доколку има проблем, значи оние каде што веќе се јавувале проблеми.

Господа пратеници,

Да се смеете денеска кога еден човек го загуби животот и двајца се во болница е непристојно. Погледнете се меѓу себе и ќе видите кој се смее. Мерките за претпазливост на Министерството за внатрешни работи се разбира не беа тема која што треба да се третира. Еве што се случуваше на Косово кога избегаа затвореници во косовските затвори. Откако беше констатирано дека се работи за бегство, кое очигледно е помогнато од внатре, на косовската страна протекторат, косовските институции реагираа и не само што веднаш, ама веднаш следниот ден беа сменети сите одговорни, по линијата на одговорност туку и еден од чуварите на затворот беше уапсен. Што се случи во Македонија госпоѓо министер, тука не е министерот за правда, прво прашањето требаше тој да го одговори, во Македонија требаше да поминат седум дена, ако не и повеќе, требаше да ни се случат пратенички прашања, кога пратениците не од оваа страна, туку од опозицијата, го поставија прашањето каде е одговорноста за бегство од затвор на еден сериозен и опасен криминалец на кој што му се дозволи да се прошета од затворот. Му се дозволи да се прошета од затворот. Која е одговрноста на затворските органи, која е одговорноста на сите оние кои во државата би требале да се грижат за тоа. Седум дена Владата не реагираше. Кога се постави прашањето министерот за правда дури тогаш изреагира и дента еден директор, фала богу, беше сменет. Каде е одговорноста на тие што биле соучесници. Или треба сите ние да бидеме наивни и да помислиме дека токму во исто време кога сите овие настани се случуваат, Џеми Шеј излегува од затвор. Тој денеска е назад. Меѓутоа, ова што денеска се случи е последица, ама директна последица, вие спомнавте некои имиња, некои имиња исто така се спомнуваа во јавноста. Очигледно е дека двата настани се поврзани. И оние кои дозволија такво невидено бегство, каде што практично државата му асистирала на така наречениот Џеми Шеј да замине од затвор, денеска носат одговорност и за овој трагичен настан. Не гледам во власта досега желба да се справи со таквите во своите редови. Јас не можам да тврдам до каде оди вината, кој е се замешан, тоа е ваша работа, меѓутоа, очигледно е дека власта сакаше да го премолчи настанот, а потоа и никого да не го казни за таквото однесување. Вие апропо бегството од затвор дури констатиравте со временско задоцнување дека постои некое несогласување помеѓу изјавите од затворот она што се кажало на медиумите, меѓутоа, дури и во тој момент тврдевте дека посебни безбедносни мерки во овој регион нема потреба да се воведуваат.

Госпоѓо министер, денеска од вас очекувавме да ни кажете зошто Министерството, вие лично, Владата и премиерот донесовте погрешни, комплетно погрешни безбедносни проценки. Зошто како резултат на тие погрешни безбедносни проценки имавме ситуација на патрола, која што без било каква заштита и очигледно со лош план, не предупредени од ваша страна за можните опасности налетала директно дали на заседа, дали на организиран напад, тоа е сеедно. Тоа е билансот на вашите погрешни безбедносни проценки. Некој за тоа мора да поднесе одговорност. Вие денеска говоревте, наредивте, ги прочитавте сите соопштенија што сте ги дале, не го одговоривте клучното прашање на денешнава точка: како Република Македонија ќе се заштити од посериозни безбедносни ризици. Или треба да ви веруваме на истиот збор дека нема опасност на кој вашите пратеници поверуваа пред месец дена, па се покажа дека не е точно. Кога во целиот регион и низ македонската јавност стана јасно дека ниту еден од овие настани не се изолирани, не се поединечни и не се случајни. Еве што се случуваше од другата страна на границата госпоѓо министер. Српската и албанската полиција го зголемија бројот на полицајци на граничните премини го подигнаа нивото на претпазливост. Состојбата само будно се следеше на македонската граница. Нашиот западен сосед, Албанија, кој што го немаше искуството лошо кое што го имавме ние од 2001 година, ја зајакна безбедноста во целиот северен дел. Во Република Македонија вашиот став, ставот на вашата Влада беше дека нема потреба. Кога госпоѓо министер на дневен ред излегоа едно чудо информации дека Македонија мора да биде попретпазлива, кога излегоа критики од страна на опозицијата дека таа опасност се потценува, кога имаше изјави и од СДСМ и од претседателот на државата, меслам дека вашиот премиер излезе со две изјави: за опозицијата имаше класичен одговор. СДСМ си измислува. СДСМ ја заплашува јавноста. Денеска, македонскиот премиер носи одговорност, заради тоа што имаше катастрофална проценка. Не е тоа само прашање кое треба да го поставува СДСМ, вие треба да го поставите. Каде закажа безбедносниот апарат. Кој беше оној, или оние кои мораше да имаат информација. Дали е тоа службата која би требала разузнавачки да биде малку поинформирана од јавноста и од сите нас. За жал, Дирекцијата која би требала и со тоа да се

занимава, вие ја претворивте само во партиски инструмент, па наместо директорот да се занимава со овие прашања претпоставувам дека е тој почесто присутен во обвинителството за да тера некој свој сосема поинакви партиски битки, при тоа данокот го плаќаат тие што не треба да го палќат. И граѓаните со нарушена безбедност и полицајците кои што веќе се чувствуваат се понебезбедни од сите нас.

Вториот одговор што го даде груевски мислам дека тоа беше на тезата или на некои од предупредувањата и изјавите на претседателот е Бранко Црвенковски не би го коментирал. Па немојте да го коментирате ни СДСМ, ни Бранко Црвенковски, ни кого сакате. Немојте да коментирате од макдеонската јавност никој не очекува да коментирате, очекува да работите.

**Љубиша Георгиевски:** Ве молам не е тука човекот да не го коментираме.

(Галама во салата)

**Радмила Шекеринска:** Господине претседател, ако сте загрижени зошто не беше тука премиерот, колку што се сеќавам, имаше предлог од СДСМ и премиерот да присуствува на оваа седница, побаравме премиерот и министерката за внатрешни работи да присуствуваат. Јас претпоставувам премиерот поради своите наводно неодложни обврски избра да не биде во Собранието, меѓутоа сум шокирана кога ќе дознаам дека денес кога македонската јавност и ние сме шокирани од еден погинат полицаец, господа пратеници, дека премиерот не го напушти својот дом до 15,00 часот, дека за жал СДСМ ги има своите простории во непосредна близина и кога ќе стасаме од нашите партиски простории до овде да дојдеме, доколку премиерот не изволил да отиде на работа не можеме тоа да го сториме, бидејќи улицата целосно е блокирана. Шокантно беше денеска кога доаѓајки навака можевме да видиме дека на денешен ден претседателот на Владата не е во Собранието каде што требаше да дискутираме на овие теми, не е ни во Владата.

Господа, вие денес гледам повторно се смеете, повторно дофрлате. Господа, вие денес повторно сакате да ја изиграте истата игра. Меѓутоа, признајте колеги дека и вам ви е непријатно кога министерот за внатрешни работи кој треба да дојде овде, да не уплаши можеби за некои работи, ама и да не охрабри за некои работи, кога ќе дојде овде и безлично и технички ќе ни ги прочита соопштенијата за јавноста. Па тоа не е Собрание господа пратеници, тоа не е Собрание, наместо да излезе со проценка имаме проблем или немаме проблем. Се работи за криминал, за каков тип, за кои луѓе и она што е најважно, како со тоа ќе се справиме. На сите важни прашања госпоѓата министер немаше одговор. На сите важни прашања госпоѓата министер сакаше да го заборави минатото. Прашење е госпоѓо министер кое можеби вие требаше да го отворите зошто, ако овој настан се случил 30-тина минути по полноќ како што вие кажавте, зошто сеуште сабајлето, уште во 8,00 часот немаше никаква реакција, немаше никаква информација што се случува таму, дали имаме некои полициски екипи, дали немаме, дали се смета дека тоа е ризик или се смета дека е тоа паметна политика.

Господине претседател на Собранието, денес власта сакаше да избега од оваа точка. Денес власта сакаше да тераме нормална седница и пратениците од ВМРО-ДПМНЕ да продолжат да се однесуваат несериозно како што се однесуваат целиот овој период. Меѓутоа, господа пратеници, имаме одговорност кон оние што ја бранат нашата безбедност.

Дозволете ми на крајот да го изразам своето сочувство до семејството на погинатите (реакции од пратеници).

Господа пратеници, добриот вкус би требало да ве спречи денес вака да се однесувате.

**Љубиша Георгиевски:** Ве молам, ве молам...

**Радмила Шекеринска:** Меѓутоа, очигледно е претседателе бидејќи и вие не реагирате на ваквото однесување...

**Љубиша Георгиевски:** Ве молам, јас реагирав, само не можам доволно брзо.

**Радмила Шекеринска:** Господине претседател, ќе треба да научите малку да бидете и побрз во реакциите, затоа што...

**Љубиша Георгиевски:** Ќе се трудам, ќе се трудам.

**Радмила Шекеринска:** Затоа што Собранието на Република Македонија не беше брзо туку беше само на време, денес министерката за внатрешни работи немаше да биде присутна на ваква седница со ваков катастрофален повод и вие викајте, дофрлајте, правите што ќе правите, штетата е направена.

Јас само се надевам дека малку разум ќе остане и дека ќе престанете да се однесувате како да сте ноеви.

Ви благодарам. Очекувам на крајот на дискусијата да зборуваме и со име и презиме и да кажеме кои се оние во Министерството за внатрешни работи или во Владата на Република Македонија кои што морат да поднесат одговорност. Овој настан без одговорност е срамота за Македонија. Напад врз полицајци со трагични последици без никаква одговорност во Министерството за внатрешни работи или Владата е срам за Македонија и заради тоа госпоѓо министер бидете прва која ќе го направи вистинскиот чекор. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Има збор госпоѓица Гордана Јанкуловска, министер за внатрешни работи.

**Гордана Јанкуловска:** Благодарам претседателе.

Заради сериозноста на прашањето јас немам поединечно да реплицирам за многу работи каде што имаше замена на тези. Само уште еднаш ќе повторам, дури и по цена некого тоа да го разочара дека прашањата на борба против

криминалот и криминални групи не можат и не смејат да бидат прашања на кои некој ќе добива а некој ќе губи политички рејтинг и уште помалку смејат да бидат прашања кои ќе се ставаат во контекст на безбедноста на државата.

Ќе реплицирам кратко само во делот на безбедносните проценки.

Госпоѓо Шекеринска, безбедносната проценка и препораките за мерките кои треба да се преземаат се прави од највисокото тело кое расправа за безбедноста на државата, Националниот совет за безбедност. Во Националниот совет за безбедност се претставени и власта и опозицијата. Токму тој Национален совет за безбедност излезе со заклучоци кои беа јасни и недвосмислено презентирани пред јавноста, излезе и со заклучоци во поглед на динамиката и Акциониот план на активности кои ќе се преземаат во контекст на регионалните случувања, во контекст на случувањата во регионот и уште повеќе воп контекст на случувањата во Република Македонија МВР доследно на законските надлежности кои спаѓаат во доменот на работење на оваа институција веднаш по бегството на таканаречениот Џејми Шеј од затворот направи безбедносна проценка, план на активности, го лиши од слобода и повторно го врати таму каде што му е местото. На крајот, со ова ќе завршам дека прашањата на борба против криминалот и сузбивање на криминалните групи независно колку тоа некој го посакува не смее да бидат доведувани во контекст на безбедноста на државата. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Сега да видиме колку реплики има на говорот на Шекеринска. Значи господин Тачи и господин Ѓорчев имаат реплика по три минути. Одиме со тој редослед, господине Тачи повелете вашата реплика од три минути.

(Реакција на пратеничката Шекеринска).

Знам, госпоѓо Шекеринска говореше пред министерката, но повелете со вашата контра реплика од една минута. Немам ништо против, овие нека чекаат. Повелете, не е страшно ништо. Ништо не е страшно, не се возбудувајте.

**Радмила Шекеринска:** Потенцијалните ризици не ги потценуваме и затоа донесовме заклучок надлежните министерства да ја следат работата и на време да информираат и доколку е потребно на време да реагираат. Тоа е заклучокот кој јас го знам. Бидејќи не знам од каде ви е на Вас информацијата дека во Советот за безбедност е претставена опозицијата, или имате за опозицијата и некоја друга дефиниција, или имате некоја друга опозиција која ќе ја извадите од џеб кога ќе ви треба.

Госпоѓо министер, срамота е, значи срамота е повторно да се бега од прашањата и вие тоа сега го правите. Кој ве спречува во таква борба против криминалот, кој ве спречува. Дали ве спречува можеби фактот дека вашата Влада излегува, според вашето Министерство, со погрешни информации дека е гранатирана Владата. И тоа ли беше нечија туѓа вина, а не на Владата. Госпоѓо министер, наместо вашите служби да работат, ова денес што се случи да не се случи, вашите служби очигледно дека повеќе биле заинтересирани да прават таканаречени афери. Ден денс стои дека наводниот напад со гранати на Владата сеуште не го расчистивте и за тие прашања госпоѓо министер должите одговор.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Повелете господине Тачи вашата реплика од три минути.

**Мендух Тачи:** Господине претседател, јас не би ризикувал да изгледам само напред импозантно како госпоѓата Шекеринска кога мавта со ручето пред пратениците и со 1% рејтинг.

Директен одговор: претставник на опозицијата во тој Совет каде е Бранко е Муса Џафери. Ако не е Муса Џафери опоциција, тогаш не ги разбираме работите.

Вие госпоѓо сигурно разбирате што е мизерабл. Ако не разбирате што е минавел, тоа е многу полошо од мизерабл. Бев сигурен, но се извинувам, згрешив дека нема да изразувате сочувство за херојот полицаец. Овој албански полицаец кој што излезе во пресрет на криминалот и се соочи со криминал е херојот кој покажува за начинот на борба што ја води оваа Влада во борбата против криминалот, удари на легитимни и селективни цели. Ова е разликата меѓу оваа Влада и вас. Вие активирате заедно со славниот убиец Хари Костов министерот хеликоптери, специјални единици, уништувавте куќи, убивавте деца Албанци од пет-шеснаесет години. Немам многу време, но ќе ви кажам каде, во Брест-Малино вие во интервенирањето што го направивте за фаќањето на Лирим Јакупи убивте студент косовар, во интервенцијата во Раковец убивте жена, недолжна жена. На овој начин и со овој пристап кон криминалот, тоа е пристап на херојство и смелост на оние полицајци и на оваа политика која не дозволува да се демонстрира насилство, гранатирање и уништување на цели села.

Да ве информирам подобро кои се тие луѓе кои денес заеднички ги нарекуваме криминалци, ќе ве потсетам. Кога се избираше тој Бранко, овие луѓе си полнеа кутии во Ваксинце 1780.

(Реакции за времето).

Вие треба да имате предвид дека...

**Љубиша Георгиевски:** Ве молам тишина.

**Мендух Тачи:** Овие луѓе кои што вие дозволувавте и ги стимулиравте да прават вакви работи змеаат смелост и да бегаат од затвори затоа што Џејми Шеј не го фативте вие туку ви го врати КФОР на готово, и нормално и сега не ви пречи, но за да биде несреќата поголема вие немавте смелост на почетокот на реченицата да изразите сочувство на семејството на овој полицаец кој го положи својот живот.

Сигурно ако има потреба ќе говорам пак. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Има ли контра реплика?

Госпоѓа Шекеринска, вашата минута, повелете.

**Радмила Шекеринска:** Кога ќе се случи ваква трагедија, минимум очекував дека пратениците нема да прават театар, а кога ќе го прават театарот како денес нашиот колега, ќе водат сметка барем основни правила на добар вкус да почитуваат. Меѓутоа, таа битка со добриот вкус одамна е изгубена.

Господине Тачи, не ја говорите вистината како што не ја говореше вистината ни министерката околу улогата на Советот за безбедност кој што согласно Уставот е советодавно тело и во кое што исто така согласно Уставот опозицијата не учествува.

(Реакција од пратеници).

**Љубиша Георгиевски:** Тишина ве молам. Повелете.

**Радмила Шекеринска:** Треба и терапии да имате за одреден број на пратеници господине претседателе.

Кога опозицијата може да учествува во овие дискусии, тогаш кога тие теми се поставуваат на дневен ред и за жал единствените кои ги поставуваа овие теми на дневен ред изминативе месеци се само пратениците кои што стојат од оваа страна. Вие молчевте и тогаш немавте ниту желба ниту време за театар и го пропуштивте моментот.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Пред да ви дадам збор, пред да ви дадам господине Тачи процедурално, ве молам сите, денес е ден кога овој Парламент ако сака да покаже дигнитет, кога сме веќе кај театарот, ова како експерт ви го велам, денес треба овој Парламент да покаже извесна траорна атмофера заради жртвата, а не кавгаџиска. Повеќе воздржаност, нема потреба од голема возбуда. Ние сме сите денес тажни и затоа сме возбудени, ама нема потреба од кавги, секој ќе дојде до збор. Имаме консензуално сценарио, нема причина за некои кавги. Повелете процедурално. Ве молам, држете се до процедурата.

**Мендух Тачи:** Мислам дека сакаше да ме навредува госпоѓата Шекеринска. Ако мислела на терапија за деца, имам два сина двометраши, нема потреба за терапија.

**Љубиша Георгиевски:** Ве молам, ве молам господине Тачи, добро, ве молам.

Сега реплика на излагањето на госпоѓа Шекеринска има Влатко Ѓорчев.

Повелете господине Ѓорчев.

**Влатко Ѓорчев:** Почитуван претседателе, почитувани колеги,

Во обраќањето на лидерот на опозицијата забележав неколку зборови кои се загрижувачки, предупредувачки и навистина индикативни.

Вие госпоѓо Шекеринска ги искористивте следниве зборови, цитирам: “прва линија на фронтот”, да или не. Значи вие госпоѓо Шекеринска го искористивте зборот каде што велите “прва линија на фронтот”, завршен цитат. После ова едно е јасно, дека вие посакувате државна криза во Република Македонија, а времето ќе покаже дали конкретно како СДСМ,како Бранко Црвенковски, како Радмила Шекеринска и (уфрлување на претседателот на Собранието со зборовите “ве молам”) други да не работите на државна криза, како што еднаш веќе тоа и го направивте на сопствената татковина. Зошто? Затоа што СДСМ преку криза во оваа држава доаѓа на власт.

Госпоѓо Шекеринска, вие спомнавте уште еден друг забележителен термин, а тоа е државен криминал. Јас ќе ви кажам што е државен криминал. Радмила Шекеринска државен криминал е Фершпед, Скопски Пазар, Пелагонија, Комерцијална банка и тн., а врв на антидржавното дејствување е она што СДСМ го прави, посакувајќи на сопствената држава и работејќи на таа државна криза. Ова што сега се случува е државна борба против криминалот, а давањето на политичка конотација на криминалот значи директна поддршка. Директна поддршка на криминалот е кога му се дава политичка конотација како што вие тоа го направивте. Ова што се случува во Ваксинце не е доказ дека Македонија и државните институции немаат контрола врз целата територија. Напротив, она што се случи во Ваксинце е доказ дека се има контрола врз целата територија, дека се дејствува против криминалците и дека криминалците се во бегство, а не им се простуваат делата како што вие тоа го направивте за претседателските избори 2004 година за Бранко Црвенковски.

На крајот, не лажете и не ја обманувајте јавноста дека премиерот Груевски денес до 15,00 часот бил дома. Не, тој беше на своето работно место во Владата, работејќи за доброто на оваа држава и тоа е вашиот проблем, затоа што оваа власт и оваа Влада во отсуство на било каква политичка понуда, во отсуство на рејтинг, во отсуство на политички проекти, во отсуство на политичка имагинација работите конкретно на политичка криза. Прочитани сте, веќе тоа еднаш го видовме дека сте подготвени се да направите за да дојдете на власт, овој пат нема да ви помине. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Дами и господа пратеници, прашувам има ли уште да сум превидел реплики.

Контра реплика има Радмила Шекеринска и реплика Силвана Бонева, по тој редослед.

Повелете госпоѓо Шекеринска, вашата минута.

**Радмила Шекеринска:** Кога пратеникот говори неговиот координатор ми се извинува заради неговата невоспитаност ни некултура. Јас во принцип имам едно правило, не реплицирам на

пратеници од кои што се срами нивната пратеничка група.

Не реплицирам ни на пратеници кои што ги трошат парите на македонските даночни обврзници, толку долго да студираат на државните факултети, наместо тоа место да им го отстапат на некој кој внимателно работи. Меѓутоа, овој пат правам исклучок заради тоа што додека ваквите пратеници заедно со министерката верглаат три или четири исти реченици, во Македонија гинат полицајци. Затоа свестете се, ова не е време на вакви запалени глави без многу содржина внатре. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Повелета госпоѓо Бонева со вашата реплика на излагањето на госпоѓа Шекеринска, со вашите три минути.

**Силвана Бонева:** Благодарам почитуван претседателе.

Добриот вкус би требало да ја спречи госпоѓата Шекеринска да прави ваков театар во Собранието на Република Македонија.

Најпрво госпоѓо Шекеринска ние сме доблесни и знаеме да се извиниме тогаш кога не го почитуваме она што е договорено на координација. Тоа го направив јас и нема потреба по сто пати тоа да го оспорувате, бидејќи вие сте тие кој најчесто отстапувате од договорите кои ги постигнуваме.

Понатаму, добриот вкус бара да се срамите и да бидете шокирани, ако не вие, бидејќи вие зборувавте во тој стил, тогаш вашите пратеници од настапот на еден лидер на опозицијата кој што сака да подгрева тензии во државата. Кој што од еден инцидент сака да прави проблем во државата дека имаме безбедносна криза. Дека Република Македонија има отворен фронт и на првата линија еве што ни се случува, ни гинат полицајци. Па, госпоѓо Шекеринска јас ќе ви кажам кои се оние кои што треба да понесат одговорност и за овој настан за кој што велите дека е поврзан со настанот со бегството на Џејми Шен и со неговото враќање во затворот повторно во Идризово. Поврзаност има, точно така, поврзаноста најпрво е во тоа што и одговорноста пред се е и ваша, на СДСМ, на претходната ваша коалиција во која што луѓе кои што се одговорни уште од 2001 година, кои што се бараат за кривично дело тероризам и за обид за убиство за време на вашето владеење од 4 години не успеавте да ги доведете пред лицето на правдата. И се случи кога беше вратен Џејми Шен, внатре, таму каде што му е местото да се заканувaат неговите роднини на премиерот, на министерката, на директорот на ДБК, а сега имаме случај кога тие исти лица кои што се заканувaа нападнаа полициска патрола и убија командир од Полициската станица од Матејче.

Но во исто време полицајците, како што разбравме им се спротиставиле и се мртви овие двајца кои што даваа вакви закани врз премиерот и врз министерката. Значи, луѓето кои што вие сте ги оставиле на слобода и вие сте дозволиле 4 години да се шетаат по територијата на Република Македонија, тие се причинители и тие се тие кои што го направија овој инцидент, благодарение на вас заради тоа што не си ја завршивте работата. Тука без срам излегувате и обвинувате оние кои што се борат против криминалот и они кои што успешно знаат да се справат, знаат да ја контролираат територијата на Република Македонија.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам госпоѓо Бонева.

Контра реплика има госпоѓа Шекеринска.

**Радмила Шекеринска:** Само три реченици.

Прво, да беше ВМРО-ДПМНЕ и пратеничката група доблесни немаше да гласаат против денешната дискусија.

Второ, ќе си повторам една реченица која што ја кажував и за време на Владата на Љубчо Георгиевски и Никола Груевска, а тоа е дека ВМРО-ДПМНЕ во 2200 година уште ќе вели за сите проблеми во државата виновни се СДСМ кои што до 2006 беа на власт.

Госпоѓо Бонева, барем вие треба да знаете дека помина година дена од вашата Влада, тоа ви е четвртина мандат уште ли со тие реченици за се е виновен СДСМ. Ако имало одговорнос и вмешаност, па досега ќе не апсевте десет пати.

Уште главната реченица. Велите заради еден инцидент се подгрева тензијата во државата. На кој инцидент мислевте. Дали мислевте на 90 килограми експлозив во Косово, дали мислевте за бегството на Џејми Шејн, дали мислевте на тепачката во Кондово, дали мислевте за нападот во Танушевци, за Илирида написите, или референдумот најавен.

Госпоѓо Бонева се случија серија на инциденти и вие на сите молчевте и затоа денеска имаме, ама не политички тензии, имаме сигурносни тензии. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Има збор господин Александар Николоски, повелете.

**Александар Николоски:** Почитуван претседателе на Собранието, почитуван министер за внатрешни работи, почитувани колеги пратеници,

Јас би сакал своето обраќање да го започнам со сочувство за Фатмир Алили, кој што денеска на своето работно место бранејќи ја нашата сигурност, бранејќи го нашиот мир и сон загина и со тоа покажа како херојски може да се извршува својата работна задача, како херојски може да се работи во насока на заштита на сопствената држава, како херојски може да се носи униформата која што ја носеше.

Денеска пред се говориме за човек, говориме за херој кој што за жал не е помеѓу нас. Би сакал уште еднаш од мое име и од име на пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ да го изразам сочувството.

Денес по барање на опозицијата имаме расправа за она што се случуваше ноќеска, расправа која што ја изгуби првичната смисла, расправа онака како што беше побарана требаше да добиеме информација од министерот за внатрешни работи за тоа што се случувало ноќеска, како се случувало и зошто се случило. За жал отидовме во политички квалификации од страна на лидерот на опозицијата и за жал отидовме во квалификации кои што се далеку од она што требаше да биде тема на дискусија.

Пред да проговорам за информацијата би сакал да кажам дека сум зачуден и непријатно изненаден од две работи.

Првата работа е дека лидерот на опозицијата кој што еден ден сака да е премиер, големата надеж на македонската политика знае во колку часот премиерот излегува од дома. Тоа може да значи само две работи.

Првата работа е дека е видовита, или

Втората работа дека можеби има некој кој што го следи премиерот, па еве во една прилика кажува дека и го снимале.

Тоа отвора многу, многу сериозни прашања кои што повторно треба да ги разгледа Министерството за внатрешни работи, тоа отвора многу сериозни работи за начинот на кој што функционира Социјал демократскиот сојуз, тоа отвора многу сериозни прашања за луѓе од типот на Миле Зечевиќ, Чапрагоски итн, итн.

Втората работа од која што сум изненаден е арсеналот на зборови кои што беа употребени од типот на тоа дека на некого му е потребна терапија или дијагноза. На човек кој што сака да е премиер на Република Македонија не му личи таква работа заради тоа што основните прашања во Република Македонија ги решаваме заеднички и треба да одиме кон заеднички пат затоа што колку што власта е лице на државата, исто толку и опозицијата е лице на државата.

Слушнавме и за фронтови, слушнавме и за фронтолинии итн, итн, но за тоа ќе говорам подоцна.

Она што е факт е дека Министерството за внатрешни работи со својата професионалност, со својата одговорност, со чесните луѓе кои што работат таму ноќеска имаше нормална полициска акција во која што покажа дека во Република Македонија нема недопирливи и нема територија која што не може да се контролира.

Министерството за внатрешни работи имаше најпрофесионално спроведена акција која што покажа дека за наша среќа имаме институција која што функционира. Имаме институција која што е присутна секаде онаму каде што граѓаните на Република Македонија имаат потреба да биде присутна. Имаме институција која што знае професионално, чесно и одговорно да ги изврши своите работи. Повторувам, професионално, чесно и одговорно. За жал не секогаш тоа беше атрибут на Министерството за внатрешни работи. Но денес имаме ситуација каде што можеме да говориме за една одговорност, професионалност и чесност од овие органи. Она што исто така е многу значајно и што треба да се потенцира денес е дека Министерството за внатрешни работи покажува дека може нормално да функционира во пресрет на очекуваниот извештај од Европската унија и во пресрет на поканата за НАТО наредната година. Имавме акција, за жал имаме еден изгубен живот, имаме повредени луѓе, но тоа не значи дека денеска тука треба да имплицираме дека Министерството за внатрешни работи не ја извршува својата работа, или уште повеќе како што беше кажано дека треба да прави безбедносна проценка дали да реагира или не. На територија на Република Македонија Министертвото требало да прави безбедносна проценка или не. Ако имаме окупирана територија, ако имавме ситуација во 2001 година итн. итн, тогаш можевме да правиме безбедносна проценка. Да правиме безбедносна проценка во ситуација во која што сите велиме дека е нормална, тогаш имаме проблем или со перцепцијата, или можеби опозицијата знае нешто што јас не зна.

Она што е очигледно е, се две работи.

Буквално сите анкети покажуваат дека граѓаните на Република Македонија се најзаинтересирани за подобрување на својот животен стандард, за подобрување на економијата, за реформи во економијата, а дека се помалку ги интересираат меѓуетничките односи. Значи, граѓаните на Република Македонија размислуваат за сопствениот џеб, за сопствениот подобар живот, размислуваат за сопственото подобро утре. Но, она што е исто така очигледно е дека СДСМ од ден на ден се повеќе размислува за ништо друго освен на подгревање на меѓуетничките тензии.

Со настапот кој што денеска го имавме на лидерот на опозицијата, со односот кој што го имаме спрема Изборниот законик, односно со влегувањето во конфликт со сите заедници кои што живеат во Република Македонија покажуваме не државност. Значи, со овој говор и со однесувањето СДСМ влегува во конфликт со Албанците, со Турците, со Власите, со Србите, со Ромите, со Бошњаците, со сите кои што живеат во Република Македонија. Влегувате во конфликт со албанската заедница заради тоа што вие денеска тврдевте дека треба да се направи проценка за работи кои што се случувале во средини кои се доминантно населени со Албанци. Зошто не споменавте случај во Струмица, зошто не споменавте случај во Штип, или во Охрид, каде што дејствува Министерството за внатрешни работи, туку наброивте случаи кои што се случувале исклучително во вакви средини. Тоа значи дека ви одговара подгревање на меѓунационалната тензија. За изборниот законик ќе говориме подоцна, но со она што го кажувате и со бојкотот кој што го правите вие исто така влегувате во конфликт со останатите заедници односно делови на народи кои што живеат во Република Македонија.

Она што е очигледно е дека на СДСМ не му одговара подобрувањето на економијата, на СДСМ не одговара покачувањето на платите во јавната администрација, на СДСМ не одговара враќањето на долговите, на СДСМ не одговараат 42 милиони евра во здравството, на СДСМ не одговара пресметувањето со криминалот. На СДСМ не одгова тоа што конечно во Република Македонија нема недопирливи. На СДСМ не одговара тоа што конечно во Република Македонија сите се еднакви пред законот.

Она што е исто така факт е дека сценариото односно решението на СДСМ за овие прашања како да се спротивстави на политичката сцена, како да извади алтернатива на ВМРО-ДПМНЕ и владата на коалиционите партнери на ВМРО-ДПМНЕ не е со нудење на подобри проекти. Не е со давање на придонес за проектите кои што ги прави ВМРО-ДПМНЕ, туку е за подгревање на меѓуетничката тензија. Сценарио, да ве потсетам, го правеше Милошевиќ пред да падне на власт и откако падна од власт кога ги злоупотреби структурите блиски до него, се сеќавате убивајќи го премиерот Џинџиќ итн. Многу личи на тоа сценарио.

(Реакција на пратениците од место)

Да, можете и понатаму да коментирате и да бидете сигурни итн, итн, но она што е факт е дека лидерот на опозицијата говори само за безбедносни прашања, говори само за прашања поврзани за меѓуетничките односи и за измислењата ЕУ агенда. Не смее да говори за повисоки плати, не сме го слушнале да говори за борба против корупција, не сме го слушнале да говори за подобрување на условите во здравството итн, итн. Тоа треба да е натпреварот кој што треба да го правиме помеѓу нас.

На крајот има уште една работа која што е исто така симптоматична и која што говори многу, а тоа е дека Република Македонија за жал станува заложник на нискиот рејтинг на СДСМ. 6% рејтинг на СДСМ е резултат на ова што ни се случува денес и јас, верувајте би бил посреќен кога би имал СДСМ 10% рејтинг, а не би имале ваква седница заради тоа што очигледно е дека по оваа седница денес кога се договаравте со госпоѓата Теута Арифи да го направите сценариото ви треба од 6% рејтинг да одите на 8% рејтинг за да ги уплашите македонските граѓани да почнат да се плашат, за да ја кажете вашата позната реченица дека кога доаѓа ВМРО-ДПМНЕ на власт, има проблеми, има војна. Тоа е вашата цел. Тоа е целта која што сакавте да ја постигнете со оваа седница. Целта која што сакате со оваа седница да ја постигнете е да имате 2% повеќе рејтинг, да уплашите 2% македонски граѓани дека нешто лошо ќе се случи, дека нешто ќе и се случи на Република Македонија и да почнат да велат, како што велеше вашиот лидер во 1994 година - само војна да нема, не мора пари да има. Тоа е целта, заради тоа што не знаете ништо поинаку и никако поинаку да работите. Ништо поинаку и никако поинаку не знаете да работите. И она што е исто така факт е дека ќе продолжиме да гледаме вакви сценарија, ќе продолжиме да гледаме сценарија во кои што ќе се подгрева меѓунационалната опасност, ќе продолжиме да гледаме сценарија во кои што СДСМ ќе повикува на меѓуетнички тензии, на кризи итн, итн. Но, тоа не е државнички. Не е државнички најмалку заради две работи.

Прво, заради тоа што јас му верувам на претседателот Бранко Црвенковски кој како член на Советот за безбедност рече дека нема безбедносни кризи во Република Македонија, а се надевам му верувате и вие, или имате проблем во комуникацијата, заради тоа што тоа денес го покажавте,

Второ, што е многу битно во овој момент е дека на патот особено кон НАТО и на патот кон очекување за отпочнување на преговори со Европската унија, кои што не ги вадите од уста, ова се ваши најупотребувани реченици, ваква седница за работа која што, не би рекол дека е нормално, која што се случува и во други земји да барате да се крева ваква тензија, да се создава национална хистерија да го плашите народот во најмала рака е најодговорно. Повторувам ВМРО-ДПМНЕ денес ја поздравува апсолутно успешната акција на Министерството за внатрешни работи и ја поздравувам професионалноста, одговорноста и чесноста на Министерството за внатрешни работи. И повторувам дека во Република Македонија за сите еднакво важи законот и на територија на Република Македонија. СДСМ денес сакаше да има ваква седница заради тоа што се плаши од економските резултати, се плаши од она што се вика напредок и реформи, СДСМ денес сакаше да има ваква седница заради тоа што сака да создава национална хистерија и страв кај македонските граѓани, СДСМ денеска сакаше ваква седница од 6 да има 8%. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Ви благодарам и јас.

Дами и господа пратеници,

Пред да дадам збор понатаму за процедурални интервенции и за реплики, дозволете ми да ве замолам за минута молчење во чест на човекот кој загина на браникот на законот. Неговото име е Фатмир Алили.

(Пратениците му оддаваат почит со едно минутно молчење)

Слава му.

Дали има некој за процедурална интервенција? (Нема)

Значи имаме реплика.

Според она што го гледам јас, немојте да ми земете за зло, во текот на говорот на господинот Николовски, прв се јави Јани Макрадули, па после се со ред надолу како се пријавени.

Повелете господине Макрадули вашите три минути за реплика.

**Јани Макрадули:** Благодарам претседателе.

Дури сега, после овој настап на пратеникот, мојот колега Николовски, ми е страв за потврдата на политичката немоќ оваа Влада и оваа парламентарното мнозинство да се справи со привиот проблем кога ќе се јави во Република Македонија, за нешто на што укажувавме пред една годна кога се формираше, или за нешто што оваа Влада господинот Тачи ја нарече дечји вртич.

За жал, денес, под успешна акција Николовски подразбира кога припадик на безбедносните сили е убиен,неколку се ранети, а ранет човек кој е напаѓач пребегнал илегално во друга држава. Јас сум загрижен и ми е страв за лекомисленоста и за прелесните зборови што се искажуваат овде на говорница. Вака зборуваше Филип Петровски, во 2000-та година. Со напади кон тогашната опозиција СДСМ, исто мислеше дека ќе се надминат работите. Врв на лицемерие е нападот на СДСМ за подгревање, меѓуетнички тензии или ширење на омраза, или да се споредува тоа како прв пример со албанците.

Вашата партија ВМРО-ДПМНЕ, господине Николовски вадеше летоци од мене и од мои колеги кога се носеше законот за територијална организација на Република Македонија. ВМРО-ДПМНЕ протестираше и фрлаше камења пред куќите на нас пратениците. Само после Хитлер, прв ВМРО-ДПМНЕ во 15 -17 години во Република Македонија организира протести пред опозициона партија. Тоа го имаат направено само два политичари во светот, Никола Груевски и Хитлер и вие ќе зборувате за ширење на национална омраза или тензии, вие што секојдневно ги подгревате со сите потези, со прелесни размислувања и со ароганција што досега е невидена на полтичкиот простор. Ви велам, вака дофрлуваше Филип Петровски, вака зборуваше Филип Пертровски во 2000-та година. Не ги потценувајате граѓаните на Република Македонија. сериозно сме загрижени за она што се случува. Зборувајте за настанот, а не зборувајте за опозицијата по оваа точка. Има господине Николовски многу недопирливи. Тие се наоѓаат под министерката и се наоѓаат околу опкружувањето на Никола Груевски. Земете го примерот само за хотелската ОКТА и се ќе ви биде јасно.

(Со седницата продолжи да раководи Бесим Догани потпретседател на Собранието на Република Македонија)

Една минута контра реплика за Александар Николовски.

**Александар Николовски:** Благодарам потпретседателе.

Еве јас би сакал да го дообјаснам она што го кажав. Успешна акција значи дека ние вчера имавме односно ноќеска имавмте полициска патрола која што беше нападната и која што го заштити мој и безбедноста на господинот Макрадули и на сите останати. Значи, имавме полицајци кои професионално, чесно, одговорно ја работеа својата работа. И ние треба да сме благодарни кон тие луѓе, да искаеме почит и да икажеме соочуство како што искажавме кон човекот кој што го загуби животот да ние можеме денеска да дискутираме, да бидеме чесни према тие луѓе и да им ја дадеме нашата почит.

А, што се однесува кон она другото што го говоревте се се сведува само на вртење на тези и спротивставување на тие тези кои што сами си ги издавате со сопствени анти тези, спомнување на имиња и личности кој што јас не би сакал да ги коментирам. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Николовски.

Три минути за реплика има господинот Андреј Жерновски, повелете.

**Андреј Жерновски:** Благодарам.

Колегата на кој што сакам да реплицирам се одлучив за вакво нешто бидејќи ако пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ го избрала него прв да го соопшти ставот тоа значи дека тоа е ставот на ВМРО-ДПМНЕ.

При тоа, млад колега, мислам дека кога ќе помине време и ќе си го прочитате стенограмот од говорот ќе сфатите какви непулози кажавте со тоа цитирам прво изјавивте дека: “треба да биде окупирана територија на Република Македонија за да се разговара на ваква тема”, што е е за еден пратеник, погледнете си го стенограмот катастрофална работа.

Втора со неуспешна политичка теза сакавте да кажете дека овде некој како во Србија со примерот на починатиот премиер Џинџич, овде некој планира да направи атентат врз актуелниот популарен премиер Груевски што исто треба да бидете свесен што изјавувате овде од собраниската говорница.

Големо разочарување за мене е тоа што како претставник, прв кој што зборот име на ВМРО-ДПМНЕ зборувавте се само не за темата. Темата е случувањата што вчера се случија 30 минути по полноќ. Вие зборувавте за опозицијата.

ВМРО-ДПМНЕ кога е во опозиција ја кажува следната реченица: за состојбата во Република Македонија виновни се СДСМ, ЛДП и ДУО.

Кога ВМРО-ДПМНЕ е на власт речницата гласи: состојбата во Македонија виновни се СДСМ, ЛДП и ДУИ.

И тоа е многу, многу смешно, да не кажам трагикомично за една партија која сега е година дена на власт. Што сакав да ве прашам? Вие кажавте дека опозицијата ја бараше оваа тема, дека е тоа незрело што опозицијата ја бараше оваа тема, дека опозицијата сака да дискутира на оваа тема и дека тој е политички несоодветно за овој момент. Дали вие го погледнавте стенограмот или листингот на гласање каде што можете да се уверите дека сите ваши коалициони партнери ДПА, НСДП, ЛП, бараа да се дискутира за оваа тема и дека вие како и за договорот со Али Ахмени и Никола Груевски останавте осамени во барањето да не се дискутира за оваа тема. И моето прашање кон вас е поврзано со

оваа тема, цитирам: Министерството за внатрешни работи одлично си ја изврши својта работа, понатаму, докажала дека, цитирам, нормално функционира државата и на крајот ја поздравивте акцијата. Тогаш објаснете ми зошто вие лично гласавте против да денеска дискутиравме за оваа точка на дневен ред, ако вие ја поздравувате акцијата со која што Владата докажува дека функционира територијалниот интегритет на Република Македонија, а министерката кажа, ако ја пратевте, дека всушност немало акција на припадниците туку едноставно била рутинска контрола. Благодарам.

**Бесим Догани:** Благодарам господин Жерновски.

Една минута, контра реплика за господинот Николовски.

**Александар Николовски:** Благодарам.

Значи, ако не бил колегата на почетокот на седницата јас би сакал да го потсетам дека господинот Павле Трајанов од име на коалицијата побара да се поднесе информација за она што се случуваше. А, зошто мислевме дека треба да се поднесе информација, а не одма да се дискутира е тоа што сакавме да и оставиме простор на Министерството за внатрешни работи да си ја извршува својата работа и денеска да бидат онаму каде што ќе бидат, каде треба да бидат, да ја тражат истражната постапка, а не денеска да го трошиме времето залудно коментирајќи и дискутирајќи помеѓу нас. А по однос на она што го кажувавте и по одност што го коментиравте за ВМРО-ДПМНЕ јас бев среќен кога кажавте дека ЛДП ќе дејствува независно и кога веќе се споредувате со Србија имате една иста партија со вашето име во Србија исто така се вика ЛДП но за жал, сте далеку од нив, од нивната прогресивност и по начинот на кој настапуваат и за жал се уште што останувате приврзок на партијата со рејтинг од 6%. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Николовски.

Три минути реплика за господинот Ивановски.

**Игор Ивановски:** Млад колега, додека вие овде држите напишани дискусии и ги повторувате истите дискусии како другите, луѓето гинат. Додека вие заработувате месечно 45 илјади денари плата и трошите дневници на граѓаните, додека министрите ги трошат по бизнис класи за патувања во странство, таму пред три минути му одадовме почит со една минута молчење на еден припадник на Министерството за внатрешни работи. Има и други загинати граѓани на Република Македонија. Тоа покажува дека политиката што вие ја водите продуцира жртви, продуцира конфликти. Престанете со тие, веќе ни самите не си верувате кога ги зборувате работите што веројатно како теза ви ги има напишано еден центар и треба да ги повторувате. Вие зборувате за национална хистерија, вие што оргнизирате етнички заедници да протестираат пред друга партија, сега кога тоа ви треба и ги злоупотребувате за ваши партиски цели. Тоа е национална хистерија, не е тоа овде. Овде зборуваме за мир и безбедност, не да кажува министерката дека граѓаните сакале информации. Граѓаните сакаат мир, не информации. Граѓаните не сакаат министерката да биде новинар од МИА па да им телеграфира што се случува и што го знаат сите. Тоа е разликата по однос на она што било и она што беше. Ако е успешна акција со еден загинат, која е неуспешна акција според вас. Вчера се случиле и други убиства во Скопје. Вашиот потпретседател од ДПА вели: не се секирајте ќе се среди, претпоставувајќи дека нешто треба да ни најави, како ќе се заврши целата работа.

Не одговоривте господине Николовски на една клучна работа, ниту вие ниту вашиот министер за внатршни работи, ниту премиерот, претседател на вашата партија. Вашиот шеф се уште е идеолошки практичен, на кого му се поклонувавте со години, повторно вчера и завчера ја отвора темата за поделба на Македонија, па не слушнав никој од ВМРО-ДПМНЕ, никој од Владата на Република Македонија да ја демантира и да се огради од таа концепција. Ниту еден од ВМРО-ДПМНЕ не рече тоа што Љубчо Георгиевски се залага, ние сме против и ќе се бориме. Не го слушнав ученикот Никола Груевски да рече ова што го збори мојот шеф и добар учител, јас не се согласувам и ќе се борам против тоа. Зошто секогаш кога доаѓа ВМРО-ДПМНЕ повторно се сценаријата за поделби, повторно се сценаријата со жртви, повторно, како на Павле трајанов, тракторите ќе бегаат, а вас ранетите ќе ви бегаат преку граница и тоа на крај ќе биде успешна акција.

И на крај, толку ви се СДСМ, ЛДП и сите останати, ама најмногу СДСМ, толку ви се проблем за се и сешто во државата и се што се случува го правиме ние, а имаме само 6% рејтинг. Зарем толку сме моќни господине Николовски. Ако сме толку моќни вие треба да си одите. Вас не ве бива. Бидејќи ние организираме се во оваа држава, да си ги спакувате куферите и даречете ние заминуваме бидејќи не не бива.

**Бесим Догани:** Благодарам.

Една минута контра реплика за господинот Николовски.

**Александар Николовски:** Нашата политика колега, создава резултати, вие го знаете тоа и тоа е единствениот ваш стрв. Сега можете да ја напуштите салата, бидејќи не сакате да ја слушнете мојат контра реплика односно мојот аргумет.

Бидејќи се вративте, ќе ви повторам.

Нашата политика создава резултати и тоа е единствената работа од која се плашите. Нашата политика создава резултати за разлика од вашите политики кои ги водевте во годините кога бевте на власт. тоа е прват работа.

Втората работа која ја спомнавте е поврзана со мирот и безбедноста на граѓаните. Јас и вие говоревме за истото. Граѓаните сакаат едно, а вие создавате хистерија во која се надевате дека

2% нема да се чувствуваат вака и дека рејтингот ќе оди до 6 на 2%, а имате низок рејтинг баш заради тоа што граѓаните можат тоа да го препознаат.

**Бесим Догани:** За реплка се јави Џеват Адеми.

**Џеват Адеми:** Како и целата јавност, и јас сакам да знам која е вистината.

Освен фактот дека има двајца убиени и неколку ранети, што всушност се случило во Ваксинци. Се случи тоа што министерката го кажа дека полициската патрола е нападната, паднала во заседа, или се случи тоа што пртеникот Николовски рече дека имавме една успешна акција на полицијата. Има голема разлика помеѓу овие две работи. По се изгледа нешто не функционира на линијата ВМРО-ДПМНЕ - Влада, од причина што до колку се случи тоа што го кажа колегата Николовски работите не се такви, се менуваат. Значи, оценките не се исти и последиците нема да бидат исти.

Доколку е вистина дека полицијата на организиран и координиран начин превзеде акција за да го приведат најголемиот светски криминалец, немало мандат да ги убие истите од причина што со голема леснотија произведуваме терористи, криминалци, непријатели.

Господа и тој убиениот, загинатиот, оставил 4 деца позади него. Нема никакво криминално досие во полицијата. До денес не е осуден ниту за едно дело и ние сега овде со најголема леснотија велиме дека се ликвидира еден криминалец.

Доколку е вистина тоа што го вели господинот Николовски, тогаш полицијата не е инструмент за да убива. Затоа прашуваме која е овде вистината, таа што ја кажа, еве да launched речеме таа што ја кажа госпоѓата минстер, или таа што ја кажа пратеникот кој го искажа ставот на партијата дека синоќа имавме успешна полициска акција каде за жал, го загуби животот команирот од полициската станица од Матејче.

**Бесим Догани:** Благодарам.

Една минута контра реплика за господинот Александар Николовски.

**Александар Николовски:** Благодарам.

Колегата се обидува со вадење на работите од контекст и создавање на сопствени тези да креира своја теза што апсолутно не е точно.

Вистината ја знаеме, ја кажа министерката за внатрешни работи, јас само ја потврдив и ја објаснив веќе во една контра реплика на Жерновски. Така што ако сакаат да создаваат контра тези и да ги вадат од контекст работите, можат тоа да го прават во секој говор, но сметам дека апсолутно е непотребно. Ние сме тука да разговараме за она што синоќа се случоло и сети, како што кажа тој сакаме да ја слушнеме вистината, а вистината е она што го кажа министерот за внатрешни работ и ние стоиме зад тоа. Благодарам.

**Бесим Догани:** Благодарам господине Николовски.

За реплика господинот Џеват Адеми.

Се извинувам, Тахир Хани е на ред.

Повелете господине Хани.

**Тахир Хани:** Почитувани претеници,

Во првата точка од дневниот ред имаме информација од страна на Министерството за внатрешни работи за случајот во Ваксинце и како што изгледа овде се претвораме во една позиција кога имаме информација од парламентарната група на мнозинството за оваа точка од дневниот ред.

Првенствено сакам да изразам сочувство на семејствата на жртвите во Ваксинце и сакам да поставам прашање до Министерството за внатрешни работи за тоа доколку Министерството за внатрешни работи е заинтересирано да ги реши проблемите било какви да се, на државно ниво, тогаш треба да си поставиме прашање кој е пристапот на Владата и мнозинството во оваа земја за избегнување на вакви проблеми и ситуации кои носат жртви и крвопролевање.

Долго време ни докажува историјата дека секогаш Министерството за внатрешни работи излегува со констатацијата дека сме имале напад кон полициската патрола. На оваа седнција имаме два пристапи. Еден пристап од Министерството за внатрешни работи дека имало напад кон полициската патрола и другиот став од страна на пратениците дека имало полициска акција во Матејче.

Сакам да поставам уште едно прашање до пратениците од мнозинството затоа што тие се однесуваат како да се припадници на Министерството за внатрешни работи кои имаат прецизни информации и веднаш ставаат точни прецизни проценки за тоа што се случува таму. Јас велам дека тие не се вработени во Министерството за внатрешни работи затоа верувам дека констацијата дека треба да дојде после прецизни констатации детално анализирани од страна на Министерството за внатрешни работи.

Мислам дека Министерството за внатрешни работи има сектор за внатрешна контрола кој секако треба да биде неутрален иако неутрално не е неутрален и независен, меѓутоа, овој сектор ќе треба на семејствата да им каже како се случил настанот, да ги убеди во прецизноста како се случил настанот и граѓаните да стекнат доверба во органите на МВР.

Сакам да го нагласам тоа дека во Република Македонија во зоните со албанско население и во зоните во кои семејствата се во тешка економска состојба се случуваат вакви работи. Јас не слушнав дека во овие зони се инвестира со милиони евра, но во медиумите слушаме дека милиони евра се инвестираат во други делови од земјата.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Хани.

Има збор министерот за внатрешни работи, повелете.

**Гордана Јанкулоска:** Благодарам потпретседателе.

Ќе ја искористам приликата уште еднаш да го повторам она што веќе во меѓувреме додека тече седницата стана составен дел од Записникот за извршениот увид кој во меѓувреме е комплетиран.

Повторно ќе повторам дека по извршениот увид на лице место од страна на надлежен истражен судија и заменик јавен обвинител од Основното јавно обвинителство во Куманово комплетиран е Записникот во кој точно се укажува на она што се случило.

Јас во моето првично излагање реков дека се работи, според првични сознанија тогаш, а сега веќе и како официјални сознанија и делови од записник. Се работи за настан во кој напаѓачите отвориле оган во моментот кога патничкото моторно возило Форд се разминувало со патничкото моторно возило Лада. Значи, во моментот кога командирот на полициската станица сега починатиот Фатмир Алили вршејќи редовна служба, контрола на терен на станичното подрачје пристапил кон преземање на активности за легитимирање на лицата, тогаш е отворен оган на полициската патрола. Полициската патрола возвратила на отворениот огин и следствено на тоа настанале последиците за кои денес зборуваме.

Инаку, во прилог на она што го зборуваше претходниот дискутант, уште еднаш ќе напоменам и ќе подвлечам дека секоја употреба на огнено оружје од страна на припадник на МВР е предмет на внатрешна постапка односно предмет на анализа на Секторот за внатрешна контрола и професионални стандарди. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам и јас.

На ред за збор е господинот Рафис Алити, повелете.

**Рафис Алити:** Ви благодарам потпретседателе, почитувани пратеници, почитувани присутни.

Во мое име и во име на парламентарната група на ДУИ им изразувам длабоко и искрено сочувство на семејствата кои ги загубија нивните најблиски.

Денеска не сме тука за да се ставиме во улога на судија. Ние сме овде за да создадеме услови, да има правда за сите граѓани на Република Македонија.

Почитувани колеги, како слабо управување на власта и како злоупотреба од страна на власта, мислам на актуелната Влада имаме тешка политичка средина во оваа земја. Меѓуетничките односи се доста влошени. Во текот на владеењето на ДУИ со коалиционите партнери не беше лесно да се владее по 2001 година од причина што во нашата земја имавме судир и војна. Но, секогаш нашиот пристап беше дека проблемите треба да се решаваат со политички средства за да ги релаксираме меѓуетничките односи во Република Македонија, нешто што не се случува со актуелната Влада.

Денеска имаме убиство во Република Македонија и тоа по порачка. Велам по порачка со знаење на високи властодржци во Министерството за внатрешни работи, за што можам да понудам факти.

Јасно се гледа дека оваа Влада како метод го има избрано насилството, крвопролевањето, сеењето на страв, рекетирање на граѓаните, кражба и тн.

Но, сето ова што го кажав важи само за доверливите партиски структури кои можат да рекетираат, уриваат и тепаат, што значи дека не важи за сите членови или симпатизери на ова мнозинство. Не случајно уште од почетокот се направија сите тие диференцијаци во администрацијата, во полицијата, во воените структури и тн. Ние тоа го разбираме, со доаѓањето на една друга Влада на власт треба да се смени раководството, но не и службеницте по училиштата, секретарките на парламентарните групи, како што се случи овде во Парламентот со една секретарка која беше дел од кабинетот на ДУИ, но кога и се побара партиска книшка и се да биде под контрола на актуелната Влада, таа ја отпуштија од работа. Дел од пратениците знаат за кого зборувам.

Почитувани колеги, Албанците, а посебно поранешните припадници на ОНА се следат како Евреите во времето на нацизмот, во времето на Ранковиќ, прогонувањето на Албанците во времето на Милошевиќ и на многу други властодршци кои вршее насилство во однос на Албанците на овие подрачја, но и во Република Македонија.

Албанците денес не ги штити Уставот, Албанците денес не ги штитат законите, Албанците денес се во тешка состојба за да го штитат прагот на нивниот дом, да го заштитат достоинството и честа на нивното семејство. Оваа позиција не е во интерес на ниту еден граѓанин, ниту на Македонците, не е во интерес на Република Македонија.

Се поставуваат многу прашања и дилеми зошто на Албанците им се наметнува оваа политичка клима. Каде ќе заврши оваа земја со една ваква политика и ваков пристап кој го има кон еден дел од своите граѓани.

Почитувани пратеници, ние сме избрани за да ја изградиме иднината за сите граѓани на Република Македонија. Но, со едно вакво управување на власта не дека не градиме иднина, напротив, многу граѓани во Република Македонија денес си поставуваат прашање каде ќе заврши оваа земја, кои ќе бидат последиците на оваа Влада, бидејќи во другите подрачја каде сме имале тоталитарни власти се знае каде завршија тие држави. Затоа секој од нас треба да го стави прстот на чело и да замисли дека ние не сме тука за да градиме лоша иднина, туку напротив, ќе бидеме одговорни пред сите генерации кои доаѓаат по нас. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Алити.

За реплика е јавен господинот Матоши, повелете вашите три минути.

**Ружди Матоши:** Ви благодарам господине потпретседател.

Ќе се обидам да му реплицирам на господинот Рафис на колку што е можно поаргументиран начин.

Сите ние знаеме колку жртви или колку паднати борци имало во текот на 2001 година, тоа се 84 војници на ОНА и 120 цивили. Меѓутоа, знаеме колку убиства имало од 2002 до 2006 година. Има над 500 убиства и 500 ранети кои ги предизвика власта управувана од СДСМ и ДУИ.

Ние се обидуваме веќе една година откако сме на власт да бидеме колку што е можно порационални, попрецизни и доследни во спроведувањето на законите и во создавање на една безбедна клима посебно за граѓаните Албанци во Република Македонија.

Ние се обидуваме максимално да нема повторување на Чаирчанка, Раховец, Речица и на разни енигматски убиства кои се случија кај Албанците. Затоа на овој пат ќе продолжиме максимално за да Албанците во Македонија им обезбедиме безбедна клима, сигурна клима без криминал, без рекетари и без негативни елементи кои не ги сака никој.

Добро е да не се манипулира, многу е добро да се говори праведно затоа што начинот како се јавува и говори господинот Рафис не е во ред и не е маженствено. Да се каже дека се прогонуваат војници на ОНА како во времето на Евреите тоа е исклучително немажествено и не добро од причина што токму оние кои биле војници на ОНА, вистински војници на ОНА тие не го повредуваат законот, тие се семејни луѓе, ги гледаат своите семејства, тие се коректни во сите аспекти од општеството.

Меѓутоа, жалам господине Рафис што вие на разни начини дувате на огинот. Вие како група или еден широк политички спектар, ваши политичари, имате контакти со лошите моменти кои го газат законот. Благодарам.

**Бесим Догани:** Контра реплика за господинот Рафис Алити, повелете.

**Рафис Алити:** Верувам дека ќе ми дадете повеќе од една минута време, бидејќи ќе ги земам минутите од опозицијата. Вие како претседавач нема да ме прекинете во мојата контра реплика.

**Бесим Догани:** Ве молам, имате само една минута.

**Рафис Алити:** Господине координатор на парламентарната група на ДПА, не ви се обраќам со господине Ружди, твоето ниво не дозволува да комуницираш на тој начин, но тоа е твој проблем. Секоја вечер се случуваат чаирчанки овде, но не ги гледаш, бидејќи си на власт. Секоја вечер ни се случуваат рекетирања, повторно не ги гледаш бидејќи се твои другари околу тебе. Секоја вечер имаме убиства, но не ги гледате затоа што ви изгледа убаво. На многумина им изгледаше и во минатото, но еден ден ќе дојде правдата било за тебе било за мене. Доблесно е на лошото да му се каже лошо, на белото бело, а на црното црно. Вие не сте во состојба тоа да го направите ниту вие ниту вашите коалициони партнери. Ви благодарам.

**Бесим Догани:** За збор се јави господинот Тито Петковски, повелете.

**Тито Петковски:** Господине потпретседател, госпоѓице министер, почитувани колеги.

Гласав и пратеничката група на НСДП гласаше за ова што се случи ноќеска Собранието да биде информирано. И, ништо повеќе. Да бидеме информирани од релевантен извор, од она вистинско место затоа што сум убеден онаму каде нема права информација царуваат шпекулации. Да не бидеме информирани од медиуми, да не бидеме информирани од официјално соопштение на ресорот, бидејќи сепак станув збор за највисокиот законодавен дом, па ако сакате и најважен меѓу сите носители на власт во државата.

Знаев дека ние не можеме да водиме култивиран дијалог. Ние имаме плукачка реторика. Секоја прилика ја користиме како да му наштетиме на политичкиот конкурент и да разговараме од доаѓањето на Старите Словени на Балканот или пред нив, па се да си кажеме меѓу себе. Целта не беше таа. Јас таков пристап не поддржувам.

Ќе ви кажам дека и од времето, од почетокот на плурализмот во Република Македонија и кога еден период бев претседател на Собранието, апслутно бев против информации да се поднесуваат на Собранието и ние да дебатираме без никаква смисла. Некои ќе се навредат затоа што реков нема никаква смисла. Собранието е законодавен дом, носи закони. Може да расправа за теми од кои ќе произлезе потреба да се донесе закон. Ние носиме одлуки, декларации, резолуции, но пред се закони. Ова што се случува и денес и многу денови наназад, претпоставувам и многу денови во иднина ќе бидат дирекно против основната функција на Собранието, носител на законите и на законодавната активност. Тоа ја изместува, ако сакате, позицијата на Собранието. Постојано не критикуваат. Еве и во последниот извештај од Европската унија дебело е подвлечено, а верувам дека и во овој извештај што ќе го добиеме на почетокот на ноември ќе стои Македонија нема функционални и кредибилни институции. Македонија нема функционална држава која има перформанси да биде сериозен кандидат за членка на Европската унија. Зошто.

Па ние ја правиме сите таа слика во онаа наша бескурпулозна борба за позиции и дискредитација, меѓусебно на политичките конкуренти, забораваме на основниот интерес за кој што сме тука, државните и националните интереси. Е сега некој ќе рече теоретизирам. Сакам да бидам многу и конкретен.

Ако е Собранието носител на законодавната активност, Владата е на извршната власт и министерствата и тн. И ако тие не си ја вршат работата како треба, ќе бараме интерпелација, ќе бараме да се гласа за доверба на Владата и тн., има значи инструменти за политичка контрола од Собранието на носителите на извршната власт. И во тие рамки ќе говориме дали некој носител на извршната власт си ја врши одговорно функцијата или не.

Еве почитувани колеги да не биде и тоа зборување во празно. Имавме многу значајни теми. Зборувавме овде по декларација за НАТО, за Европската унија, што заклучивме по наше. Дали успеавме да се договориме. Ние немаме шанса да се договориме. Еве сега и после оваа расправа, денес ќе ја завршиме, како ќе ја окончаме седницата. Каков заклучок ќе донесеме. Има ли претстава за тоа. Дали како одговорни луѓе седнавме па да бараме да се зголеми угледот на Собранието, а ние поединечно, како партиципиенти, политички групи, политички партии, пратенички групи да партиципираме во зголемувањето на одговорноста и смислата на она што ние како НСДП го поддржавме беше токму во тоа, како да се подигне одговорноста нас на пратениците за вкупната безбедносна ситуација во Република Македонија. Ние не можеме да го вратиме човекот. Сите овде, Собранието изрази сочувство до него, до семејството и тн. И во Македонија се случуваа и ќе се случуваат. Сакам да кажам дека добро е да предупредиме на будноста на органите на прогонот, на полицијата, на армијата, но најбитно од се, каде ќе го сместиме, позиционираме Собранието како законодавен дом во нашата легитимација пред Европската комисија и пред Европската унија каде што сакаме да бидеме членка. Ако сите имаме неподелен стремеж, неподелена е определбата на сите политички партии таму да оди. Значи, одговорноста на оние се гледа преку инструментите на политичката контрола, а не преку дебата на Собранието.

Затоа ќе подвлечам уште еднаш. Апсолутно сум против разно разни информации кои доаѓаат на Собранието, а од кои што не резултира никаква одлука на Собранието да се донесе закон. Но основна обврка е таа, или да носиме препорака, да носиме декларација, резолуција, која што ќе ја унапреди работата на Собранието и ќе го зголеми угледот на Собранието како законодавен дом. А инаку ова што се случува меѓу нас, се случувало и ќе се случува. Јас не гледам ништо дека последните години сме напреднале на планот на политичката култура, на разбирањето, на дијалогот, на меѓусебната комуникација. Па, да седнеме како одговорни политичари да се договориме за некоја од најзначајните работи и да се потпишеме од сега натаму така ќе работиме. Според тоа, почитувани колеги мислам дека би било добро ако можеме во таа смисла да расправаме и да ја окончаме расправата. Јас знам дека ние со време си кажуваме се. Ќе имаме уште многу работи да си кажеме меѓу себе. Меѓутоа на несреќата и на случајот што се случи ноќеска и на она семејство па ако сакате и на угледот на полицијата во Република Македонија не треба да бараме поени. Не е исклучок само оваа седница. Така беше сите овие години и кога беа други на власт и кога беа други во опозиција. Се користеа несреќите на луѓето за да се нападне политичкиот конкурент, да се прикаже неспособен во очите на јавноста ние да бидеме тие кои што сме алтернативата и тоа подобрата алтернатива.

Значи, опозицијата да, таа во секој случај е коректив на власта, а власта има одговорност, но одговорност има и опозицијата заради државта и заради институцијата што се вика Собрание на Република Македонија. Поради тие причини само баравме и поддржавме да дојде министерот за внатрешни работи. Искрено да ви кажам очекував не само министерот, и премиерот и министерот да дојдат пред седницата, кога ова ноќеска се случи и да кажат господа пратеници имате важна точка, важни точки на дневниот ред, но ноќеска се случи немил настан, ние чувствуваме обврска да ве информираме, за да не бидете информирани од други извори и да не се градат разни шпекулативни претпоставки што се случува.

Но, еве и тоа се случи. После одлуката, па и она што побара и Павле Трајанов, и тоа за да се добие информација беше во функција за да ние бидеме изворно информирани како функционира органот. Според тоа јас не очекувам ние од оваа наша дебата да осудиме дека неспособно ја врши функцијата Министерството за внатрешни работи, затоа што тие дадоа информација, министерката беше многу прецизна, кажа тие ефикасно што преземале, меѓутоа натаму да се договараме како ќе ја градиме вкупно да ни биде стабилна безбедносната состојба. Јас мислам дека тоа е одговорност и на позицијата и на опозицијата. Тоа е одговорност на сите пратеници во Собранието на Република Македонија. Според тоа очекувам и после оваа седница и претпоставувам дека сите од нас очекуваат како ќе ја завршиме. Не може ние само дискутиравме, дебатиравме, си кажавме се што има и Собранието ќе се разотиде, како и многу пати досега што се случило.

Дајте да седнеме, затоа предлагам во меѓувреме додека трае дебатата од сите пратенички групи по еден претставник да определат пратеничките групи, да се повлечат и врз основа на она што беше досега речено и информацијата од министерката за внатрешни работи да предложат заклучок околу кој можеме ние да се усогласиме. Па и матичната комисија нека заседава, и тоа може да биде инструмент, таа е работно тело на Собранието, но да не говориме постојано, а на крај да се испостави дека Собранието е неспособна институција која само дебатира, дебатен клуб, а во ниеден случај влијае позитивно на политичките процеси во државата. После никој не ни е крив, цацко ни е крив зошто угледот на пратениците е мошне низок,

поединечно на сите од нас. Мислам дека на тоа најмалку внимаваме. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Петковски.

За реплика се јави госпоѓица Славица Грковска и Весна Бендевска.

Повелете госпоѓице Грковска, три минути за реплика.

**Славица Грковска:** Благодарам потпретседателе.

Господине Петковски морам да признам дека за жал крајно ме разочаравте со еден добар дел од вашата дискусија, заради тоа што тоа можам да го очекувам од пратеник кој што е за прв пат избран во овој собраниски дом, меѓутоа од пратеник кој што цел живот од осамостојувањето бил во секој собраниски состав и еден добар дел бил претседател на Собранието, не очекував половина од својот говор да го посвети на улогата на Собранието и што би требало пратениците да прават.

Се разбира дека пратениците имаат право и обврска да дискутираат за прашања од ваков карактер заради тоа што се како претставници на граѓаните задолжени да бидат информирани од прва рака. Затоа ние баравме оваа точка да биде денеска на дневен ред. Добро е што и вие ја поддржавте оваа информација, меѓутоа јас очекував да ја искажете вашата загриженост, најголемата партија на власт која што вие ја поддржувате, од чија коалиција сте дел немаше спремност да дискутира денеска на оваа тема. Не можам да се согласам дека за тоа за изговор дека би требало да ја има улогата на Собранието дека треба да носи само закони и препораки. Во крајна линија и препораките што треба да ги донесе ова Собрание денеска од оваа точка на дневен ред би требало да бидат обврзувачки за Владата и за министерството за внатрешни работи.

Меѓутоа, јас ве повикувам ако не сте успеале досега во сите ваши мандати да ја подобрите улогата на Собранието тогаш да го направите сега како дел од партијата на власт и да укажете на премиерот Груевски за вистинската улога на Собранието и да му укажете дека Собранието има претседател кој што раководи, а кој што не е нормално премиерот на Владата да го контролира. Да му кажете на премиерот Груевски дека не е нормално премиерот да ги прави дневните редови за седниците, а не претседателот на Собранието и тогаш ќе се согласам со вас дека ќе имаме Собрание со висок рејтинг кое што ќе биде институција за почит и кое што ќе ја има вистинската улога во ова општество, а тоа е да биде институција која што ќе ја контролира Владата како што му е местото, а не сервис на Владата.

Во секој спротивен случај ќе ве сметам вас како соучесник во ваквата политика на Груевски. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодрам госпоѓице Грковска.

Една минута за контра реплика има господинот Тито Петковски, повелете.

**Тито Петковски:** Благодарам за можноста практично да се доискажам.

Вие знаете дека ова што го говорев сега на оваа седница го говорам постојано, во континуитет. Дури и во моментот кога се гласаше за доверба на Владата не отстапив од овие свои погледи за улогата на Собранието и во моментот кога сите заеднички ќе сватиме дека Собранието е највисокиот орган на државата, највисокиот законодавен орган на чии иницијативи, па ако сакате и контрола се потчинети сите институции во државата ќе бидеме сигурно многу, многу пофункционална и способна држава, надежна да одговори на потребите на граѓаните и се разбира на оние кон чие друштво се стремиме. Благодарам.

**Бесим Догани:** Благодарам господине Петковски.

Реплика има госпоѓа Весна Бендевска, повелете.

**Весна Бендевска:** Благодарам.

Мене ми е навистина жал што лидерот на новите социјал демократи, претпоставувам во обид да се извини на својот коалиционен партнер ВМРО-ДПМНЕ, затоа што се дрзнале новите социјал демократи да гласаат во прилог на тоа денес да се разговара на оваа тема. Го лоцираше Парламентот на Република Македонија како законодавен дом.

Но, бившиот претседател на Собранието заборавил очигледно дека Република Македонија според Устав е парламентарна демократија. На власт се граѓаните преку своите избрани претставници. Тоа сме ние и токму затоа Собранието ја избира, а следствено на тоа и разрешува извршната власт. Членот 218 од Деловникот, согласно Уставот налага ова Собрание да врши политичка контрола и надзор врз практицирањето на Владата на Република Македонија.

Господине Петковски за жал вие повторно, како и изминатите 12 месеци избирате да не ја гледате шумата од дрвото. 12 месеци вие се обидувате и да коалицирате и да практицирате власт, и да не ја споделувате одговорноста односно начинот на кој Владата на ВМРО-ДПМНЕ со ваша помош успеа овие 12 месеци Македонија да ја доведе 24 односно 26 месеци поназад.

Се случи нешто страшно и очекував токму од вас како искусен политичар и лидер на една партија да барате вистината да биде соопштена токму од страна на надлежната министерка за внатрешни работи. Пред нас да одговара за својата работа, да одговори на тоа дали Македонија се соочува со безбедносна криза со оглед на тоа што синоќешниот настан е една последица од она што се случуваше веќе подолго време.

И, на крај да ве потсетам. Настапите на последните избори со паролата “Силно и чесно” верувајте господине Петковски во овој момент

демантирано ви е вашето мото, дури напротив може да служи и како потсмев. Благодарам.

**Бесим Догани:** Благодарам госпоѓо Бендевска.

Контра реплика за господинот Тито Петковски, повелете.

**Тито Петковски:** Ние можеме за себе да мислиме дека сме ангели, дека сме најубави и дека сме најпаметни, меѓутоа колку вредиме кажуваат граѓаните. Тука се согласуваме.

Единствено што се согласувам со вас е токму тоа. Судот на граѓаните е на избори. На изборите се случи тоа што се случи. Немате морално право да делите лекции на секоја седница, навредувајќи ги на тој начин граѓаните, кои што гласаа како што гласаа. Почитувајте ја волјата на граѓаните ако сакате да бидат на ваша страна на следните избори. Благодарам.

**Бесим Догани:** Благодарам господине Петковски.

Има збор господинот Јован Манасијевски, повелете.

(Пратеникот Есад Рахиќ реагира од место)

Повелете господине Манасијевски.

**Јован Манасијевски:** Благодарам.

Почитуван господине потпретседателе, почитувана госпоѓо министер, почитувани колеги,

Јас сум застапник на еден тврд легалистички пристап и темелен и затоа сметам дека на оваа седница на Собранието требаше да и претходи една темелна расправа на соодветната матична комисија - Комисијата за безбедност и одбрана. Имено, во сите етаблирани демократии при вакви и слични настани она што прво се прави е клучните луѓе да доаѓаат на т.н. сослушување пред матичната комисија. Тоа се прави со или без присуство на јавноста и таму се проценуваат преземените мерки и евентуалната првична одговорност. После таа темелна расправа се оди евентуално на парламентарна расправа затоа што во одговорните парламентарни демократии се цени дека на парламентарна расправа се доаѓа тогаш ако се утврди дека има реални елементи за поширока расправа. Меѓутоа, ние сме навикнати со желба да ги затскриеме лошите работи под тепих, да ги прескокнуваме тие логични чекори и оттаму доаѓаме директно на пленарна седница каде што големо е искушението на кое што очигледно подлегнаа многу пратеници актуелната расправа и политички да се употреби.

Оттаму како ефект добиваме тоа што ниту ние имаме квалитетна расправа, ниту граѓаните имаат реална слика. Значи, преферирам и не е доцна и после оваа седница, бидејќи извештајот, како што слушнавме од министерката не е финално завршен во текот на утрешниот ден пред соодветната матична комисија во Собранието во присуство на клучните раководни лица од МВР биде разгледан целиот случај.

Навистина мора и јас да се спротивставам, иако беше кажано од повеќе пратеници, не ми се допадна тезата на господинот Петковски каде што сака Собранието да го претстави само како законодавна машина. Во Уставот на Република Македонија подеднакво се важни двете функции на Собранието, и законодавната и контролната и надзорната. Пратениците во својота секојдневна работа треба да прават баланс помеѓу овие две функции на Собранието за да успешно ги извршуваат уставните обврски.

Дозволете ми пред да почнам со излагањето да го искажам моето лично сочувство и сочувството на ЛДП до фамилијата на командирот Алили. Особено е болно сознанието што се работи за искусен полицаец кој што долги години бил во служба во МВР.

Министерката сумарно ако може да ја интерпретирам кажа дека се работи за изолиран криминален инцидент без безбедносни импликации. Се разбира сите сакаме да веруваме во тоа, и дури и да ја прифатиме таа оценка што беше изнесена, останува прашањето имаме ли ние превентивен одговор на обидите за инструментализација на овие криминални групи и криминални поединци, затоа што факт е дека особено во последниот период ваквите случаи зачестија и факт е исто така дека МВР често пати не се снаоѓаше и со своето делување кон јавноста создаваше дополнителна конфузија.

Имено, многу е тенка линијата меѓу овие криминални инценденти и нивната трансформација во безбедносни проблеми. Тоа сме го искусиле и ние пред 6 години и тогаш, да ве потсетам, сегашниот претседател на ДПА, господинот Тачи имаше една жестока изјава после првите проблеми во Танушевци каде што тврдеше дека се работи за бандити и криминалци со кои што треба властите да се справат. За жал, што покажа времето? Времето покажа дека двете тогашни политички партии на Аланците немаа апсолутно доволен политички легитимитет на теренот да ги санираат состојбите, да ги изолираат тие криминални групи и поединци и како резултат на тоа имавме ситуација меѓународниот фактор во една долга и сложена процедура, во губење на политичкиот легитимитет на тогашните актери создаде нов политички играч на македонската сцена со цел да ја канализира енергијата од конфликтот.

Би било многу лошо доколку и ВМРО-ДПМНЕ и ДПА не ја научат таа лекција, затоа што многу работи, за жал во однесувањето наликуваат на таа ситуација од пред неколку години. Коренот на таа ситуација е во потценувањето на ваквите изолирани криминални инциденти, кој што ако нема соодветна реакција на државата прераснува, добива политички договор и прераснува во безбедносни проблеми кои што не се само домашни, национални, туку стануваат и регионални проблеми. Ова е особено важно затоа што во последниот период и цивилните и воените власти во Косово, значи администрацијата на УМНИК и КФОР, како и сите политички елити на главните политички партии во Косово предупредуваат на можните

екстремистички акции. И укажуваат дека најлоша услуга што може да му се направи на Косово во овој период што следи е токму преку такви инциденти чии што носители се припадници на албанската заедница било во Косово било во регионот.

Оттаму треба навистина во согласност со овие реални пораки што доаѓаат од Косово и самата Република Македонија особено клучните органи да се сообразат и во согласност со ваквата генерална регионална претпазливост да ги координираат и организираат своите дејствувања.

Нас не делат само шест месеци од добивањето на покана, очекуваната НАТО покана. Треба да сме свесни дека и покрај целосниот политички консензус што постои, и покрај големата поддршка на граѓаните, од преку 90%, сеуште има сериозни центри на кои не им одговара членството на Република Македонија во НАТО и стабилизацијата на регионот.

Овој период што следи од тие центри нужно ќе биде искористен за дестабилизирање на целиот регион и на создавање на атмосвера која што нема да води кон мирна разрешница. Оттаму нашата претпазливост од евентуална злоупотреба на сите вакви криминални поединци и групи мора да биде навистина на повисоко ниво...

**Иван Анастасовски:** Се извинувам господине Манасијевски, само една минута ќе ве прекинам, за да известам.

Работното време е до 18,00 часот, меѓутоа согласно договорот да пренесам и за јавноста и за колегите пратеници дека денеска ќе се работи до 20,00 часот.

Меѓутоа, согласно договорот, јас тоа морам да го пренесам и за јавноста и за колегите пратеници, денеска ќе се работи до 20 часот, согласно договорот на координацијата. Се извинувам. Продолжете.

**Јован Манасиевски:** Факт е кој што не може Министерството за внатрешни работи да го негира, дека општат и личната безбедност во Република Македонија се влошени, во споредба со една година порано и во споредба со неколку претходно. Имаше особено серија настани во последниве неколку месеци. Токму официјалното известување на министерката за внатрешни работи говори во таа насока.

Имено, од министерката беше јасно посочено дека не се работи за никаква акција на полицијат, туку се работи за рутинска обиколка. Што може обичниот македонски граѓанин да заклучи, дека во Република Македонија во една рутинска полициска обиколка не се безбедни полициските службеници. Се случува да имаме и жртви. Оттаму, самата ваква ситуација генерира несигурност кај граѓаните, а не опозицијата како што сакате да тврдите, затоа што опозицијата колку и да се труди, никогаш не може да ги уплаши граѓаните повеќе од онолку колку што може да ги уплаши самата власт. И тоа на два начина. Со чинење и со нечинење на одредени нужни акции во одредени ситуации. Значи, проблемот е што не била полициска акција испланирана, туку се работи за рутинска обиколка. Значи, степенот за општа и лична несигурност е голем што во рутинска обиколка се случува да погине командир на полициска станица и имаме двајца потешко повредени.

На оваа седница очекував од министерката уводно излагање, или во заклучното излагање се надевам да се обиде да даде свој став, затоа што е политичар, кој што ја извршува таа функција, министер за внатрешни работи, кои се причинте за вака зголемене лична и општа несигурност во Република Македонија. Дали е тоа можеби територијалната поделба на надлежности помеѓу коалиционите партнери ВМРО-ДПМНЕ и ДПА. Во тие делови со доминантно албанско население за безбедноста е задолжена ДПА. Да ве потсетам госпоѓо министерке, тоа што говорев на почетокот. Ваквиот рецепт се покажа комплетно неуспешен. Доколу сакате, сакаме ние, сакате и вие, да бидете успешни во извршувањето на вашите задачи. Оваа аномалија мора да ја поправите, затоа што не може на таков неинтегрален начин, на начин со поделени територијални надлежности, да имаме ефикасна безбедносна состојба. Тоа е едно.

Второ што очекувам од министерката е одговор, кои мерки ќе бидат преземени за вакви ситуации да не ни се повторуваат, значи ваквите изолирани криминални инциденти да немаат вакви последици и што е уште поважно да не бидат трансформирани во безбедносни проблеми, кои што подоцна во некоја подоцнежна фаза, дури можат да добијат и политичко руво.

Ова го велам, затоа што факт е дека во случајот имало слаба безбеносна проценка, затоа што, очиглено е дека Министерството за внатрешни работи не презело зајакнати мерки во овој регион, каде што има сериозни индиции дека дејствуваат вакви криминалци. Затоа што госпоѓо министерке, овие личности кои што сте ги идентификувале дека го извршиле нападот, уште пред десет дена јавно му се закануваа на премиерот, вас, на господинот Тачи, на вашиот заменик со физичка ликвидација. И навистина е просто несфатливо, како е возможно во регион каде што голема е веројатноста дека овие криминални поединци се движат, рутински да се извршуваат обиколките на полициските службеници. Значи, очекувам од вас госпоѓо министерке да објасните зошто не сте презеле мерки, зајакнати во овие делови на државата, иако имало сериозни индиции и дали сега после овој настан и тие мерки ќе ги превземете. Или пак како резултат на некоја осветничка спирала, може да следуваат и повеќе слични инциденти.

Втора битна работа, втор битен факт, за кој што воопшто не ми е драго да зборувам, факт кој што е евидентен, е всушност како функционират реформите на полицијата на терен. Вие госпоѓо министерке во повеќе наврати сакате да се фалите дека реформте во полицијата не се

состојат во продукција на хартии, на подзаконски акти, туку во реални промени на дејствувањето на овластените службеници на терен. И во зголемувањето на нивната лична безбедност при акциите и во зголемувањето на општата безбедност и во самите начини на изведувањето на акциите, било да се посебни, било да се рутински акции. Значи, од таа реформа на полицијата на самиот терен, за жал, нема ништо. Можеби една година ви е малку, меѓутоа, дајте онолку колку што може и опозицијата да помогне во таа смисла, да, се разбира, со политичка подршка, реформите во полицијата да бидат завршени на начин што ќе создаде реални промени на теренот, за што тоа е најбитно и тоа граѓаните реално го чуствуваат.

За крај, дозволете ми да дадам неколку сугестии, поточно една клучна сугестија, а тоа е дека оваа ситуација што ја имаме денес може релативно брзо и лесно да се санира, меѓутоа, може и мошне неповолно да ескалира. Она што е многу значајно од политички аспект е прво и припадниците на Министерството за внатрешни работи, пред се мислам на челните луѓе на Министерството за внатрешни работи, а и клучните политички чинители, при тоа мислам на клучните политичари од двете најмоќни албански партии ДУИ и ДПА, да бидат веднаш и реално присутни на теренот. Да не дозволат да настане ескалација на овој судир. Затоа што при вакви настани голема е веројатноста да настане таканаречената спирала на злото. Затоа политичката одговорност е голема, пред се на најмоќните субјекти да не дозволат овој случај да излезе од контрола.

Второ, Министерството за внатрешни работи сериозно во контекстот на ова што го говорев, за конкретното однесување на терен, конкретната обука и превземање на акциите да го преиспита своето однесување и можеби најголем дел од своите реформски напори да ги насочи токму во овие делови на државата, каде што овие предизвици во борбата со криминалните поединци и групи се најголеми. И мое лично сознание е дека реално на вашите колеги таму им треба помош и подршка, затоа што се работи за навистина сложени проблеми во сложено огранично подрачје, кое што, како што говорев предмалку, може да биде многу лесно инструментализирано.

Значи, апелирам на брза акција на Министерството за внатрешни работи, во смисла на присуство на теренот и објаснување на локалното население за самата смисла на акцијата и за самите настани што евентуално може да следат во функција на создавање на чувство на зголемување на личната и колективната безбедност на тие граѓани во тие делови на Република Македонија и апелирам до нашите колеги од ДПА и ДУИ, со своето присуство на теренот, бидејќи тие се клучните фактори и би биле сите други веројатно среќни да можеме да помогнеме, меѓутоа, мојата проценка дека не можеме, дај Боже да грешам, стоиме на располагање, меѓутоа, најбитно е тоа да се направи на тој начин. На тој начин најефискасно ќе и се помогне на Република Македонија, меѓутоа, ќе му се помогне најефикасно и на регионот, затоа што колку што ние со голема загриженост во македонскиот Парламент дебатираме за овие настани, верувајте дека извештаите од тоа што се случи ноќеска со иста таква внимателност се разгледуваат и во Брисел во седиштето на НАТО, затоа што состојбите околку Косово уште еден подолг период ќе бидат предмет на засилена опсервација и тие се гледаат секогаш интегрално во регионот, не се гледаат омеѓено од границите кои што постојат меѓу државите. Оттаму, би замолил и понатаму расправата во нашиот Парламент да земе еден по друг тек, се разбира, денеска да заврши со соодветни политички заклучоци, утре би ја повикал министерката со клучните раководители на јавната и државна безбедност, се разбира, со директорот на Агенцијата за разузнавање, директорот на Центарот за управување со кризи, пред матичната собраниска Комисија да поразговараме на овие теми, заеднички да ги процениме импликациите и се разбира, убеден сум дека од ова искуство непријатно, нашата држава ќе излезе појака и во пресрет на Самитот на НАТО и на решавањето на статусот на Косово, на неа ќе биде гледано, како што беше гледано во изминатите 4 години, како фактор на регионална стабилност, а не како фактор на можна дестабилизација во регинот. Благодарам на вниманието.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

За реплика се јави министерот за внатрешни рабоити, имате три минути, повелете.

**Гордана Јанкулоска:** Благодарам потпретседателе,

Практично целта на моето пријавување за збор, не беше да му реплицирам на пратеникот Манасиевски, туку да дадам едно дополнително објаснување кое е во функција на создавање на реална слика за она што во текот на ноќта се случи во Ваксинце. Имено, со цел објективно да бидат информирани и пратениците и пошироката јавност, уште еднаш ќе потенцирам дека присуството на полицијата на секој снатиметар од територијата на Република Македонија демонстрира одлучност и капацитет на институциите. Во таа насока, во функција на, ве молам, ако може да создадеме услови да се слушаме.

**Иван Анастасовски:** Ве молам колеги. Продолжете.

**Гордана Јанкулоска:** Во функција на дополнително објаснување уште еднаш ќе подвлечам за нешто што го кажав во моето воведно излагање, а тоа е дека полициската патрола, за која денес зборуваме е полициска патрола од мешан етнички состав. За жал, и последиците укажуваат токму на тоа дека се работи за полициска патрола од мешан

полициски состав, што во основа одговара на составот на населението во овој дел и уште повеќе ќе потенцирам, без намера да навлегувам во дискусија за реформите во полицијата, но ќе потенцирам дека по однос на ова прашање Министерството за внатрешни работи доследно го следи акциониот план на реформи во полицијата и на сите мерки и активности во смисла на информативниот дел, во смисла на имплементација на она што значи регулатива во делот на реформите на полицијата. Доследно и благовремено се имплементираат, но за тоа ќе разговараме во некоја друга прилика кога тоа ќе биде предмет на расправа на Собранието. Се разбира, јас како министре за внатрешни работи ќе бидам тука секогаш кога тоа ќе го побара Собранието од мене, не зависно дали иницијативата потекнува од пратеници од власта, или пратеници од опозицијата, затоа што во крајна линија Собранието има право во секој момент да бара од носителите на функци во извршната власт благовремено и објективно да се доставуваат информации. Јас ви благодарам.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Една минута контра реплика, пратеник господин Јован Манасиевски, повелете.

**Јован Манасиевски:** Благодарам потпретседателе.

Не е добро што министерката се обидува да ги извртува тезите. Воопшто не е спорно таму да се најде полициската патрола, меѓутоа, она што јас прашувам и што е спорно е како оваа полициска патрола била испратена во рутинска обиколка, како да е се во ред, кога сите индиции говорат, а тоа најдобро го видовме преку медиумите дека оваа група која што изврши напад се закануваше на серија политичари и други службени лица преку медиумите. Значи, госпоѓо министерке, во прашање го доведувам начинот на раководење. Излегува дека овие луѓе во критичен регион каде што присуствуваат криминални групи и поединци со јасни намери фатени како глинени гулаби. За тоа говорам, за нивната подготвеност реално да се соочат со заканите на оваа криминална група.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Три минути реплика пратеник Тито Петковски, повелете.

**Тито Петковски:** Се јавив да реплицирам само во еден дел од дискусијата на господинот Манасиевски, во делот каде што се обиде да ги симплифицира, да ги упрости моите погледи за функциите на Собранието, односно дека имам нагласка на законодавната, за сметка на контролната функција, што не е точно. Се надевам дека после ова ќе се усогласиме и ќе се разбереме.

Според Уставот, Собранието има во рамките на контролната функција 4 инструменти. Има пратеничко прашање, анкетна комисија, интерпелација за работа на министер и да се гласи за доверба на Влада. Се согласувам, било кој, а во конкретниот случај, доколку има односно имаше интерпелација за работа на министерот, сосема е легитимна расправата и е во ред и е во функција на унапредувањето на позицијата на Собранието како контролен механизам на политички орган кој што ја контролира Владата. Вака мислам дека стерилно, безпредметно напразно расправаме. Би било во ред, еве сега кога оваа седница финализира со заклучоци на Собранието, тогаш можам да прифатам дека има смисла денешнава расправа. Во спортивно, таа ќе има педагошка, јас би рекол така, функција, да укажеме на некои од носителите и на политичките партии како треба да работат.

Сметам дека треба заеднички да работиме на унапредувањето на функцијата на Собранието ако сакаме да ја остварува својата уставна позиција. Само толку и претпоставувам дека од сега натаму сите ќе настојуваме малку барем да ја подобриме, лично со сопствениот однос како пратеници позицијата на Собранието. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Една минута контра реплика за пратеник госпдин Јован Манасиевски.

**Јован Манасиевски:** Благодарам на господинот Петковски на дообјаснувањето. Имено, не се работи само на 4 инструменти. Тие формално се наведени така, меѓутоа, практикувањето на контролната, надзорната функција на Собранието и отчетноста е всушност, прашање на соодветна политичка зрелост и рутина. Таа како што гледаме секојдневно во напредните парламенти на развиените општества се случува преку секојдневна дебата, каде што не треба парламентарците да бараат поединечни гласања да се мачат со часови да стават точка на дневен ред, туку едноставно, самите министри кога ќе се случи нешто важно, како што и самите вие истакнавте, доаѓаат и бараат да ги информираат пратениците.

Второ, самата расправа денес не е губење време, затоа што Собранието преку своите заклучоци треба да им упати јасна порака на сите поединечни и групни криминални елементи дека сите политички субјекти во Собранието стојат цврсто во борбата против криминалот и дека овие криминални групи нема да најдат ниеден политички сојузник во своите деструктивни обиди. Тоа треба да биде клучната порака што очекувам дека во сите дискусии ќе провејува. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Благодарам.

По редоследот има збор пратеник господн Павле Трајанов, повелете.

**Павле Трајанов:** Почитувам потпретседателе, почитувани пратеници,

Сакав на почетокот да кажам она што пред почетокот на оваа седница го реков. Значи, предложив да се расправа односно Владата на Република Македонија да достави информација, се со цел Парламентот да може да води отворена и квалификувана расправа.

Мислам дека тој предлог беше сосема во ред и тој предлог се прифати, но на инсистирање и со гласање се разбира, ние сега започнавме една расправа врз основа на усмена информација од страна на министерот за внатрешни работи и се покажа дека пред да се завршат сити истражни дејствија, пред да се добијат информации од сите надлежни служби, дека ние не можеме да расправаме за се она што се случило таму и исто така, постоеше опасност ако не се расправаше, тогаш политичките партии, медиумите да даваат поинаква слика што се случило, како и можните рефлексии, врз вкупните случувања во Република Македонија. Јас очекував и мојата замисла беше ако имавме информација, ако расправаат прво наделжните тела на Парламентот, тогаш можеби ќе можеше Парламентот по опстојно да расправа, не само за овој случај, туку за вкупните состојби сврзани со балканската разврска, или за случувањата сврзани со преговорите, сврзани со конечниот статус на Косово.

Инаку, досега не се случило да расправа Парламентот, на тоа сакам да ги потсетам колегите од СДСМ. Во изминатиот 4-годише период имаше голем број на терористички акции. Да потсетам станицата на Бит Пазар, Гимназијата во Куманово, имаше голем број на киднапирања, имаше голем број на убиства, меѓутоа, Парламентот не расправаше, не расправаше или не ги врзуваше тие состојби со вкупните состојби во државата.

Значи овој пат тоа се случува веќе, трет пат расправаме за некои општи прашања и состојби за кои изгубивме доста енергија, доста имаше меѓусебни партиски обвинувања, но резултат од таквите наши расправи во Парламентот до сега немаше. Затоа, јас сум за тоа тогаш кога ќе се расправа за вакви прецизни прашања да имаме прецизна информација и да имаме предлог-заклучоци, бидејќи Парламентот ако само води расправа, значи го користиме само за политички маркетинг, а не да донесеме одредени одлуки, ставови и заклучоци кои ќе бидат во функција на подобрување на одделни состојби, зависно за кое прашање се расправа.

Ако сакаме да расправаме за вкупните безбедносни состојби, мислам дека таа можност можевме да ја искористиме непосредно после расправата на Советот за безбедност на Република Македонија, кога претседателот на државата после таа седница излезе и рече дека состојбата во Република Македонија е мирна и стабилна и дека нема елементи кои укажуваат дека таа ќе се наруши. Инаку, сакам да потсетам дека само Советот за безбедност на Република Македонија има можност да ги собере сите информации од сите надлежни безбедносни институции, од Агенцијата за разузнавање, од военото разузнавање, од Агенцијата за безбедност и контраразузнавање и може да расправа, без разлика дали е тоа советодавно или не, но во Уставот стои дека Советот за безбедност на Република Македонија може да предлага и да препорача одредени ставови и заклучоци и да ги достави до Владата, но и до овој Парламент. Такви заклучоци и предлози до сега не добивме.

Ако сакаме да отвориме расправа дали преговорите поврзани со статусот на Косово имаат рефлексија врз вкупните состојби на Балканот, за тоа можеме да разговараме. Дали пак тие состојби непосредно се поврзани со овој или слични настани што се случуваат пред тоа и што ќе се случуваат, и за тоа можеме да разговараме и на крајот можеме да разговараме дали овој настан можеме да го оврземе или ќе има пак рефлексии врз вкупните состојби во Република Македонија. Мислам дека тука за тоа може да се расправа, може да има различни гледишта, но факт е дека Балканот се движи кон една критична точка. Тоа е конечниот статус на Косово. Ако се дојде до договор прифатлив за двете страни за Приштина и Белград, тогаш Балканот можеби ќе оди кон стабилизација и кон економски развој, но ако не се дојде до вакво решение, тогаш сосема логично е да очекуваме дека можно е повторно екстремните структури да се обидат да го дестабилизираат Балканот и во таа дестабилизација да биде инволвирана и Република Македонија.

Инаку, сигурно имаше најави, закани и тн., но мислам дека во излагањето на министерот за внатрешни работи е клучно што Владата на Република Македонија, Министерството за внатрешни работи и другите институции функционираат нормално и остваруваат ефективна контрола врз целата територија. Вакви настани, како што се случи тој денес, никој не може да ги предвиди и никој не може да предвиди дека нема д се случуваат и натаму, особено ако е позадината криминална, одмазничка и тн.

Затоа е битно ние пратениците да обезбедиме единствен став околу ова прашање дека Владата треба да добие поддршка за бескомпромисна пресметка со сите оние што го загрозуваат суверенитетот и територијалниот интегритет и сите оние што се обидуваат сега во оваа состојба, оние што немаат влијание во политиката, каде што сега препознаваат период каде што можат со вакви криминални активности да бидат препознатливи, мислам дека тука ако изградиме единствен став за да дејствуваме заеднички во функција на обезбедување внатрешна стабилност, внатрешно единство, тогаш тие можат да се повторуваат, дури тие можат да добијат и поддршка.

Јас не сакам да верувам, тоа беше на некој начин кажано, дека некој во Република Македонија посакува дестабилизација на државата, посакува да бидат суспендирани легално избраните институции во државата, да настане некоја друга состојба се со цел некои други да дојдат на власт. Мислам дека и за тие прашања треба да се расправа, но овде ни фалат точни информации од службите во Владата дали има такви сили кои Република Македонија сакаат да

ја втурнат сега во дестабилизација или она што се случуваше повторно во 2001 година.

Мојата проценка е дека криминалните групации кои се обидуваат сега да се поврзат, да се организираат, дека немаат политичка поддршка во државата и дека уште помалку имаат било каква поддршка од другите меѓународни центри и фактори кои што имаат влијание на Балканот во целина. Но ако овие случаи се користат за меѓусебно политичко препукување и обвинување, тогаш може состојбите да добијат поинаков развој, може да се загрози безбедносната состојба во државата, но единствено што ми преостанува на мене од оваа говорница е да го искажам тоа дека Владата на Република Македонија и другите државни институции, бидејќи во областа на одбраната и безбедноста имаат надлежности и други институции, вклучително пред се Претседателот на државата дека треба на време да ги согледуваат сите информации, да ги анализираат и да даваат правилни насоки за дејствување на сите служби, а Парламентот треба сите овие работи да ги следи согласно начите надлежности и да даваме насоки, да сугерираме да се почитува Уставот, да се почитуваат законите во Република Македонија, а не овие случаи д се користат за да се опструираат реформите во државата, да се опструира донесувањето на важните реформски закони или што е најбитно, да се опструира започнатата борба против организираниот криминал и корупцијата. Ние може да расправаме за многу сили, но најтешко се согласуваме да расправаме за реформските зафати на Владата и да ги носиме основните закони кои што се битни за да се движи побрзо Република Македонија кон Европската унија и НАТО. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам почитуван колега.

Три минути реплика пратеник госпоѓа Роза Топузова Каревска, повелете.

**Роза Топузова Каревска:** Благодарам почитуван потпретседателе.

Навистина не можам да ја разберам дискусијата на почитуваниот колега Павле Трајанов затоа што и самата е мноу контрадикторна, а и целото негово денешно однесување на седницата се карактеризира со крајна контрадикторност.

Само да потсетам, господинот Павле Трајанов беше тој кој што предложи да ја отвориме оваа тема и да дебатираме по неа, за веднаш потоа, кога се гласаше дали да биде ставена како точка на дневен ред и тоа прва, со оглед на незиното значење и сериозност, тој гласаше против. Навистина не можам да го разберам неговото однесување дали е да се дебатира, дали навистина тој смета дека ситуацијата е сериозна или неговиот предлог беше само да излезе да ја предухрити опозицијата и да даде предлог кој што ќе биде ставен на некоја можеби 28 и 29 точка и никогаш да не дојде на дневен ред, како што имаме впрочем и до сега случаи со многу важни точки да сеуште чекаат да дојдат на дневен ред.

Понатаму, почитуваниот колега ја предлага точката за сега во неговиот говор да каже дека тоа е губење на време и енергија. Па не знам што очекувавте колега Павле Трајанов кога ќе биде ставена на дневен ред да не дебатираме, или можеби очекувавте да излезе министерката, како што излезе со нејзиниот краток извештај, повеќе од техничка природа и тука да заврши се, притоа пратениците да не можат да го искажат својот став и мислење и со тоа секако да дадат значаен допринос во понатамошното делување и разрешување на целокупната ситуација во Република Македонија.

Навистина можеби очекувавте дека само со пофални зборови ќе збориме за реформите на Владата кои што ги прави, наводните реформи, а се што ќе кажеме а не се совпаа со вашето мислење и не оди во таа насока дека е деструктивно и дека е во насока на рушење на безбедноста, вие почитуван колега Павле Трајанов со целокупното парламентарно мнозинство во овој момент ја имате одговорноста за водење на државата. Тука никој друг не може да ја измени ситуацијата освен вие, дали ќе направите добро или лошо на Република Македонија, ваша е одговорноста. Опозицијата е тука само да ви укаже.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам колешка, ви благодарам.

Една минута контра реплика пратеник господин Павле Трајанов, повелете.

**Павле Трајанов:** Добро, јас и не очекував почитуваната колешка Топузовска да ме разбере, да ја разбере мојата дискусија, бидејќи повеќе од јасно е дека застапуваме различни ставови и гледишта. Но јас со сета моја одговорност предложив да расправаме, но нас ни треба информација, ни требаат битни елементи за да можеме да расправаме.

Министерот за внатрешни работи можеше во текот на денешниот ден да не информира, како што го направи тоа, но за една темелна расправа од која ќе произлезат заклучоци, требаше да имаме информација сигурно подготвена врз основа на бројните други податоци и од другите институции што ги следат состојбите, затоа што се покажа точна мојата проценка. Ние сакаме да расправаме за политичко безбедносната состојба во Македонија, не за конкретниот случај. И затоа едно е да информира министерот, конкретно, тоа може да го направи како што го направи, но ако сакаме да расправаме ни е потребен материјал.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Три минути реплика пратеник господин Спасовски Оливер, повелете.

**Оливер Спасовски:** Благодарам потпретседателе.

Почитуван колега, само неколку мои сугестии и напомени во однос на она што го говоревте.

Прво, точно е дека побаравте да се расправа во Собранието за безбедносната состојба и за случувањата, меѓутоа после кога требаше да се изјасниме, се изјаснивте дека сте против. Влечеме една паралела во однос на ова што сега се говори дека ова е обид да се одвлече вниманието од реформите во државата и да се засени борбата против организираниот криминал и корупција. Знаете исти такви приказни имавме и во периодот 1998-2002 година, дека и тогаш напредува Република Македонија во истиот пакет Павле Трајанов и ВМРО-ДПМНЕ и сега Павле Трајанов и ВМРО-ДПМНЕ, и мене искрено тоа ме плаши.

Втората работа што постојано овде се кажува, дали министерката дава одредно изјаснување пред Парламентот се информации кои што, верувајте ги слушнавме од радио, телевизија ова утро, меѓутоа нека се само тоа информациите. Проблемот, она што требаше да се каже овде е да видиме дали навистина тоа било акција за која што постојано тврдите дека било успешна акција во која што имаме загинати полицајци, или ова е една рутинска контрола која што ја извршила полициската станица во Матејче.

Тука ни се поставува дилемата дали во редовна патрола оди командирот на полициска станица, било која полициска станица. Тоа е првата работа.

Втората работа, ако имате упатено дирекна закана на 02.09. од страна на еден од овие кои што е ранет Заим Алили, тогаш како испраќате полициска патрола во така високо ризично подрачје, како што е Ваксинце.

Трето прашање на кое што треба да одговори министерката, што барале дел на специјалните единици Алфи и

Четврто прашање да одговори исто така зошто еден од ранетите е припадник на Алфи, а не работник кој што работи во полициска станица Матејче.

Тоа е одговорот кој што треба да го даде министерот за внатрешни работи. Доколку не се даде одговор на овие прашања треба да сноси дирекна политичка одговорност со поднесување на оставка на ова Собрание, затоа што дирекно ги загрозила животите на тие кои што биле во таа неуспешна акција или во праќање на патрола која што не броела само три члена. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

За збор се јави минситерот.

(Реакција на некои пратеници во салата).

Ова е реплика во однос на говорот. Може збор да ви дадам, но јас ќе ве замолам...

(И понатаму реакција на некои пратеници).

Се извинувам господине Бучковски, полека, полека.

Јас ќе ве замолам, бидејќи сте пријавени вие за збор не можете реплика и контра реплика помеѓу господинот Павле Трајанов и господинот Спасовски, вие тогаш ќе останете за збор и по завршување на една минута контра реплика може да добиете збор, еве како приоритет, бидејќи така и Деловникот наложува да добиете збор и да кажете дел од вашите наоди.

Една минута контра реплика, повелете господине Павле Трајанов.

**Павле Трајанов:** Почитуваниот пратеник Спасовски повеќе упати прашања до министерот за внатрешни работи отколку што ги оспоруваше моите ставови изнесени во мојата дискусија.

Сакам да нагласам дека господине Спасовски јас бев минситер во периодот 1998-1999 година и ми беше чест што бев министер. Тогаш мислам дека МВР функционираше навистина ефикасно, се справивме со најголемата хуманитарна катастрофа која и претстоеше на Република Македонија и тогаш стабилноста и безбедноста на Република Македонија не беше загрозена. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Има збор министерот за внатрешни работи, повелете.

**Гордана Јанкулоска:** Благодарам потпретседателе.

Побарав збор само за да дадам едно дополнително појаснување, бидејќи за жал денес и покрај тоа што имаме многу конкретна точка на дневен ред, во повеќе наврати имавме обиди да се дефокусира дискусијата и да се претвори во секојдневна обична политичка дебата. Меѓутоа, да се вратиме на темата.

Господине Спасовски, прашањата кои ги упативте јас ги одговорив во моето воведно излагање и доколку внимателно следевте, точно ќе видевте за што се работеше во текот на изминатата ноќ, така што ценам дека е непотребно...

(Реакции од пратеници).

Ако може потпретседателе да создадете услови да се слушаме.

**Иван Анастасовски:** Ве молам колеги, ве молам.

Продолжете. Ве молам колеги да се сослушаме. Продолжете.

**Гордана Јанкулоска:** Благодарам потпретседателе.

За конкретното прашање кое го упативте директно до мене, мобилната единица на полицијата не е специјална единица.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Да видиме кој е за реплика во однос на говорот на министерот. Ќе добиете три минути реплика и на говорот Павле Трајанов. Колега Беџети ќе ги добиете вашите три минути, но сега говорам во однос на говорот на министерот. Прв е пријавен пратеник господин Борис Кондарко.

Сега Оливер Спасовски има три минути реплика во однос на говорот на министерот, повелете.

**Оливер Спасовски:** Благодарам потпретседателе.

Министерке, навистина очекував дека ќе одговорите на некои од конкретните прашања, дека дадовте некое образложение кое јас не сум го слушнал, а навистина повеќе слушнав од некои новинари. Да, тоа е во ваш стил заради тоа што не упатувавте постојано кога ви поставуваме пратенички прашања дека добро е да видите на веб сајтот. Парламентот е нешто повеќе, да дадете многу повеќе информации овде пред оние што ве избираат одколку она што можеме да го слушнеме во јавноста. Тоа е првата работа.

Втората работа е да одговорите директно дали ова била акција која не знаевте да ја искоординирате или била обична патрола која одела од полициската станица - Матејче.

И трето, дали е специјална или мобилна единица Алфи, тогаш кажете ми зошто еден од ранетите е припадник на Алфи, а не вработен во полициска станица Матејче.

Значи дека спроведовте неефикасна акција во овој дел, не знам зошто, не добро координирано и ги изложивте на ризик овие полицајци и директно сте одговорни за животот на командирот на полициската станица. За тоа треба да понесете одговорност овде пред Собранието на Република Македонија, ако малку имате доблест и одговорност во вршењето на вашата функција. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Ви благодоарам.

Повелете госпоѓа министерке.

**Гордана Јанкуловска:** Господине Спасовски, бидејќи гледам дека повторно не ме слушавте, повторно ќе повторам.

На 10.09.2007 година, некаде по полноќ, полициската патрола од од Полициската станица Матејче...

(Реакции на пратениците од опозицијата)

**Иван Анастасовски:** Ве молам колеги ако може да се сослушаме министерката има една минута, нека ја искористи, не и одземајте времете. Повелете вашата минута.

**Гордана Јанкуловска:** Благодарам потпретседателе.

Се надевам дека дел од пратениците ќе успеат да се воздржат од коментари и ќе се почитуваме додека зборуваме.

Значи, полициската патрола предводена од командирот на Полициската станица, вршејќи редовна служба, контрола на теренот, во местото викано Колева чешма, забележала патничко моторно возило форд ескорд. Тоа е одговорот што ви го дадов во воведното излагање, тоа е одговорот повторно што ви го давам. Верувам дека нема да има потреба по кој знае кој пат да ги повторуваме фактите. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Три минути реплика пратеник господин Борис Кондарко, повелете.

**Борис Кондарко:** Благодарам потпретседателе.

Почитувана госпѓице министерке, дали овде во оваа сала се наоѓа Иво Котевски или дали вие можеби сте лично и персонално, Иво Котевски. Ќе ми одговорите? Ако не сте, тогаш да му кажете на вашиот, некои ваши пратеници што го нарекуваат, неформално по ходниците, фирер, веднаш да ве смени затоа што не сте способна да се справувате со безбедносната ситуација во Република Македонија.

Не може да тврдите, со некои општи излитени фрази дека ќе правите реформи, дека работите по Уставот и законите и не знам што друго ќе правите, кога ви гинат луѓе. Гинат луѓе што ја носат униформата на полицијата на оваа држава. Дали вие сте свесни каде се наоѓате. Ние повеќе овде слушаме на вестин, на Сител, на Канал 5, отколку вие што ни читате некои соопштенија од прес конференции. Треба да се засрамите министерке. Не можете да тврдите дека е клучно што нормално функционира државата, институциите, Министерството за внатрешни работи. Како нормално функционира кога ви се случуваат претепувања на полицајци, референдуми за отцепување, прогласи за Илирида итн. Како може да тврдите дека на цела територија може да влезе полицијата. Кој ви го кажал тоа? Гледате ли што се случува во Република Македонија. За жал новинарите се повеќе информирани од вас. Да повикаме некој новинар овде да ни поднесе извештај за безбедносната ситуација. Ова е срамно. Вие можете со Александар Николоски кој тврди дека е многу загрижен што сиротиот премиер некој во опозицијата го следи, да си играте игрaчки и да го откриете тој од опозицијата што ви го следи вашиот премиер, што некои ваши пратеници во ходниците го нарекуваат фирер. Со тоа може да се занимавате вие и да му пишувате соопштенија на Иво Котевски. Ова е срамота за Македонија. Понеспособен министер никогаш не сме имале. Со тие фрази од вас преку глава ни е од вас. Навистина, што е ова? Вие свесни ли сте дека сте дојдени во Парламент да поднесете информација за безбедносната ситуација? И самиот господин Трајанов рече дека нема доволно елементи.

Вие на почетокот рековте, благодарам за можноста, да се обратите. Вие доброволно не дојдовте овде. Откако ве повикаа пратениците дојдовте, под принуда. Која е вашата одговорност?

**Иван Анастасовски:** Благодарам.

Една минута контра реплика за министерот за внатрешни работи, повелете.

**Гордана Јанкулоска:** Благодарам почитуван потпретседателе.

Јас сум денес тука на барање на пратениците и ќе бидам секогаш тука кога Собранието ќе процени дека има потреба од дополнителни информации.

Во моето воведно излагање, заради фактот што настаните за кои денес зборуваме се случија пред неполни 12 часа. Напоменав дека тоа што го изнесувам се првични информации. Министерството за внатрешни работи како

одговорна институција не може да си дозволи да ги коментира шпекулациите кои не се потврдени со факти.

Во меѓувреме додека трае седницата, завршен е увидот на лице место и изготвен е записник. Врз основа на овие податоци на едно од моите наредни излагања, јас дадов и дополнителни информации кои се дел од записникот изготвен од страна на истражен судија, заменик јавен обвинител од Основното јавно обвинителство во Куманово и стручни лица од Министерството за внатрешни работи. Доколку обезбедиме дополнителни информации, секако дека ќе бидете информирани.

**Иван Анастасовски:** Благодарам.

Три минути реплика за пратеник Блерим Беџети.

**Блерим Беџети:** Благодарам потпретседателе.

Вистина е дека господинот Трајанов побара да се дебатира за оваа точка, меѓутоа за чудо овој пат беше спротивно на тоа што го знае јавноста, значи како го знае неговото минато затоа што тој знае пред време да најави што треба да се преземе. Меѓутоа, за жал овој пат оди со поинаков пристап, подоцна, а не денес да се одржи итна седница на Собранието на Република Македонија за актуелните состојби во Република Македонија.

Можеби ќе беше добро, оној закон што се блокира и не оди понатаму, мислам Законот за лустрација, да беше тој донесен бидејќи тој ќе помогнеше господинот Трајанов и некои други да бидат поактивни и подоследни.

Вие господине Трајанов сте поранешен министер за внатрешни работи, како што денес е госпоѓица Јанкулоска, доколку не таа барем вие пред нас покажете дека сте дел од парламентарното мнозинство. Не е мала работа да се изгубат два живота.

Причината зошто се дојде до овој инцидент да се изгубат два живота, а да има и ранети. Имено, тука ние можеме да разговараме како што разговараме со часови, меѓутоа, сепак не ја знаеме причината зошто се случи тој настан. Некој рече дека била успешна полициска акција, успешна полициска операција, а некој вели нешто поинаку. Зошто не ја кажете вистината. Затоа господине Трајанов, барем вие со искуството што го имате, не ви личи да се криете позади некои предавања, како да сте во анфитеатар. Крајно време е парламентарното мнозинство да биде пообјективно. Тука немаме ништо заедничко со борбата против криминалот и корупцијата и дека некој тоа сака да го спречи. каква врска има корупцијата во овој случај. Да не случајно некој жител од Ваксинце или од Матејче, го приватизира најголемото јавно претпријатие во Република Македонија. Смешно е исклучително несериозно тоа што се има таков пристап. Затоа треба да бидете пореален и пообјективен, а не овој настан да го претварате во настан со кој ќе покажете мудрост. Значи има два изгубени животи и госпоѓата министер и парламентарното мнозинство се исклужително несериозни. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Една минута контра реплика господинот Павле Трајанов.

**Павле Трајанов:** Сосема е јасно дека јас предложив да се расправа за случувањата во Ваксинце и можните рефлексии, без разлика тоа што вие баравте итно, истиот момент да се расправа и затоа сега министерот за внатрешни работи континуирано ви презентира нови информации.

Ако имавме првична усмена информација и ако почекавме во текот на попладневните часови, ќе имавме поквалификувана расправа. Инаку, треба и од ДУИ и од другите партии и од СДСМ јасно да се искажат дали се за отворена борба против криминалот, против тероризмот, дали се за тоа Република Македонија да биде стабилна, суверена, унитарна држава. Веројатно за тоа треба да расправаме. Дали вие со вашите дискусии не го поддржувате песимизмот на претседтелот на државата кој најавува дестабилизација на Република Македонија, или пак треба сите заедно да работиме на тоа Република Македонија да се движи кон поголема стабилност.

**Иван Анастасовски:** Благодарам.

Продолжуваме со дискусии.

Има збор пратеник Игор Ивановски, повелете.

**Игор Ивановски:** Благодарам потпретседателе.

Денес се согласуваме, барем досега, во една работа, а тоа е дека изразуваме жалење и сочувство за изгубените животи. Но во исто време мислам дека ако ги прашате сите граѓани, ќе се согласат во едно, а тоа е дека безбедносната ситуација во Република Македонија не е добра и уште повеќе дека Министерството за внатрешни работи не ги презема сите потребни дејствија.

Ајде на почетокот да расчистиме една дилема.

Сите вие за кои претпоставувам дека е добро да сними камерата кога се разговара за изгубен живот и за безбедносната ситуација што прават и колку ги нема пратениците од владеачкото мнозинство.

Велите, ова била борба против криминалот и корупцијата, а пред десет минути министерката за внатрешни работи вели била редовна рутинска патрола.

Она што се случи вчера вечер или наутро, апсолутно нема врска со борбата против криминалот и корупцијата. Да имало врска со тоа немаше да ги праќате со лада Нива и немаше да ги праќате необезбедени, незаштитени три лица на таков терен, со толкав ризик. Значи, апсолутно вчерашните жртви се резултат не на борбата против криминалот и корупцијата на Министерството за внатрешни работи, туку на неспособноста и некадарноста на Министерството за внатрешни работи да направи сериозна безбедносна процена и согласно на тоа да постапува.

Во изминатите неколку дена имаме наслови “Танушевци сака да се присоедини кон Косово”, “Министерството за внатрешни работи не може да влезе во Танушевци”, “состојбата во селата Танушевци, Брест, Малина Мало, Гошинце и понатаму останува непроменета без полициски патроли во пограничниот појас”. Имаме отворени закани по жовотот на политичари од страна на одредени лица. Тешко фатени криминалци се пуштаат “со музика” од страна на Министерството за внатрешни работи и тоа ни се случува последните три недели. Кога ова го говореше СДСМ од оваа говорница, отворено и со факти, министерката и премиерот на таа страна се смееја, цинично одговараа дека се е во ред. Знаете, паметна држава превенира. Паметна држава гради систем во кој ова што ни се случи вчера нема да се случи. Паметна држава не постапува отпосле на овој начин, правејќи овде некоја фама дека вие во Ваксинце и во Слупчане се борите против криминалот и корупцијата. Со лада Нива ли се борите и со тројца полицајци, во ноќна редовна патрола? Кого лажете вие? Значи апсолутно тоа што вчера имаме изгубени животи е резултат на неспособноста на раководството на Министерството за внатрешни работи да ги води работите така како што треба и тоа не е во ред. Затоа ова Собрание кое врши контрола на работата во политичкиот дел на министерката за внатрешни работи, треба да донесе политички заклучок, еве ви предлог колеги од ВМРО-ДПМНЕ и останали како Павле Трајанов дека министерката за внатрешни работи треба да си поднесе оставка односно да понесе политичка одговорност и понатаму да преземе соодветни дејствија за вакви работи да не ни се случуваат. Јас не сум полицаец ама за жал и министерката не е полицаец и затоа вакви работи ни се случуваат, затоа што во народната “Село гори баба се чешла”, кога се предупредуваат работите од другата страна имаме цинични одговори и лажна релаксираност не баре избегала зебра од зоолошка градина, а не тешки криминалци ни се движат по државата и на тие око не им трепнува, да ги фати. Одеднаш, кога ќе настане инцидентот, замислете, ова било борба против криминал и корупција.

Па кога се води борба против криминал, дури и таму, вие ја имате комплетната поддршка, ама не да гинат луѓе, туку да ги фатите и тие да ги санкционирате, ако навистина тоа и се докаже. Но, денес имаме ситуација во еден ден да имаме три, според некои наши информации, жртви, да имаме пребегнат тешко ранети лица, согласно вашите информации, на границата, а само до пред три дена, да ве потсетам госпоѓо министерке од Охрид изјавивте дека сте потпишале протокол за бранење на границата со КФОР, од двете страни. Па како тоа успеа да ни побегне тешко ранет во таква престрелка и тој да си стигне до одредена цел и сега да е на лекување во одредено одделение во Приштина. Тоа го кажуваат вестите, не го кажавте вие. Со еден збор, ова што ни се случува е недозволиво, бидејќи јас сакам Македонија да е дол од Скандинавскиот полуостров, па тоа што таму некој си шведски Павле Трајанов ќе го каже, ќе нема да има никаква тежина, или вие. Ама Македонија е на Балканскиот полуостров. Македонија има предисторија, за жал, од 2001 година и пост временскиот период од 2001 година кога наместо да водиме вакви расправи, колега Трајанов, таму некој на терен работеше и ги средуваше работите, за денес, секој пат кога ќе дојде ВМРО-ДПМНЕ и во најава Павле Трајанов, повторно имаме вакви проблеми, повторно никој од ВМРО-ДПМНЕ не ја негира и демантира и ја отфрла како најнегативна понудата на Љубчо Георгиевски, за поделба на Македонија. Никој од вас тоа не го кажува. Што се срамите. Имате и вие такви планови, или ова е само дел од епизодата и сценариото. Македонските граѓани сакаат денес да не слушаат да зборуваме за економија, ама како да зборуваме за економија во држава во која секој втор ден некој загинува, а Министерството за внатрешни работи, замислете, работи согласно Уставот и законите и добиваме една грамофонска плоча која веќе не може да се слуша, бидејќи нема ефект. Подобро да не прашуваме, а да си ја работите работата, наместо да ги добиваме веќе познатите одговори. Тоа јас не знам каде ќе застане.

Кога во 2001 година на Павле Трајанов му бегаа тракторите, исто се смеевте вака. Тогаш ОКТА ја гласавте, како ВМРО-ДПМНЕ. Сите беа среќни и релаксирани, па после беше оф леле мајко, боли. Требаше некој 4 години да ја оправа оваа држава за сега пак да се доведеме на првобитната ситуација со сериозни можности за дестабилизација. Јас навистина не сакам да верувам, не сакам и да помислам дека тие размери од 2001 година ќе ни се случат, ама не може во вакво опкружување, во вакво време Министерството за внатрешни работи да нема претпоставки дека вакви работи може да се случат. Вели министерката, или не знам кој беше друг или Павле Трајанов, експертот, претседател на партија, никој не може да ги предвиди овие настани. Па за што предвидуваме ние, дали утре ќе врне дожд, или не. Па ние се наоѓаме во климаксот на косовското прашање. Се наоѓаме во ситуација кога отворено има закани за референдум за отцепување на Македонија, кога сеуште не е затворено прашањето на демаркацијата, техничка, на границата, кога секојдневно добиваме радикални изјави на различни нивоа и од Белгра и од Приштина и од меѓународната заедница, со нови сценарија за кои мислевме дека се затворени.

Во ситуација кога во овој момент се пишува извештајот од Европската комисија, кога треба за НАТО да биде, ќе не биде или не, ние имаме ситуација во која државта паѓа на основниот тест, безбеност и мир. Без тоа нема ништо понатаму. Нема граѓаните да ви веруваат во вашите лажги и убаво спакувано реклами кога, кога ќе излезат

надвор ќе се соочат со вакви работи кои не се случуваат.

За таа фамилија или за тие фамилии на загинатите, пет пари не вреди правната држава и тоа што зборувате вие дека има инвестиции, кој ги нема, или дека ќе сме влегле во Европската унија и во НАТО. Не се влегува така. Го рушите се она што трпеливо беше градено многу тешко, со години и апсолутно на децата во Република Македонија треба и им е јасно дека во вакво време, со вакво опкружување, инциденти ќе се случуваат од различни причини. Тие ќе бидат изолирани, нив ги најавуваат аналитичарите, тие веќе ни се случуваат и Министерството за внатрешни работи соодветно треба да се подготви, ако имаме таков случај во Ваксинце не може да идат тројца со лада Нива, туку ќе идат други типови на единици, што не знам, вие треба повеќе да ни кажете, ги знаете.

Не може да се иде без подготовка. Не може да се иде без поддршка, не може да се иде апансас и после да речеме, констатираме сабајле еден полицаец ни загина, имаме други две жртви, еден ранет се наоѓа на Косово и да ги немаме овие информации, да ги слушаме од телевизија. Мора да имаме систем. Оваа држава мора да покаже дека тежи и дека се она што било правено во изминатиот период, било тешко направено, ќе можеме да го одржиме. Кога ги гледаме овие работи треба да мислиме за неколку чекори напред, затоа што претходно беше Хоџа со закани, па после ни се случи Џејми Шеј, па денес ни се случуваа роднините, според најавите, на Џеми Шеј. Не знам што ќе биде четвртиот ден. Работи ли некој на оваа проблематика или ние ќе гледаме дека само Министерството за внатрешни работи ќе излегува и потпаролот на Министерството за внатрешни работи, по сто пати на ден за тоа дали биле фатени три шверцувани или фалсификат мастики од некој супер маркет.

Тоа ни се случува во оваа држава во која треба да видиме, кога зборуваме за безбедноста, зборуваме за се. Колку и да сакате да ги релативизирате работите како што се обидовте денеска дека сте сакале да зборувате за економија, па во Македонија проблемот е безбедноста, проблемот е стабилноста, не се проблем даноците. Безбедност и стабилност нема ништо, а вие на тоа не само што не работите, туку ефтино ја продавате секој ден и при тоа гледам дека не чувствувате никаква одговорност. Денеска, наместо да бидете сериозно загрижени за гласачите кои ви го дале овој мандат, што ќе им објасните кога ќе ве прашаат, вие само гледате да заврши ова до 20,00 часот, да кажат нешто тие што ќе им биде напишано, да си ги земат парите и да си отидат дома.

Знаете што ќе се случува вечерва госпоѓице министерке во одредени делови на Македонија, јас не знам, сакам да знам, дајте ми ваша претпоставка за да знам дали сте биле во право, дали имате некоја информација која ќе ја споделите со нас. За тоа сте платени, како што се платени и другите институции во оваа држава, а не да слушам новинарски написи и една иста реченица повторена Министерството за внатрешни работи работи согласно Уставот и законите, а упорно ни се случуваат убиства, инциденти, киднапирања, тепање на полицајци, а Министерството за внатрешни работи упорно работело, замислете, според Уставот и законите. Па, дали има нешто трето? Устав и Закон, толку е, нема четврто. И тој закон ни е проблематичен, а треба да почне да важи од 1 јануари 2008 година. Никој за тоа од Министерството за внатрешни работи не ја дава информацијата. Ни се случува во најкритичното време.

Не ми е јасно до кога ќе биде на сцена таквата ароганција и неподнослива леснотија се се обидувате да го помножите со нула и да речете е, ова не постои. Тоа што вчера ни се случи нема врска, тоа некој од СДСМ го криел, замислете. Вие, големата партија која ја раководи Република Македонија согласно одлуката на гласачите.

Не ја демантирате и не ја отфрлате се уште важечката понуда за поделба на Македонија. Некомпетентноста и залагањата на Министерството за внатрешни работи само за сликање ни ги даваат овие резултати.

Каква безбедносна проценка имавте кога на аеродром апсевте луѓе од 1,60 см што сами се предадоа со 20 под полна опрема полицајци, а замислете во Ваксинце сте се бореле против криминалот и корупцијата со тројца во Лада нива. Тогаш имавте безбедносна проценка, сега немате безбедносна проценка. Не знам што треба уште да се случи за да конечно дојдеме до фактот дека нешто многу сериозно ни се случува, а ситуацијата мислам дека не ја контролирате.

Кога велиме заклучоци, заклучоците се подразбораат сами по себе.

Број еден тие што ја дале довербата за ваквата работа и кога ќе констатира дека не е во ред, некој ќе треба да ја понесе одговорноста, како што тоа го правеле многу луѓе претходно.

Во секоја сериозна држава дури и во несреќни ситуации министрите ја преземаат одговорноста, а не за она што не го спречиле, не за она што не го направиле. Број еден во оваа ситуација е одговорноста, но пред тоа е дали ние ќе добиеме уверување денеска дека раководството на Министерството за внатрешни работи ја владее ситуацијата, презема мерки кои ќе гарантираат дека вакви ситуации нема да ни се случат или не. Јас се сомневам дека тоа е ситуација, бидејќи кога ги гледам вестите добиваме повеќе информации од таму кои, за жал, се контрадикторни и кои, за жал, не даваат уверување на граѓаните дека ваква работа нема да ни се повтори.

Да резимирам. Ова што ни се случува е најмалку потребното на Македонија во овој момент. Од тие причини или ќе се свестите и ќе работите навистина согласно Уставот и законите или нема да ја вршите веќе таа работа. Во спротивно

Македонија започнува не само што застана на својата патека, туку веќе сериозно со една нога почнува да се движи на друга, многу поопасна, патека за која џабе ќе биде да констатираме по неколку години дека вие сте згрешиле, како сега со ОКТА, туку сега треба да се расчистат и да се пресечат работите. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Ивановски.

Реплика има господинот Павле Трајанов, повелете.

**Павле Трајанов:** Поради тоа што во текот на денешната расправа господинот Ивановски неколку пати ме спомнуваше дури и сега во својот говор ме спомна.

Сакам да укажам на следните работи:

Прво, никој не негира дека се работи за сериозен безбедносен настан. Никој не може да негира дека треба да се проценат безбедносните рефлексии, затоа предложивме таква точка и затоа расправаме.

Сакам да го потсетам, кога бара одговорност, сигурно и тоа прашање ќе биде поставено, но каде беше да побара одговорност тогаш кога граѓаните односно фамилиите чии синови загинаа во Вејце беа спречени да одат и да се поклонат на местото.

Каде беше кога имаше настани во Танушевци со сериозни последици?

Каде беше кога цела полициска станица во Арачиново беше разоружана дури и со повлекување на припадници на полицијата?

Каде беше кога припадник на поранешната УЧК после киднапирањето на група граѓани, повреден избега на Косово?

Зошто нема исти аршин тогаш кога се на функција кадри на СДСМ и тогаш кога се на функција други кадри?

Се согласувам дека треба да се расправа, затоа предложив, но ние не смееме и понатаму да продолжиме со расправа во која меѓу себе ќе се обвиниуваме, ќе се напаѓаме, а од сето тоа нема да произлезе ништо. Расправавме за договорот помеѓу ВМРО-ДПМНЕ и ДУИ околу агендата кои се приоритети да донесеме заклучоци.

Расправавме за состојбата со пожарите како резултат на вашите коалициони партнери, не донесовме никакви заклучоци.

Денеска исто расправаме, јас викам дека треба да се расправа, затоа предложив, меѓутоа се плашам дека оваа расправа нема да биде продуктивна и дека само ќе не дели во државата по партиска линија наместо да изградиме единствен став дека го осудуваме овој настан, бидејќи е криминален, па ако сакате и терористички настан, дека треба да преземеме се да не се случуваат. Но, во држава каде секоја куќа има по еден автомат и неколку бомби, што очекувате при интервенција на полицијата. Реагираат на начин како што реагираат.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Трајанов.

Една минута контрареплика за господинот Игор Ивановски, повелете.

**Игор Ивановски:** Господине Павле Трајанов бев во Македонија  кога гледав на телевизија како вам ви побегнаа трактори што возат со 5 км на саат. И ден денес сум во Македонија кога читам каде сте шетале по Грција кога се склучувал некаков договор со ОКТА.

Бев во Македонија господине Трајанов кога беше конфликтот  и работев тој да се спречи. Дадов многу мал придонес како и сите останати граѓани на оваа држава тоа да не се случи. Ама, за ваша несреќа, господине Павле Трајанов во Македонија сум и денеска за да се обидам повторно заедно со моите колеги да го спречиме тоа што вие упорно не го спречувате. Е, тоа е господине Павле Трајанов многу голема разлика и ако уште продолжите да се однесувате вака аутистички, не знам до каде ќе стигнеме.

Ако сте вие портпаролот за безбедност на ВМРО-ДПМНЕ, господ нека ни е на помош. Бидејќи, ако вие вам доделена таа ситуација, ние дефинитивно ќе имаме многу поголем  и сериозен проблем. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Ивановски.

Сега има збор господинот Есад Рахиќ, повелете.

**Есад Рахиќ:** Почитуван потпретседателе, почитувани колеги пратеници, почитуван министер за внатрешни работи.

Господине Догани ве прашувам во чие име зборувам од позиција или опозиција да знам дали да бранам или да напаѓам и колку време имам да зборувам.

**Бесим Догани:** Господине Рахиќ вашиот говор е обезбеден од времето на позицијата, бидејќи опозицијата не сакаше да ви отстапи од своето време, а вие говорете така како што мислите.

**Есад Рахиќ:** Колку време?

**Бесим Догани:** Времето е неограничено.

**Есад Рахиќ:** Ќе го искористам времето од 20 минути да молчам.

Навистина ќе  молчев 20 минути да не е сериозно.

Некој рече дека имаме криза, јас сметам дека генератор на кризата се институциите во Република Македонија.

Од начинот на кој ние денеска расправаме по една сериозна тема, од начинот како опозицијата и позицијата, а јас између, не знам веќе каде припаѓам, бидејќи ме крсти кој како стигне, се гледа дека ние дефинитивно на туѓа несреќа сакаме да правиме среќа.

Она за што сакав да зборувам, за што дел од колегите кои ми влегоа во кичма, а советници на градоначалник преку министри за труд и социјала, преку министер за безбедност и одбрана, 15 години низ Македонија се вртат и го

прават политичкото миље не доведе до вакво дереџе.

Ни се случи 1999 година, Бог да ги прости и лесна им земја Ерол Готак и останатите во Арачиново, сега ќе се случи со Фатмир Алили, утре ќе се случи со некој друг кога ќе биде СДСМ и едните се виновни, другите се добри, едните се лоши, другите се супер.

Не, дами и господа, драги мои колеги, сите сносиме вина. Сите ние сме виновни за тоа што 4 деца на Фатмир Алили вечерва ќе плачат. Јас ќе се потрудам да ви поставам неколку прашања и да одговорам на некои прашања на кои вие требаше да дадете одговор, а не го дадовте. Жалосно, но вистинито, јас пред две-три недели побарав од оваа говорница да се расправа на Комисијата за безбедност и одбрана, тука е претседателот не ми одговори, за бегството на 17 штитеници од Болницата за душевни болни - Бардовци кои се со криминално досие, тогаш беше и Џејми Шеј во мода, беше бегството од Дубрава и некои околности што прават еден склоп за кој ние сега разговараме. Џејми Шеј се врати, само да ве потсетам дека Џејми Шеј беше во времето командант и во времето на претходната Влада. Не да ја фалам, но сите влади до сега во Република Македонија особено од 1998 година наваму имаат путер во разрешување на безбедносниот систем на Република Македонија. Само да знаете дека Јонче Китанов е ранет тешко и да се молиме на Бога да преживее. Претпоставувам дека и тој е татко и дека вие како министер за внатрешни работи ќе треба да го смените буџетот драга госпоѓице Јанкулоска, бидејќи јас имав, ако се сеќавата, неколку амандмани во кои барав два милиони евра за да се купи опрема за да колегата Игор Ивановски не ви спомнува лади ниви, можевте да купите покоректни возила, за борба против организиран криминал и слично. Исто барав и за војската, но глуви сме сите. Трошиме пари за се и сешто, а не за оние кои денеска со 15 или 20 илјади денари на кои им го укинавме ноќниот труд, на кои не им исплаќаме дневници, на кои платата им доцни, кои немаат добра опрема, ги праќаме на такви терени. За жал,сите сме криви од Бучковски, Рахиќ, Ѓорчев, Рафис или Ружди Матоши.

Зошто има многу оружје во Република Македонија? Имавме неколку неуспешни акции, тука се согласувам со господинот Павле Трајанов, другар од Комисијата. Ние не успеавме да го разоружаме народот. Не е само овој загинат и ранет, уште едно момче од 19 години во Скопје е убиено. Секоја вечер се убива и сега и претходно. Меѓутоа, ајде сега ќе користиме политичка пресметка.

Еве јас со моите драги пријатели, поранешни сопартијци им кажувам веројатно за година, пет или 20 ќе добијат прилика да бидат власт, па ќе имаат можност да го испитаат ова ОКТА-хотелиерството, но да го затворат тој што го направил тоа, а не само Амди Бајрам да лежи во затвор како и вие што затворате селективно, па ги пуштате. Јас ја подржувам борбата против организиран криминал и сто пати сум рекол дури сум првиот што ви бараше, ако се сеќавате, оставка и ваша информација зошто сменивте одредени полициски генерали.

Е па драга госпоѓице, кога ќе примите конобарки од Барселона кои, главен квалитет за да ги вработите во Министерството за внатрешни работи било што ја следеле опозицијата каде и со кого пиел некој од тогашната позиција кафе и ќе ги ставите во структурите на Министерството за внатрешни работи, ќе ви се случи ова. Акцијата е лошо планирана. Јас ви советувам најискрено да смените дали директор на јавна безбедност, дали директор на УБК, некој мора да одговара. Затоа што не е прашањето, извини Оливер што ќе те спомнам, што барале Алфите, Алфите се редовен состав на полицијата, Алфите патролираат и во Тафталиџе и во Карпош иако не е тешка состојбата. Тоа е добро и треба да бидат секаде.

Дозволете, биле Алфите, имате уште еден ранет Костовски Слаѓан, жалосно е што сега ние не расправаме или немаме предлози како на овие 4 деца да им овозможиме, тие таткото не го враќаат, можеме ние да молчиме, да им оддаваме почит, жалосно што тие 4 деца ќе останат сираци. Јас ви гарантирам дека оваа држава ќе ги зборува месец дена, но тие ќе си останат сираци. Нема да имаат среќа некој да ги помага, да ги гледа, да ги школува. Такви случаи со многу сираци што останаа после вас, полицијата е најнезаштитена во државата. Секоја будала, да извинете, која ќе дојде на власт дали од СДСМ или од ВМРО-ДПМНЕ му се заканува, па ќе го прати во Матејче, Арачиново. Луѓето што чесно работат, што чесно заработуваат ние им го рушиме дигнитетот, па некогаш употребува прекумерна сила, па ајде внатрешни контроли. Луѓе, полицијата не може да работи така.

Јас сакам да ви поставам прашање, се надевам дека господинот Ѓорчев ќе се врати и ќе ми каже зошто немаше Комисија, се надевам на писмото што му го упатив на ценетиот директор на Управата за безбедност и контраразузнавање по повод пишувањето во весници и изјавите на врховниот командант на државата дека состојбата е критична или не, имаше дисонантни тонови, мене ме чуди, државниот врв дефинитивно продуктира криза во Република Македонија. Ако на седница на Националниот совет за безбедност се каже дека нема опасност по безбедносната состојба и после десет дена излезе Претседателот и каже дека има, а министерот тврди дека нема, тогаш е чудо. Се случува убиства на полицајци и во Германија и некаде во Америка, меѓутоа, се знае кој и зошто го направил.

Јас вас ве прашувам, бидејќи не ми е јасно, ова што вие го кажувате, дали е редовна, рутинска контрола и зошто командирот на полициската станица татко на 4 малолетни деца, претпоставувам, бил таму, дали имал панцир, дали била подготвена акцијата или она што го

тврдеше колегата Николовски дека е тоа успешна борба против организираниот криминал. Има голема разлика. Тогаш вие треба да се замислите, бидејќи не знам дали да ве бранам, бидејќи сум од позиција, а бидејќи опозиционо настапувам во овој случај, дали да барам оставка од вас. Ред е да дадете оставка за што сметам дека треба да размислите, како морален чин, а утре ќе одговара некој кривично затоа што ги пуштил овие полицајци на, условно речено, неконтролирана територија како и во времето на СДСМ тешко се контролираше, да не се лажеме. И Кондово, и Шемшево, истата приказна. Некој генерира 15 години ова и ова е резултат. Страдаат граѓаните на Република Македонија.

Сакам да ве прашам дали ќе ми одговорите дали е ова планирано или е рутински. Ако е рутински кој ќе одговара. Дали ќе одговара командирот, но командирот Бог да го прости, одговара на најможен начин одговорниот во Куманово или ќе одговара директорот за јавна безбедност што ги пуштил тие луѓе на начин на кој ги пуштил таму покрај предупредувањата кои од средствата за јавно информирање од пријателски разузнавачки служби, од терен, од полиција, од граѓани имаме дека таму има неконтролирени криминогени структури кои се борат да ја дестабилизираат државата или е ова успешна акција во која од успешната акција имаме две или три жртви во која жртва се полицајци на Република Македонија. Тука треба да разговараме и уште еднаш да ве потсетам кога ќе се прави Буџетот малку да помислите на полицајците. Немаат саглам униформи, немаат возила, немаат оружје, немаат ништо, немаат плати, немаат станови, ги праќате луѓето да гинат како глинени гулаби, а не им овозможувате да, ако им се случи нешто, барем преку одреден систем на осигурување да бидат заштитени нивните деца. За што сакате тие луѓе да се борат? За семки? Затоа што ја сакаат Македонија?

Овде некој спомна 45 илјади денари, па зошто господа од СДСМ во која јас бев претседател на Комисија не им ја дигнавме платата тогаш. Ајде не сменивте, лоши бевме, зошто сега вие не им помогнавте на тие полицајци, на тие војници и на тие судии. Не се бори против криминалот со памфлети и со закони кои се неприфатливи и неупотребливи во Република Македонија. се бори со човечки фактор. Работа на Советот за безбедност беше да донесе препорака. Ваша работа е да ги стегнете безбедносните структури, да направите смени каде сметате. Знам дека знаете каде ви шкрипи и да ги смените. Работа на Претседателот е, ако веќе даде оставка директорот на Агенцијата за разузнавање и да стави професионалец, тоа е работа на полицијата, тогаш граѓаните ќе можат да шетаат слободно. На Дижонска се убија, на Центар се пука, секоја ноќ слушам рафали од преку Вардар. За која безбедносна состојба зборуваме дека е. Не сега, претходните 3-4 години, но тука е нашата вина.

Затоа сметам дека институциите во Република Македонија се главен генератор на кризата затоа што ни е добро, затоа што ни е фино, затоа што гледаме да си ги вработиме нашите најблиски, љубители сме на балет, сите експерти, од експерти од образование, здравство, сите експерти за безбедност. 6 години го работам тоа, но не стигнав да кажам ништо и немам што да кажам затоа што се кажавме. Кој ќе биде заклучокот, се согласувам со господинот Петковски, ќе биде една од седниците на која ќе се сликаме, вие не чините, ние чиниме, не чини никој од нас дами и господа, драги колеги пратеници.

Затоа почитувана госпоѓице министер, ве советувам две работи.

Првата е вратете се во Министерството и најдете модус дали преку Министерството, ако не преку Собранието со закон или вие ќе донесете уредба со законска сила или преку осигурувањето да им помогнете на овие што денеска еден загина, да помогнете на неговата фамилија и на останатите. Не по педесет по правилникот, помислете дека треба во следниот Буџет не да давате за компјутери, за музеи, најдете пари платете ја полицијата. Од тие 13 илјади што ги имаме, 8, 5 илјади полицајци се доволни за Македонија, но тргнете ги оние фрц-фрц полицајки што ги примате, конобарки, утре ќе примаме од “Змија” или од било каде и од која политичка опција на власт. Не може тоа така. Не може. Овде имаше професионалци, донесовте луѓе со по 4 фалти, колку повеќе фалти има на вратот повисоко е рангиран. Дали знаете дека имате професионални рекетари и зеленаши во УБК, дали знаете дека луѓе што имаат криминално досие ги примате во Шеста управа затоа што се нечии пријатели, кумови, другари. Не е тоа проблемот.

Втора работа, отидете утре во кабинетот, јас се согласувам дека не ви дадовме доволно време, јас мислам дека тука треба да бидам малку опозиционо ориентиран да ја напаѓам министерката затоа што сепак требаше да има доволно време да се подготви.

Но отидете, викнете ги првите соработници, нека ги оставаат шлеперите со цигари и другиот шверц. Ќе се тера и без нив. Прашајте ги кој е виновен и казнете ги. Ако не сте кадарни, мој совет е, бидејќи искрено мислам дека сте умни и чесни, заминете си на време, затоа што некој ќе бара и поинаква одговорност утре од вас. Благодарам.

**Бесим Догани:** Благодарам господине Рахиќ.

Реплика има господинот Павле Трајанов, повелете.

**Павле Трајанов:** Еве реплицирајќи на господинот Есад Рахиќ ќе кажам и за тракторите. Значи, тоа беше добро планирана операција каде што од рудникот Лојане, од една паравоена формација која што под притисок на воено полициските сили од Србија, Косово преминвуаше во нашата држава. Тогаш полицијата направи една мошне успешна

операција, одзема неколку тони оружје од рудникот Лојане, така да тракторот кој го возеле апсолутно и релевантно можеше припадникот на полицијата да отвори да пука и целата операција после тоа да биде компромитирана.

Инаку, се согласувам со господинот Есад Рахиќ дека петнаесетина години некој постојано не држи под заложништво дека ќе има војна, дека ќе има дестабилизација, но би било добро да каже која политичка партија таквата опција ја промовира и со таа практично опстојува на власт. Мислам дека тоа ќе биде во ред за да видиме кој во државата се залага за дестабилизација, кој се залага за хаотична состојба во која најлесно се снаоѓаат манипулантите и оние кои што сега ги нарекуваме олигарси. Треба да се знае која политичка партија е и кој поединец е за борба против организиран криминал и корупција, а кој ја спречува таа борба, кој што нанесе огромни, огромни зла во Република Македонија.

**Бесим Догани:** Благодарам госпдине Трајанов.

Контра реплика има господинот Есад Рахиќ, повелете.

**Есад Рахиќ:** Почитуван господине Трајанов, драги пријатели и колега Трајанов од Комисијата за безбедност, јас поставив прашање за кое што очекував да кажете кој ги смени генералите, ги стави помлади инспектори.

За планирање на полициска операција, која што вие ја спомнавте во Лојане, во тоа време сигурно биле луѓе што знаеле како се планира полициска операција. Конобарки од Барцелона или не знам од кој кафич може да планираат добра забава и ништо повеќе, меѓутоа тоа не е работа на полицијата. Јас затоа вас ве прашав и очекував некој од вас да одговори кој и зошто ги менуваше тие генерали.

Што се однесува до организираниот криминал јас не гледам дека на тие олигарси сега им фали влакно од главата и ви гарантирам дека “тресла се гора родио се миш” ништо од тоа нема да биде. Ќе се рекетира некој, ќе ги пушти на слобода, како што било и до сега.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине рахиќ.

Збор во времетраење од 13 минути му припаѓа на господинот Владо Бучковски, повелете.

**Владо Бучковски:** Почитуван министер, почидтувани колеги, јас бев еден од иницијаторите уште минатата недела да разговараме на оваа тема, но не сум поборник кога отвораме вакви прашања да собираме политички поени. Не беше идејата СДСМ или опозицијата да ги собере поените, туку да покаже дека имаме сериозен проблем во нашата држава, тоа е дека немаме демократска контрола на полицијата. Тоа најдобро го знае ДПА и затоа на денешнава седница најкорисните информации што се случуваше вчера госпоѓице министер ги даде претседателот на ДПА, за жал. За жал, вие не знаете што се случило. Јас ве предупредив да ги земете со вас двајцата директори. Тоа е поразително. Вие не знаете дека не била редовна служба. Вие не знаете дека командир не оди на полноќ на патрола. Вие не знаете не е редовна мешовита контрола да има еден припадник Албанец. Вие тоа за жал не го знаете, затоа што немате демократска контрола. И затоа што првиот пат кога се обидовде да направите нешто на своја рака ја дестабилизиравте Владата и Владата ќе паднеше на крајот на мај, кога влеговте во истиот регион сами, кога се побуни ДПА. Затоа мислев дека овде ќе зборуваме со политички разбирлив јазик. Да ви помогнеме вас да имате или можност да воспоставите демократска контрола, или да кренете раце да речете имам двајца кои не можам да ги контролирам. Едниот глуми нешто што не е негова улога, значи наместо да ги прислушува терористите, велите сте утепале еден терорист, тој ја прислушува опозицијата и ги рекетира бизнисмените. Оди секој ден кај Јавниот обвинител и се смее цела Меѓународна заедница. Другиот не го покажувате, велат дека е професионалец. Реков, донесете го барем Тодоровски да каже дали тој издал наредба, или се случило нешто друго. Вие бегате од одговорноста. Вие сте најодговорни, односно најодговорен е премиерот што сето ова го толерира.

Јас би сакал ова да биде последна, последна вакваопомена за Република Македонија и за вас и да биде последно изразување сочуство и на семејството на Халими и на другите двајца, на другите две семејства, затоа што не можеме да тврдиме сега ние што ги утепавме и се криминалци. Бил едниот терорист, како што велите, тоа значи бил припадник на ОНА. На 18 мај терорист, тоа значи бил припадник на ОНА. Тој треба да е амнестиран. Зошто не е амнестиран? Такви податоци требаше да ни дадете. Тачи кажа многу повеќе податоци. Не кажа дека убиениот, треба да кажеме е близок на ДПА, затоа што не може да се каже. Значи, командирот на полициската станица е близок на ДПА, затоа можеби рече дека е херој. Да беше Македонец ќе имавме поинаква ситуација, како некој можеби што некој посакуваше. Како некој то посакуваше. Затоа требаше да дојде директорот на ДБК да каже дали некои служби странски работат во овој момент против Република Македонија. Кој има најголема полза сега да има дестабилизација. Нема ДПА, нема ДУИ, најлесно ви е СДСМ да речете. Цело време велите СДСМ ќе ја дестабилизира Македониа. Чудо, не кажавте дека сакаме да ја ревитализираме. Дека ние организиравме да се оди со Лада-Нива и да загинат тројца во успешна операција. Срамота е тоа да го зборува младиот политиколог. Срамота е. Тоа е исто како да кажеме дека вие сте успешен хирург, направивте одлична операција ама пациентот умре. Тоа се случи. Умреа двајца пациенти, двајца ваши пациенти. Значи, вашата улога треба да биде да ги уловите да кажат дали се дел од мрежата, затоа што за еден од нив, за нивниот вујко имаше информација дека е соработник на една странска служба која сака

сега да има дестабилизирање на Република Македонија. Тоа требаше да го одговориме ние. Треба да правиме политичка контрола, не е тука Тито Петковски, не да попува, туку дел во Владата да праша што се случува. Да го праша Еленовски знае ли што се случува во вашиот сектор, безбедносниот сектор. Не да се криете. Не може министерот за внатрешни работи да не знае дека Советот за безбедност е советодавно тело. Не може да се криете сега зад претседателот Црвенковски, па и некои присутни. Сега ви е претседател, не е одговорен за ова што се случи вчера Советот за безбедност. Одговорни сте вие. Министерството за внатрешни работи е одговорно за одржувањето на јавниот ред и мир. Вие велите дека имало редовна служба. Не била редовна служба. Со тоа го излажавте Парламентот и треба или да се извините, или да ја кажете вистината. Имате можност. Ние ќе го исцрпиме нашето време, некој треба да каже зошто ја лажете македонската јавност. Сте имале добри намери, тогаш кажете, но не сте имале во овој момент кога дојдовте овде добра намера да не информирате, туку сакате нешто да скриете.

Како прво, ги потценивте заканите и во ова ваше интервју во саботата. Не смее да давате вие сега интервју. Треба да имате некој советник да ви каже нема потреба дополнително да иритирате такви криминалци кои се заканија и на вас и на вашиот премиер и на господинот Тачи, затоа што го обвинија ДПА, ве обвинија вас, тие биле вазали, не знам што, дека биле наместени, како што сега има шпекулации дека била наместена полициската патрола. Значи, не отишле тие да патролираат, туку отишле да го уапсат главно осомничениот, што велите дека е терорист. Кој ги намести, кој ги прати да влезат во заседа? И уште што е најстрашно. Не лажете овде дека имало само тројца. Не може да има тројца кога едниот тешко ранет се најде на Косово. Па извинете, овде од вашата група има неколку плавуши, па и кај плавушите не минуваат тие такви ваши кажувања. Реално не може на тој начин да не третирате дека може се да ни продадете. Значи, искрено речено јас очекував многу поголема сериозност од вас. Уште повеќе што се знае, сега кисело се смее некој кој минатата недела не веруваше дека може да дојде до ескалација. Требаше да бидете искрени и да кажете дека по мајските настани, веќе како што говореше господинот Тачи, полицијата онаму каде што има доминантно албанско население не може да прави операции ако за тоа не даде виза господинот Тачи, или господинот Рафет Елмази, вашиот заменик. Тоа е покоректно да го кажете и дека вчера сте заклучиле дека е подобро да се верува на господинот командир и дека без робусна операција ќе ја завршите работата, а се случило спротивното. Тоа е едната варијанта што ја шпекулираат денеска оние кои добро ги познаваат приликите во МВР.

Другите говорат дека станува збор за аматерска акција, бидејќи како што говореше и претходно мојот колега Рахиќ сите знаат дека направивте таква партизација на МВР, како што не е забележана. Ако во 1998 година кога ВМРО-ДПМНЕ го презема Министерството за внатрешни работи имаше во просек околу 800 промени на функционери, истата цифра се задржа и во 2002 година, во 2006 година бројката е веќе 2500. Она што го говорам сите веќе го знаат. Подземјето стана дел од структурите на Управата за безбедност и контраразузнавање, оние најосетливи служби кои треба да се борат против сето тоа. Партизацијата ја уништи ефикасноста на Министерството за внатрешни работи.

Значи, ова треба да биде поука за сите и кога некој вели како да саклучиме, прво треба да заклучиме вие овде да признаете дали имате можност да имате демократска контрола, цивилна контрола на Министерството за внатрешни работи дека ова беше неуспешна операција, со трагични последици дека во бегството на еден од оние кои требало да ги уапсат се вклучени тројца, петмина, 10, колку во овој момент застрашувачки се информациите кои ги слушате од известувачите кои се на терен, затоа што не може да се одзови полицијата.

Значи Ваксинце се солидаризирало и едното семејство на Исени и другото на Халими против полицијата. Против полицијата, тоа е застрашувачко. Две жртви во еден судир се солидализирале и против полицијата. Треба да кажете зошто. Ние сме овде треба да имаме политичка проценка. Што всушност се случи? Кој ги намести овие тројца полицајци и кој влезе во таква операција наместо да бидат живи фатени, условно речено тие што ви се заканувале или што не се амнестирани припадници на ОНА, кој донесе одлука да бидат информирани. Значи, сите информации говорат дека има многу пропусти. Затоа рековме дека треба да бидат двајцата директори тука. Тие да кажат за деталите кои нас не интересираат. Да имаме доволно искуство да прoцениме дали има политичка одговорност. Сега на крајот треба да заклучиме ние, така беше нашата идеја. да го осудиме настанот, да го повикаме Министерството за внатрешни работи професионално да ги извршува обврските, но и некој да ја понесе одговорноста. Ние политичарите да не го злоупотребуваме овој настан за да не дојде до ескалација на меѓуетничка нетрпеливост. Во целата оваа ситуација тоа е најбитно. Треба да се види која е моќта на ДПА, која е на ДУИ, некој говореше која е вашата лимитирана можност. Евидентно е Министерството за внатрешни работи таму ја изгуби довербата. Сега треба политичките партии, ние сме постконфликтно општество каде што ние мора да имаме и алтернативни методи како да дојдеме до целта. Не е само да кажете, лесно да дадете, јас можам да се појавам на секој центиметар на територијата на Република Македонија. Зошто не отидовте денеска таму? Зошто не отиде премиерот? Секаде се појавува,

зошто вечерва не отиде премиерот во Ваксинце да изрази сочувство.

(Реакција од место на пратеникот Мендух Тачи).

Браво, значи ако го однесе, на рамо да го качи, ушка, Тачи може ушка да го однесе. Во ред, ете ќе го однесе. Ќе го решиме ли со тоа проблемот. Нема да го решиме господине Тачи. За жал нема да го решиме. За жал нема да го решиме проблемот. Така проблемот не се решава и ако така, исто вака говоревте сега почнавте демек овие се криминалци, па и тогаш кога почна кризата за жал во 2001 година вие барабар со Љубчо Георгиевски велевте ова се криминалци, ова се бандити, ние ќе го решиме проблемот и видовме до кое дереџе стигнавме.

Јас не верувам на зборови. Верувам на дела. Веќе повеќе од четири месеци по кризата која настана по вашата најава за излегување од власта и по коментарите кои стигнаа од дел од бриверите и од првиот ред дека сте вие несериозни, дека сте вакви или онакви и дека подобро било ДУИ да биде во Владата дојде до некој пресврт. Требаше да падне тогаш Владата затоа што имало полициска операција каде што, веројатно вие не сте биле информирани се најдовте на острицата на нападот на граѓаните на Република Македонија кои се лојални  и кои за несреќа може да живеат во некое место кое за несреќа се вика Лојане. Би требало да асоцира на лојалност, но заради икс причини не е таму таква состојбата како што треба.

Затоа госпоѓице министер ова барање информација не беше насочено кон вас. Беше насочено кон сите нас да ја подигнеме малку свеста од опасноста која постои ако се обидеме да ја турнеме главата како ној во песок и да замижиме пред фактите. Ние имаме проблем во еден дел на територијата на Република Македонија. Со неколку криминални групации, но заради нив чувствуваат 95% од населението кое живее таму дека и тие се третирани како криминалци. Тие чувствуваат дека за тројца, петмина или седумина другите имаат третман, како некој што рече, како Евреите во нацистичка Германија, или имаат чувство дека се репресирани. Тоа е само ваша одговорност.

Јас и уште кога ја биравме Владата најтопло му препорачав на претседателот на Владата дека за министер за внатрешни работи во вакви околности треба да има поискусен човек. Комбинациите кои ги слушам дека ви нудат друго место топло ви препорачувам најдобро е да заминете и да станете потпретседател на Владата, нека донесат овде некој што може да се справи со реалните опасности кои и претстојат на Република Македонија ако на овој начин продолжи да се справува со проблемите кои навидум се минорни но можат да ескалираат. Благодарам.

**Бесим Догани:** Благодарам господинеБучковски.

Реплика има господинот Влатко Ѓорчев, повелете.

**Влатко Ѓорчев:** Благодарам потпретседателе.

Господине Бучковски мене ми е многу јасно, а и на целата македонска јавност зошто сте вие лути, ќивни и незадоволни од МВР. Да се разбереме, МВР вас ви поднесе кривична пријава. Кривична пријава за која што одите на суд, за која што ви е одземен пасошот и тн. и тн. Кривична пријава во која што вие сте купиле не знам колку илјади менувачи за тенкови, ако не се лажам ја слушнав бројката, вие корегирајте ме, подобро знаете, 3000 мењачи од прилика. Сега има во вашата пратеничка група, го гледам Рилковски, Ацо Киров, Серафимов, Тале Герамитчиоски, веројатно Ристо Пенов возат кола околу 20-тина години, дали некој од вас било кога купил мењач за кола. Претпоставувам никој никогаш не купил мењач за кола, а сте сменилe сигурно по едно-две, три-четири возила. Е, нашиот Бучковски купил неколку илјади мењачи, така што многу е јасно како и зошто е направена работата и низ таа призма сигурен сум дека ја гледате работата на МВР, на министерката Јанкулоска која што покажа вонредни, вонредни резултати за кое нешто и тоа како некој е вознемирен, почнувајќи од вас па надоле и исто така исто такви резултати покажа и Сашо Мијалков и Љупчо Тодоровски, кои доблесно, професионално, со ефикасност ја извршуваат својата задача и своите обврски.

Денес потпретседателот на Собранието изнесе една теза која што мислам дека навистина држи, а тоа е дека во моментот имаме пресметка со криминалот во албанските сегменти на нашето општество. Да, навистина за прв пат во нашето општество имаме ситуација каде што генерално имаме борба која што е неслективна и по етничка линија, затоа што ако ги видите проектите кои што се случуваат и процесите се позитивни. Денес судија, судија поранешен во гостиварскиот суд Албанец иницијатива на претседателот на Републичкиот судски совет Албанец доби казна од две ипол години, ако не се лажам од судија Албанец. Понатаму, Албанец полицаец гонел бандити и криминалци, луѓе кои што имаат богато криминално досие во липковскиот крај. Значи, имаме стабилизирање на тлото и процеси кои што се позитивни за Република Македонија. И не ја спомнувајте туку така 1998 година, затоа што тогаш имаше 2,4% Албанци во полицијата. Она, што во моментот го прават 15 или 17 или 18% Албанци во нашата полиција најдобро сведочи денешниот Фатмир Халили, кој што со својот живот и со своето тело...

(Потпретседателот претседавач го опоменува господинот Ѓорчев дека времето му истекува).

Се извинувам потпретседателе уште 10 секунди.

Беше на страната на законот. На телевизија Телма видете ја репризата убаво, што кажа селанецот од Ваксинце. Вели, кој е тој што правел дар мар во селото, вели тој кој што не го почитувал законот. Тоа е целиот одговор. Благодарам.

**Бесим Догани:** Благодарам.

Контра реплика за господинот Владо Бучковски, повелете.

**Владо Бучковски:** Значи, најпрвин за колегата пратеник кој е експерт за се нема да зборувам. Нека погледне, нека го следи понатамошниот тек на истрагата, затоа што е истражен судија во сенка и да види на крајот како правдата ќе победи. Тогаш ќе има дополнителни задачи што ќе треба да истражува, затоа што многу работи во меѓувреме што ние ги собираме ќе бидат добро четиво за него во моментите кога ќе биде опозиционер.

Второ, секогаш се плашам кога од говорницата на овие теми ќе го видат Влатко Ѓорчев. Ми се враќа една слика од 2001 година кога го видов него во Белви со една група на други млади луѓе што гледам сега не се со Љупчо Георгиевски, туку се околу Никола Груевски, како аплаудираа на секое испукување на ракета од хелихоптерите на Армијата на Република Македонија и на секој артилериски плотум и како пееја, чиста, чиста, чиста Македонија. Тој не може мене да ми зборува овде за меѓуетничка толеранција.

(Реакција на пратениците од позицијата)

**Бесим Догани:** Ве молам, ве молам господине Ѓорчев, ве молам. Господине Ѓорчев ве молам.

Госпоѓа Куновска Јагнула, повелете.

**Јагнула Куновска:** Почитувани колеги, оваа држава има институција за безбедносен систем што очигледно денес, после сите овие дискусии што ги слушавме, некој сака да го руши.

Конкретно, министерката за внатрешни работи, иако е жена, таа има машко срце. Таа се зафати да се справи со криминалот кој во Република Македонија се таложи цели 17 години и многумина од дискутантите денес што се дрзнуваат да ја напаѓаат, допринеле оваа држава денес да се наречува криминализирана. Од друга страна, за жал, иако сме правници повеќето тука од нас односно доста од дискутантите, по однос на правната процедура која се должи на овој случај, ние не сме стрпливи.

Овој случај од ноќеска, не требаше денес да се расправа во Собранието, односно за него денес ние пратениците во Собранието, не требаше да расправаме. Не случајно и јас гласав против расправањето за овој случај.

Министерката пред малку кажа само што заврши увидот на лице место, од страна на истражниот судија, што значи во тек односно отпочна истрагата за разврска и расветлување на овој случај. Што бараме ние денес да расправаме и да бараме одговорност од министерката која ниту може да каже, ниту смее да каже детали како што ние бараме тука. Сега, некој од нас се обидува да префрли не само на министерката, туку на целата Влада на Република Македонија дека јавноста во Македонија се лаже. Ве молам, со што и за што се лаже јавноста во Македонија. Јавноста во Македонија добро знае дека опозицијата односно многумина од неа се тие кои сакаат да ја разнебитат Македонија и кои, еден ваков банален, може да се каже, криминален случај, како што многу се случуваат и во нашата земја и надвор, сакаат да го искористат и да кажат Македонија е дестабилизирана земја односно дека Владата па и министрите во таа Влада треба да си дадат оставка за тие да дојдат на тој начин на власт. Пред се, тоа е некоректно однесување на дел од пратениците, па нека се тоа опозиција во Македонија која секогаш треба да биде конструктивна и реална, кога се работи за конкретно збиднување. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам госпоѓо Куновска.

Една минута контра реплика за господинот Владо Бучковски, повелете.

**Владо Бучковски:** Јас не зборувам дали е вакво или онакво срцето на министерот Јанкулоска и нема потреба да и се додворувам затоа што отворено се неа се конфронтирам за доброто на Република Македонија. Но, госпоѓата Куновска, очигледно по обвинувањето за политичка корупција има и те како прилика вака да и се умилкува, ја користи оваа прилика односно има потреба и ја користи оваа прилика максимално добро како што ги користеше последните неколку прилики кога упорно се обидува нас од опозицијата да ни докаже нешто што на сите во Република Македонија им е кристално јасно.

**Бесим Догани:** Благодарам господине Бучковски.

Има реплика министерот за внатрешни работи, повелете.

**Гордана Јанкуловска:** Благодарам потпретседателе.

Јас од поодамна се јавив за збор во делот на првичното излагање на пратеникот Бучковски со цел да дадам дополнително појаснување за неточно изнесени факти.

Значи, во делот во кој зборував за составот на полициската патрола и во делот на лицата кои биле во таа полициска патрола, би сакал дополнително да појаснам нешто што претходно не беше кажано, но ценам дека е важно, а тоа е дека полициската патрола, модерна полициска патрола беше составена од овластени службени лица од Полициската станица Матејче и овластени службени лица од посебната мобилна единица на полицијата. Тоа во голема мера го објаснија и вашите сопартијци, но еве уште еднаш во интерес на точна презентација на фактите, ќе го повторам и јас, како што реков, моето воведно излагање е базирано на првичните сознанија затоа што во мементот кога се обратив на Собранието увидот на лице место беше сеуште во тек и записникот не беше изготвен.

Во текот на седницата се јавив повеќе пати да презентирам дополнителни факти кои произлегуваат од комплетирање на записникот, на лице место, за кој веќе зборував. Благодарам.

**Бесим Догани:** Благодарам.

Една минута господин Владо Бучковски, повелете.

**Владо Бучковски:** Госпоѓице министер, ние се обидувавме десет часа да ви докажеме дека поинаку стојат работите.

Ако ова треба да го прифатиме како ваше извинување до пратениците, зошто не лажевте девет и пол часа. Значи, ако не се јавеше Оливер Спасовски да каже, затоа што тој е од Куманово, цело Куманово веќе бруи дека Алфите од Куманово учествувале во операцијата и дека еден нивни колега е ранет, вие упорно ќе тврдевте дека е обична мешовита патрола. Знаеме дека не е обична патролата и знаеме дека многу работи беа оваа ноќ или рано утрово, необични, на потегот меѓу Полициската станица Матејче и селото Ваксинце.

**Бесим Догани:** Ви благодарам.

Госпоѓице министерке вие сте за збор.

Ви преостанува прво да завршиме прво со репликите, па после вие да земете збор.

Во процес е реплика - контра реплика.

За реплика се јавил само господинот Мендух Тачи, повелете.

**Мендух Тачи:** Благодарам.

Очигледно колега многу ги сакате Албанците и ќе ви зборувам албански.

Мислам дека вашите тези се опасни, несериозни, не дека има деконцентрација.

Јас ќе се потрудам да дадам неколку факти и аргументи дека тоа што го кажавте вие не држи.

Господине Бучковски вие бевте премиер и мислам дека неколку работи ги знаете.

Ако сакате да ги споредите стручните аспекти на албанскиот кадар на оваа актуелна влада и на вашата влада, дозволете ми да кажам само 4 имиња и тоа Рефет Елмази, стручњак парекселанс. Заменикот на Управата за УБК, стручњак 20 години. Заменик на Управата за јавна безбедност, стручњак 20 години. Доколку се спореди со Фатмир Деани кој го имавте вие, си игравте и ги потценувавте, не сте ги прашувале за ништо, ги сметате како кадар на ДПА, во тоа грешите.

Второ, не можете да говорите за Мендух Тачи и за ДПА. Вие треба да имате предвид дека Рефет Елмази е заменик министер за внатрешни работи, по закон и Устав.

Вие треба да имате предвид тоа дека покојниот командир на Полициската станица е полицаец, не е активист на ДПА за да биде командир на полиција. Со закон е одлучено да биде командир на полицијата што во ваше време беше полицаец.

Има еден друг проблем. Повторно ќе ве вратам кај големиот анти албански елан, како СДСМ што сте го имале, со ударите со ракети, но вие заборавате дека влеговте во Кондови вие кога бевте премиер, ги егзекутиравте луѓето кога спиеја, го убивте Џафери, го ранивте Фатмир Љуми, не го најдовте Агим Красниќи.

Вие сега мислите, овие акции кога треба да се егзекутираат луѓе, се постручни.

Вие говорите дека колегата Ѓорчев аплаудирал, но заборавате дека ќе излезе Даут Реџепи да ви каже дека вашите сили убија 11 цивили во 2001 година, во селото на господинот Даут Реџепи, а вие бевте командандт на тие сили. Разните зборови дека бил Трајковски или некој друг, не се ефективни.

Уште еднаш ќе кажам, уште на почетокот во на Владата реков дека, ако го одиграте уште еднаш Хамлет, внимавајте, ова ќе биде само пародија. Вие Хамлет не можете да го одиграте, апсолутно од причина што на граѓаните Албанци јасно им е анти албанската ориентација на партијата на која и натаму и припаѓате. Јас ви давам факти дека луѓето за кои се говори ви полнеа кутии со гласови за главниот криминалец кон албанците, Бранко Црвенковски, а вие сега продавате памет, ВМРО била анти албанска партија. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам.

Една минута контра реплика за господинот Владо Бучковски, повелете.

**Владо Бучковски:** Господине Тачи можете да тврдите дека сум деконцентриран, но не сум. Не сум. Политички сум концентриран во левицата и таму ќе си останам, во опозицијата и секој пат ќе ми биде мило на вакви теми да разговарам со вас и со десницата. Не можете да го направите Владо Бучковски албанофоб, или да тврдите, еве го отиде во Ваксинце, јас и било кој миленк од овие, со Влатко Ѓорчев и да не оставите сами, ќе видите колку луѓе ќе поминат, ќе го плукнат Владо Бучковски или ќе го поздрават, а колку Влатко Ѓорчев. Може и во Кондово.

Значи, не ги извртувајте тезите, не продавајте приказни. Една година сте власт. Не треба секој пат да излегувате со теза, овој бил криминалец, полнел кутии. 273 илјади гласа еден кандидат за претседател имаше кога бевте вие шеф на парадата. Вие сте туто и тути капи. Благодарам.

**Бесим Догани:** Благодарам господине Бучковски.

Има збор министерот за внатрешни работи, повелете.

**Гордана Јанкуловска:** Ова е во контекст повторно на претходната дискусија, веќе станува безпредметно.

Господине Бучковски се јавив за збор за повторно да го исправам вашиот погрешен наод. Јас само презентирав дополнителни информации кои Собранието треба да ги знае.

По однос на составот на полициските патроли, првичната бројка е бројката на лицата кои имаат последици. Бројката на учесници воопшто не беше денес предмет на дискусија на ова Собрание. Првичната информација, можете да ги погледнете стенографските белешки, меѓутоа веќе станува безпредметно, не би сакала последните минути од дискусијата да ги одземеме со техничко податоци. Сепак, останува на тоа дека е направена корекција на вашиот погрешно изнесен наод.

**Бесим Догани:** Благодарам госпоѓице министерке.

Господине Бучковски, не беше збор и дадов реплика на минстерката.

Ве молам, се договоривме да имаме по два часа за говор. Вашите два часа поминаа. Така што можам да му дадам збор само на господинот Хасипи во овие последни минути, или процедурално да му дадам збор на господинот Алити.

Повелете господине Алити.

**Рафис Алити:** Благодарам.

Вистина е дека се договоривме два часа говор за позицијата, два часа за опозицијата, но истовремено се договоривме претставникот на Министерството да земе еднаш збор, меѓутоа неколку пати се јави за збор, што значи ние толериравме и рековме не да завршиме во 20,00 часот бидејќи имавме ситуација почнавме во 15,00 часот ќе завршиме во 20,00 часот. Меѓутоа, ние почнавме во 15,20 часот, оставивме да биде толерирано до 20,30 часот. Значи останува на вас да дадете збор посебно на пратениците од опозицијата.

**Бесим Догани:** Господине Алити, госпоѓата министерка времето на говорот го вкалкулира во времето на позицијата. Така што, како и да е бесцелно е да се разговара повеќе, бидејќи вашите два часа кои ги побаравте се искористени. Позицијата има уште половина час, но тие не сакаат повеќе да ја одоговлекуваат дискусијата по оваа точка. Така што после господинот Макрадули кој само една минута ќе зборува, останатото време да му го дадеме на господинот Хасипи и да ја заклучиме расправата.

Повелете господине Макрадули.

**Јани Макрадули:** Почитуван потпретседателе, бидејќи сакате да ја завршите седницата, согласно член 78 каде пишува дека Собранието по претресот по секое прашање може да заврши или со донесување на акт, или да донесе заклучок. Бидејќи во овој момент немаме заклучоци, но ние ги подготвуваме, би сакал да замолам денес да ја затворите расправата, но утре во 11,00 часот да се гласа за заклучоците што би ги предложиле без расправа. Тоа е нашата молба, во име на СДСМ.

**Бесим Догани:** Благодарам господине Макрадули.

Тоа да, меѓутоа јас би ве замолил да раговарате со пратеничките групи за заклучоците кои ги имате за да има разбирање во текот на гласањето.

Сега му давам збор три минути на господинот Кенан Хасипи, повелете.

**Кенан хасипи:** Благодарам потпретседателе, нема да ви одземам веројатно ни три минути.

Јас и колегата Хади Незири, ако не се лажам, бевме меѓу ретките кои при гласање за тоа дали да се расправа по овој трагичен настан, бевме воздржани. Не заради тоа што немавме сожалување кон загинатите и тешко повредените и за сериозноста на ситуацијата, туку заради тоа што од расправата точно проценивме дека за жал овој трагичен настан некои ќе го искористат за политички маркетинг. Јас заедно со мојот колега не сакавме да бидеме дел од таквиот декор. Токму од тие прижини се оградувам од сите оние кои дискутираа во таа насока. На семејството на загинатиот Фатмир Халили им упатувам изрази на наше длабоко сочувство. На тешко повредените што побрзо оздравување, а на сите нас драги колеги дефинитивно да се освестиме во чие име сме овде и која ни е работата. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам.

Тука го заклучувам претресот по информацијата за последните случувања во Ваксинце и рефлексии по безбедносната ситуација во Република Македонија.

Продолжуваме утре во 11,00 часот со изгласување на заклучоците, а потоа одиме по ред со втората точка итн.

(Седницата прекина со работа во 20,00 часот)